Во училиштето има 5 ученици со посебни образовни потреби и тоа 4 со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ и еден ученик со наод и мислење од Завод за ментално здравје – Скопје. Согласно стручните проценки со 4 ученици се работи според ИОП, а со еден ученик со модифицирана програма. Со Одлука донесена од директорот на училиштето, согласно законската регулатива, формиран е Училиштен инклузивен тим, кој работи според изготвена програма, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. За сите ученици со посебни образовни потреби постои Инклузивен тим за ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог). Согласно со дидактичките упатства добиени од специјалниот едукатор и рехабилитатор и пропишаната процедура за изготвување на ИОП, наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат. Два пати годишно инклузивниот тим за ученик прави ревидирање на поставените цели во индивидуалниот образовен план со очекуваните резултати, по потреба се врши корекција и за истото се изработува извештај. ООУ„Мите Богоевски“ - Ресен, има склучено Договор за соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Кочо Рацин“ - Битола, со цел обезбедување поддршка при имплементирање на инклузивното образование. За учебната 2025/2026 година, од страна на ресурсниот центар, изготвен е Годишен план за поддршка на училиштето. Оваа учебна година, училиштето до ОУРЦ „Кочо Рацин“ - Битола, навремено има доставено барање за обезбедување на 1 образовен асистент и  училиштето го има добиено за тековната учебна година.

## 6. Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијативи на наставниците и родителите. Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено и Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Во таа насока, потпишан е Меморандум за соработка со ООУ„Стив Наумов“ - Општина Битола, и Меморандум за соработка со ООУ„Тошо Велков - Пепето“ - Општина Кавадарци како и меѓународно збратимување со основно училиште од Р. Туркије - Акшемседдин Имам Хатип од Болу. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебна реализација на заеднички активности.

Постојат примери на соодветно вградени особености на локалната средина, во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Училиштето редовно се вклучува во разновидни акции, организирани од локалната заедница, хуманитарни акции, спортски натпревари, организирани посети на општината и слично.

Училиштето, во сите наставни програми што се реализираат, има разработени насоки за вградување на меѓупредметни цели.

Училиштето на состаноците на формалните органи, дискутира за применливи наставни планови и програми, во однос на нивната преобемност и прилагоденост на возраста на учениците и нивните развојни карактеристики, дополнување или иновирање. Во училиштето постојат приоди за планирање на наставата и вонаставните активности, додатна настава, дополнителна настава односно кога сите наставници треба планирањата да ги предадат кај стручната служба.

Годишните и тематските планирања на наставниците се доставија до стручната служба на почетокот на учебната година. Доставувањето на планирањата на наставниците беше навремено, во електронска и печатена форма и истите се изготвени за период до крајот на наставната година. Континуирано се следеа планирањата од стручната служба во училиштето .

Сите наставници  изготвуваат годишни, тематски планирања и  изготвуваат неделни планирања и сценарио за наставен час. Планирањата на наставниците ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата.

Постојат голем број реализирани активности од аспект на меѓуетничкаtа интеграција како на ниво на училиште, така и со партнер училиштата.

Во училиштето од страна на наставник се изработува распоред за настава и тоа за редовната настава, додека распоред за додатна, дополнителна настава и слободни ученички активности се изработени на месечно и годишно ниво  од страна на наставниците индувидуално и истите се истакнати  на видно место . Според изготвените распореди  се реализираат сите наставни и воннаставни активности.

## 7. Наставен процес

Постои заемна соработка на наставниците во процесот на изработување на годишните и тематски планирања,тие разменуваат искуство по стручни активи кои ги има пет во училиштето. Ова е пример за многу добро функционирање на училиште во кое наставата  се реализира двојазично.

Наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. По сите наставни предмети постои работна дисциплина и атмосфера на часовите.

Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол, националност  и социјално потекло.

Училиштето има процедура за следење на наставниот процес од страна на Директорот и стручната служба. Најмалку по еднаш во полугодие сите наставници се посетуваат со претходно изготвен распоред и известување. При посета на наставата се води уредна евиденција, во која се евидентираат сите активности на часот, се дава повратна информација на наставниците.

## 8. Постигнување на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат тримесечни, полугодишни и годишни извештаи од страна на стручната служба  во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, образовни периоди, паралелки, наставни предмети и по наставен јазик на кој се изведува наставата (македонски и турски јазик). За истите, освен во пишана форма, се изготвени и презентации кои се презентираат на наставнички совет, совет на родители и УО.

Во однос на запишани ученици во училиштето може да се констатира дека бројот на ученици секоја година е скоро идентичен. Вкупниот број во 2023/24 година бројот на запишани ученици е 561, во учебна 2024/25 година бројот на запишани ученици е 553. Во оваа учебна 2025/26 година бројот на запишани ученици е 557.

Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците во тековната учебна година  изнесува:

| **Успех на учениците на крај од учебната 2025/26 година** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Одд.** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | **IV-IX** |
| **Мак. јаз.** | **4.34** | **4.68** | **4.03** | **4.40** | **4.50** | **4.35** | **4.43** |
| **Тур. јаз.** | **4.44** | **4.24** | **4.06** | **4.50** | **4.01** | **4.39** | **4.29** |
| **Збирно за целото училиште:** | | | | | | | **4.36** |

Во училиштето се спроведува советување на родители од страна на психологот после секој одделенски совет за што се води уредна евиденција.

Учениците учествуваат на натпревари кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво, како и организирани натпревари од училиштето, од интернационален карактер .

Училиштето презема активности за да ги промовира постигањата на учениците. Најголемиот број наставници го користат пофалувањето како начин на

мотивирање за поголеми постигања и тоа во одделението, на одделенските совети и на наставнички совет.

Промовирањето на постигањата на учениците во рамки на училиштето се врши со доделување на пофалници и награди на учениците што постигнале високи резултати на натпревари, според Правилникот за пофалби и награди. Во училиштето на видни места се поставени пехари, награди, пофалници и други потврди на успесите на учениците и нивните наставници.

Надвор од училиштето, постигањата на учениците се промовираат преку училишната веб-страница (http://mitebogoevski.edu.mk) и преку фејсбук-профилот на училиштето, како и преку учество на ученици на разни натпревари, конкурси, хуманитарни, културни акции и други вонваставни активности. Училишните постигања се објавуваат и на официјалната страна на општина Ресен.

Училиштето ги следи постигнувањата на учениците  и по сите наставни предмети во текот на целата учебна година. Се изработуват прегледи за успех по наставни предмети и по квалификациони периоди. Од страна на психологот се изработуваат споредбени анализи за постигнатиот успех во сите квалификациони периоди. Постигнатиот успех и поведение, како и изостаноците се споредуваат со повеќе изминати учебни години. Се врши анализа на постигнувањата на учениците при преминот од одделенска во предметна настава, како и при преминот од описно во бројчано оценување. За постигањата на учениците редовно се известуваат родителите преку родителски средби и давање на евидентни листови за успехот и поведението и по електронски пат.

За постигнувањата на учениците со посебни образовни потреби се врши континуирано следење на постигнувањата од страна на инклузивниот тим за ученикот, се прави ревизија на индивидуалниот образовен план во соработка со дефектологот, наставниците и родителите.

За подобрување на постигањата на учениците наставниците применуваат различни методи на работа (активни методи на работа во групи, тимска работа, изведбени активности, разговор, истражувачки активности, презентација и демонстрација, проектни активности, употреба на ИТ уреди  во наставата, користење на интерактивни табли со употреба на дигитални алатки).

Училиштето врши следење на постигнувањата на учиниците во текот на основното образование и согласно Правилникот за видот на пофалби, награди и педагошки мерки .

Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигњата на учениците. Конкретни активности од стручната служба за поддршка на учениците за подобрување на резултатите:

-Разгледување на постигањата на учениците на одделенските и наставничките совети и на ниво на активи, при што се предлагаат мерки за подобрување на состојбата.

-Евидентирање на учениците со посебни образовни потреби и учениците со потешкотии во учењето и следење на нивните постигања, органзириање дополнителна настава, индивидуална настава од страна на дефектологот.

-Зголемување на соработката со родителите на децата кои покажуваат послаби резултати.

-Поттикнување на подобрите ученици со пофалници, награди и др.

-За работа со надарени ученици наставниците изготвуваат посебни наставни планови и програми за додатна настава.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање повратна информација на родителите и учениците за оценката.

За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тримесечие, и свидетелства на крајот на учебната година.

Наставниците редовно ги ажурираат податоците во е – дневникот.

## 9. Оценување

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето.

Во оценувањето на учениците се применуваат разновидни методи.

Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно.

Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата.

Оценувањето во училиштето е континуирано и се следи од страна на раководниот тим на училиштето и стручната служба. Нашето училиште има усогласена и писмено дефинирана политика за оценување која е базирана на прифатените определби на ниво на државата во врска со оценувањето, анализата на состојбите со оценувањето и постигањата во училиштето и е основа за планирање на оценувањето.

Предмет на оценување е напредувањето на ученикот во постигнувањето на воспитно - образовните цели под влијание на наставниот процес и другите воспитно - образовни активности, утврдени со планот и оваа програма. Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците

При определување на оценката се зема предвид обемот и квалитетот на усвоените знаења, работните навики, оспособеноста за примена на знаењата и развојот на способностите на ученикот. Се следи, проверува и се оценува оспособеноста за практична примена на знаењето во нови ситуации, се испитуваат способностите, интересите, ставовите и убедувањата. Оценувањето, пред сè има за цел да го подобри учењето и постигнувањето на учениците.

Во наставата централно место има следењето на учењето на ученикот и

формативното оценување. Процесот на проценка и бодирање на постигањата на учениците беше соодветен на методот на оценување и се спроведува според воспоставени процедури и упатства. Учениците, исто така, беа соодветно информирани за критериумите на оценување. Информирањето на учениците и родителите беше навремено, јасно и точно на почетокот на учебната година за секој наставен предмет. Наставниците водат портфолио за секој ученик и портфолио за наставник. Во ученичкото портфолио се евидентираат постигнувањата на учениците и тоа содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оцена. Наставничкото портфолио содржи репрезентативни примероци од изработки на учениците, инструментите со кои се следат учениците, план за реализација на наставни и воннаставни активности, план за професионален развој на наставникот, докази за постигањата на сите натпревари и посетени обуки и семинари. На почетокот на учебната година секој наставник изготвува индивидуален план за примена на формативното и сумативното оценување, почитувајќи ги стандардите за оценување по секој наставен предмет. Писмените проверки за постигнувањата на учениците се евидентираат во дневникот на паралелката на почетокот на учебната година. Се користат најразлични форми, методи и примена на различни инструменти за следење на постигнувањата на учениците (чек-листи, аналитички листи, холистички листи, листи за самооценување и др)

За постигнувањата на учениците се прават извештаи и споредбени анализи на одделенските и наставничките совети на крајот од секој квартал.

Според Законот за основно образование, учениците ќе се оценуваат описно и бројчано. Оценувањето ќе се изведува на следниов начин:

### 9.1. Видови оценување и календар на оценувањето

| Одделение | Вид на оценување |
|---|---|
| **I-III** | **Описно преку цела учебна година –во сите квартални периоди** |

| | |
|---|---|
| **IV-VI** | **Комбинирано (прво тримесечје-описно, полугодие-описно, трето тримесечје-описно и крај на година-бројчано** |
| **VII-IX** | **Бројчано преку цела година** |

**Календарот за оценување се одвиваше според следнава динамика:**

- оценувањето за **првото тримесечие** втората седмица од месец ноември 2025 година;
- оценувањето за **првото полугодие** последната седмица од месец декември 2025 година;
- оценувањето за **третото тримесечие** втората седмица од месец април 2026 година;
- оценувањето за **крајот од наставната година** 10.06.2026 година.

## 9.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведениeто на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој.

За постигањата на учениците, во училиштето постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските раководители, предметните наставници и родителите.

Наставниците за својата паралелка подготвуваат извештаи и анализи, по квартали, врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар. Извештаите се достапни за сите други наставници. Родителите и учениците се информираат на одделенскиот час, родителските средби и Советот на родители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно - образовниот процес.

Напредокот, постигањата на учениците во одделенска настава се следи преку водење на писмена евиденција и ученичко портфолио по секој предмет за секој

ученик. Тимот за следење, анализа и поддршка има изготвено операционализиран план за следење и изготвува извештаи квартално - по тримесечија и за цела година. На ниво на училиште сите наставници изготвуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи за својата паралека. Изготвените извештаи за постигањата се разгледуваат на Наставничкиот совет, Советот на родители, Училишниот одбор и се усвојуваат. Процедурата за поплаки и жалби по добиени оцени е утврдена во изготвениот Правилник на училиштето. Следењето и вреднувањето на постигнувањата на учениците од предметна настава се остварува според Планирањето за следење, проверување и оценување почитувајќи ги Стандардите и критериумите за вреднување на постигнувањата на учениците. За вреднување на постигнувањата на учениците систематски се применуваат повеќе методи и инструменти при формативното и сумативното оценување. Училиштето врши следење на постигнувањата во реализација на програмите, анализа на резултатите по предмети и прараралелки, како и индивидуални постигнувања на учениците. За вреднување на постигнувањата на учениците, наставниците применуваат различни постапки и инструменти со цел да се зголеми објективноста во оценувањето и да се зголеми мотивот за постигнување повисоки резултати.

Вреднувањето на работата на наставниците се врши од страна на Директорот и стручните соработници и истато ќе биде насочено кон:

- Следење на организацијата на воспитно-образовната и воннаставната работа;
- Перманентно стручно педагошко и психолошко усовршување на наставниот кадар во училиштето;
- Увид во годишните и тематските планирања на наставните и воннаставните активности;
- Следење на остварување на стручните материјално технички и дидактичко методски подготовки за реализација на наставата;
- Примена на современи наставни методи, техники и стратегии на учење и поучување како и примена на електронски образовни технологии;

- ➢ Следење на оценувањето;
- ➢ Следење на ангажираноста на наставникот во работата во стручните органи и тела во училиштето и пошироко, како и соработка со родителите.
- ➢ За таа цел се води Професионално досие и Педагошки картон за секој наставник и стручен соработник

### 9.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во тековната учебна година се реализираа планирани стручни посети од Директорот и стручите соработници за наставите часови и воннаставите активности.

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Посета на часови од редовна настава во паралелките од прво до петто одделение во Централното училиште** | Да се увиди степенот на стекнатите знаења на учениците и примената на современи наставни форми, методи и средства за работа | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | октомври – ноември<br><br>март - април | **Стекнување на нови знаења, умеења и навики на учениците во согласност со планираните наставни содржини од Глобалните и Тематските планирања** |
| **Посета на часови од редовна ( настава во паралелките од прво до петто одделение во ПУ с. Јанковец и ПУ с. Болно** | Да се увиди степенот на стекнатите знаења на учениците и примената на современи наставни форми, методи и средства за работа | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | ноември<br>април | **Стекнување на нови знаења, умеења и навики на учениците во согласност со планираните наставни содржини од Глобалните и тематски ефекти** |
| **Анализа на посетени часови со акцент на очекувани исходи на час** | Утврдување на недостатоци во реализација на активности | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | октомври - ноември<br>март- април | **Презентација на добиени сознанија на наставнички совет и објективни сознанија за наставниот процес** |
| **Посета на часови од редовна настава во паралелките од предметна** | Да се увиди степенот на стекнатите знаења на учениците и употребата на | Директор и Стручните соработници<br>Наставници од предметна | октомври – ноември<br><br>март - април | **Примена на наставните содржини од Глобалните и Тематските** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **настава кај секој предметен наставник** | современи наставни форми и методи и средства за работа | настава | | **планирања и стекнување на нови знаења, умеења и навики на учениците** |

## 9.4. Самоевалуација на училиштето

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 103/0, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 10/12 и 24/13) Општинското основно училиште ООУ. „Мите Богоевски“ – Ресен изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од две наставни години.

За таа цел, на предлог на Директорот на училиштето, Училишниот одбор формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

- Весна Рунчевска - психолог
- Бети Ќосевска - одделенски наставник, наставник – ментор
- Владо Масалковски – предметен наставник (македонски наставен јазик)
- Енѓул Хајдар – предметен наставник (турски наставен јазик)
- Љубица Ѓургевиќ - родител

Во процесот на самоевалуацијата активно учествуваше целиот воспитно-образовен кадар,со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

Оваа учебна година посветивме поголемо внимание на подобрување на училишната клима со што се подобрија резултатите во сите сегменти на воспитно - образовниот процес на училиштето особено на:

- Заемно почитување и доверба;
- Конструктивно решавање на конфликтите;
- Отворена и повеќенасочна комуникација.

Наставниците и учениците и сите вработени се грижеа за угледот на училиштето. Вработените со својата работа и однесување придонесоа за целосна афирмација на училиштето и истите уживаат респект кај родителите и учениците. Сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики се третираа подеднакво. Постоеше професионална соработка меѓу вработените од двата етникуми. Има Кодекс на однесување на учениците, наставниците и родителите како и Правилник за Куќен ред и истите се истакнати на јавно место. Беа определени одговорни наставници кои се грижеа за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивно заминување, изработен беше распоред за дежурни наставници кои водеа секојдневна евиденција .

## 10. Мисија и Визија

**Мисија**

**„Среќни ученици - задоволни родители - функционално училиште“**

Го поттикнуваме индивидуалниот развој на учениците и наставниците, градење личности свесни за своите права и должности, стекнување со знаење и вештини кои ќе претставуваат солидна основа за понатамошно продолжување на образованието. Поттикнување на толерантност, почитување, воспитаност и образованост, за меѓукултурна и меѓуетничка толеранција, соживот во мултикултурно општество, притоа почитувајќи го нивното мислење при донесување на одлуки.

**МОТО „Современа настава - изградена личност“**

**Визија**

Ќе се стремиме нашето училиште да биде пријатно и безбедно место за престој и работа во која учениците од различни етнички заедници со задоволство ќе доаѓаат и

стекнуваат нови знаења и вештини. Наставата во него ќе биде современа, ефикасна, квалитетна и прилагодена на потребите и интересите на учениците и наставниците .

## 11. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Врз основа на член 52 став 3 од Закон за основно образоавние (сл. весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20) и врз основа на календар за организација и работа во основните училишта, учебната 2025/26 година започна на 1.9.2025 год. во (понеделник) а заврши на 31.8.2026 год. Реализирани се вкупно 180 наставни денови.

Наставната година ја сочинуваат две полугодија .

- Првото полугодие започна на 1.9.2025 год. и заврши 31.12.2025 год.
- Второто полугодие на 20.1.2026 год. и заврши на 10.6.2026 год.

Во текот на учебната година учениците користеа зимски и летен распуст .

Зимскиот одмор започна на 1.1.2026 год. и заврши на 19.1.2026 год. За време на зимскиот одмор вработените од училиштето користеа платени работни денови.

Летниот одмор започна на 11.6.2026 год. и завршува на 31.8.2026 год.

Училиштето од 11.6.2026 год. до 20.6.2026 год. организираше дополнителна настава, поправни испити и одд. испити, од 17.8.2026 год. До 21.8.2026 год. организра подготвителна настава, консултации и други форми на помош на учениците кои треба да полагаат поправни и одделенски испити и ги спроведуваат истите .

Воспитно-образовната работа за учениците се органзиира во текот на целата работна недела

Во учебната 2025/26 година наставата се оствари во 180 работни денови за учениците од I – IX одделение.

### 11.1 Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

Училиштето во поголемиот дел имаше обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираа 22 наставници во одделенска настава (од кои настава на македонски наставен јазик реализираат 17 наставници и 5 на турски наставен јазик), 26 наставници во предметна настава или вкупно 48 наставници. Во училиштето наставниот кадар е соодветен во однос на образованието согласно Нормативот за наставен кадар. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар. Наставниците се од македонска и турска етничката припадност. Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето вршеше замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот и се вработува наставен кадар за замена на определено работно време.

| Одделение (паралелка) | Име и презиме на наставник | Наставен јазик | Наставен предмет | Бр.на ученици | Изборен предмет | Вкупен фонд на часови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Одделенска Настава** | | | | | | |
| I-а | **Мери Јанковска** | М | одд. настава | 22 | | 20 |
| I-б | **Наташа Гочевска** | М | одд. настава | 19 | | 20 |
| I-в | **Дујгу Дестановска (замена за Директор)** | Т | одд. настава | 10 | | 20 |
| II-а | **Соња Марковска** | М | одд. настава | 16 | | 20 |
| II-б | **Весна Кондовска** | М | одд. настава | 15 | | 20 |
| II-в | **Севим Максуд** | Т | одд. настава | 11 | | 20 |
| III-а | **Искра Симеоновска** | М | одд. настава | 15 | | 20 |
| III-б | **Силвана Трајчевска** | М | одд. настава | 18 | | 20 |
| III-в | **Селви Шаторовска** | Т | одд. настава | 12 | | 20 |
| IV-а | **Гордана Касовска** | М | одд. настава | 17 | | 20 |
| IV-б | **Ирена Гулевска** | М | одд. настава | 16 | | 20 |
| IV-в | **Гултен Максуд** | Т | одд. настава | 16 | | 20 |
| V-а | **Бети Ќосевска** | М | одд. настава | 18 | | 20 |
| V-б | **Весна Фузевска** | М | одд. настава | 16 | | 20 |
| V-в | **Шејла Бајрами** | Т | одд. настава | 12 | | 20 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПУ. с.Јанковец** | | | | | | |
| I | **Ленче Каранфиловска** | М | одд. настава | I 10 | | 20 |
| II | **Маре Котларовска** | М | одд. настава | II 5 | | 20 |
| III | **Весна Зузаровска** | М | одд. настава | III 10 | | 20 |
| IV | **Милица Котларовска** | М | одд. настава | IV 10 | | 20 |
| V | **Даринка Веслиевска** | М | одд. настава | V 8 | | 20 |
| **ПУ.с.Болно** | | | | | | |
| I – одд | **Марија Котларовска Трајчевска** | М | одд. настава | 2 | | 20 |
| IV- одд | **Николета Малевска** | М | одд.настава | 2 | | 20 |

## Предметна настава

| Одделение (паралелка) | Име и презиме на наставник | Наставен јазик | Наставен предмет | Бр.на ученици | Изборен предмет | Вкупен Фонд на часови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Класен раководител на VI-а** | **Марија Гошаревска** | **М** | **Англиски јазик:<br>3б -2<br>4а, б – 6 часа,<br>5а, б – 6 часа<br>9а, б – 6 часа** | **23** | | **20 + 1 = 21** |
| **Класен раководител на VI-б** | **Елена Рабаџиевска** | **М** | **Македонски јазик:<br>6а – 4 часа, 6б – 4 часа,<br>7а – 4 часа, 7б – 4 часа,** | **24** | **Поезија:<br>6б – 2 групи – 4 часа<br>Театарот, уметност на емоции:<br>6б – 2 групи - 4** | **20+1=21** |
| **Класен раководител на VI-в** | **Енѓул Хајдар** | **Т-М** | **Информатика:<br>6а – 2, 6б – 2, 6в – 2<br>7а – 2, 7б – 2, 7в – 2<br>Иновации:<br>9а, б, в – 3<br>Браќа** | **24** | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Миладиновци – Струга:<br>5<br>Есару - 6 | | | |
| Класен раководител на VII-а | Силвие Ивановска | М - Т | Француски јазик:<br>7а, б, в – 6<br>8а, б, в – 6<br>9а, б, в - 6 | 24 | Втор странски јазик:<br>6а, б, в – 6 | 24 +1=25 |
| Класен раководител на VII-б | Владо Масалковски | М | Географија:<br>6а, б – 2<br>7а, б – 4<br>8а, б – 4<br>9а, б – 4 | 26 | Извидништво:<br>8а – 2 групи – 4 часа<br>8б – 2 групи – 4 часа<br>Истражување на родниот крај:<br>9а – 2 групи – 4 часа | 22+1=23 |
| Класен раководител на VII-в | Ертан Шабединовски | Т | Математика:<br>6в – 5, 6б – 5,<br>7б – 4,<br>8в – 4,<br>9в – 4,<br>Физика:<br>8в – 2,<br>9в – 2, | 10 | / | 26+1=27 |
| Класен раководител на VIII-а | Весна Темелковска | М | Англиски јазик:<br>1а – 2,<br>6а, б – 6,<br>7а, б – 6<br>8а, б - 6 | 24 | / | 20+1=21 |
| Класен раководител на VIII-б | Никола Чоневски | М | Македонски јазик:<br>8а, б – 8,<br>9а, б – 8, | 22 | Поезија:<br>6б – 2 групи – 4 часа<br>Театарот, уметност на емоции:<br>6б – 2 групи – 4 часа | 20+1=21 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Класен раководител на VIII-в | Ертана Сулооџа | Т | Англиски јазик:<br>1в – 2,<br>2в – 2.<br>3в – 2,<br>4в – 3,<br>5в – 3,<br>6в – 3,<br>7в – 3,<br>8в – 3,<br>9в – 3, | 18 | / | 24+1=25 |
| Класен раководител на Ixa | Соња Стрезовска | М | Математика:<br>8а, б – 8,<br>9а, б – 8,<br>6а – 5 | 27 | / | 20+1= 21 |
| Класен раководител на IX-б | Христијан Башевски | М - Т | Музичко образоавние :<br>6а-1, 6б-1, 6в-1,<br>7а-1, 7б-1, 7в-1,<br>8а-1, 8б-1, 8в-1,<br>9а-1, 9б-1, 9в-1, | 25 | Проекти од музичка уметност<br>9а – 2 групи – 4 часа<br><br>Вештини на живеење:<br>7а – 2 групи – 4 часа | 21+1=22 |
| Класен раководител на IX-в | Алтај Абдуловски | Т-М | Македонски јазик :<br>4в-2, 5в-2<br>6в-2, 7в-2<br>8в-2, 9в-2 | 14 | Поезија:<br>6в – 2 групи – 4 часа (второ полугодие)<br><br>Театарот, уметност на емоции:<br>6в – 2 групи – 4 часа<br><br>Учам за моето здравје: 7в – 2 7б – 2<br><br>Справување со природни катастрофи:<br>7б -2 7в – 2 | 20+1=20 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Јовче Лазаревски** | **М** | **Физика :**<br>**7а-1, 7б-1**<br>**8а-2, 8б-2,**<br>**9а-2, 9б-2**<br><br>**Природни науки:**<br>**5а-2**<br>**6а -3**<br><br>**Дополнува во ООУ.Браќа Миладиновци с.Царев Двор со 5 часа** | | **/** | **20** |
| | **Суат Салиевски** | **Т** | **Историја :**<br>**6в-2, 7в-2,**<br>**8в-2, 9в-2,**<br><br>**Географија :**<br>**6в-1, 7в-2,**<br>**8в-2, 9в-2**<br><br>**Граѓанско образоавние :**<br>**7в-1, 8в-1, 9в-1**<br><br>**Природни науки**<br>**6в-3** | | **Извидништво:**<br>**8в -2**<br><br>**Истражување на родниот крај:**<br>**8в - 2** | **20** |
| | **Лазар Дечков** | **М** | **Историја :**<br>**6а-2, 6б-2,**<br>**7а-2, 7б-2,**<br>**8а-2, 8б-2,**<br>**9а-2, 9б-2**<br><br>**Граѓанско образование**<br>**7а-1, 7б-1**<br>**8а-1, 8б-1,**<br>**9а-1, 9б-1** | | **/** | **22** |
| | **Билјана Карапалевска** | **М** | **Биологија :**<br>**7а-2, 7б-2,**<br>**8а-2, 8б-2,**<br>**9а-2, 9б-2**<br><br>**Природни науки.**<br>**5б - 2** | | **Учам за моето здравје: 7а - 2**<br><br>**Справување со природни катастрофи:**<br>**7а – 2 групи - 2** | **20** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Јанковец**<br>5 – 2 часа | | | |
| | **Лепа Гештаковска** | **М** | **Англиски јазик :**<br>**Централно училиште**<br>**1б-2 , 2а-2**<br>**2б-2, 3а-2**<br><br>**ПУ.с Јанковец**<br>**I-2, II-2, III-2,**<br>**IV-3, V-3** | | | **20** |
| | **Анита Ќирановска** | **М** | **Англиски јазик :**<br>**I-2, IV-3** | | | **5** |
| | **Муамер Ибраимовски** | **Т** | **Турски јазик :**<br>**6в-4, 7в-4,**<br>**8в-4, 9в-4**<br><br>**Дополнува 4 часа во СОУ Цар Самоил Ресен** | | | **16+4 =20** |
| | **Зоран Станојковиќ** | **М** | **ФЗО:**<br>**4а-3, 4б-3,**<br>**6а-3, 6б-3,**<br>**8а-3, 8б-3,**<br>**9а-3, 9б-3** | | | **24** |
| | **Александар Фузевски** | **М-Т** | **ФЗО:**<br>**3а-3, 3б-3**<br>**6в-3,**<br>**7а – 3, 7б – 3, 7в-3,**<br>**8в-3,**<br>**9в-3** | | | **24** |
| | **Нико Пластиновски** | **М-Т** | **ФЗО:**<br>**2а-3, 2б-3, 2в-3,**<br>**4в - 3,**<br>**5а -3, 5б – 3, 5в – 3,**<br>**3в – 3,** | | | **24** |
| | **Миле Јовановски** | **Т-М** | **ФЗО:**<br>**Централно училиште :**<br>**1а, б, в – 9**<br>**ПУ с. Јанковец**<br>**I-3, II-3, III-3,**<br>**IV-3, V-3,** | | | **24** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Рејхан Ранак | Т | Биологија:<br>7в -2, 8в -2, 9в -2<br>Хемија:<br>7в – 1, 8в – 2, 9в – 2<br>Природни науки:<br>5в – 2, 6в – 3 | | | 16 |
| | Павлина С. Мицалевска | М-Т | Техничко образоавние :<br>5а, б, в – 6 час<br><br>Јанковец:<br>5 – 2 часа | | | 8 |
| | Силвана Божиновска | М | Хамија:<br>7а – 1, 7б – 1,<br>8а – 2, 8б – 2,<br>9а -2, 9б -2<br>Природни науки:<br>6б – 3 | | Учам за моето здравје:<br>7б -2<br>Справување со природни катастрофи:<br>7б - 2 | 3 |
| | Вангел Крстиновски | Т-М | Ликовно образование:<br>6а, б, в – 3<br>7а, б, в – 3<br>8а, б, в - 3<br>9а, б, в – 3<br><br>Дополнува во ОУ Гоце Делчев - Ресен | | | 20 |
| | Марина Ѓалевска | М | Математика<br>7а - 4 | | | 4 |
| | Жанета Савевска | М | Математика<br>6б - 4 | | | 4 |

### 11.2. Работа во смени

Во Централното и во подрачните училишта наставата се изведуваше во една (1) смена. Наставата започнуваше во 08:00 часот и наставниот час трае 40 минути.

### 11.3. Јазик/јазици на кој/и се изведуваше наставата

Наставата се реализираше на македонски и турски наставен јазик.

| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | **25** | **/** | **9** | **/** | **/** |
| **Број на ученици** | **417** | **/** | **129** | **/** | **/** |
| **Број на наставници** | **37** | **/** | **12** | **/** | **/** |

### 11.4. Комбинирани паралелки

Во основното училиште нема комбинирани паралелки.

### 11.5. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Странски јазици што се изучуваат во нашето училиште се **Англиски јазик** како прв странски јазик кој се изучува во вкупно 34 паралелки и се изучува од прво до деветто одделение и **Француски јазик** како втор странски јазик кој се реализира и се изучува од седмо до деветто одделение како втор странски јазик и за учениците од шесто одд. по новата концепција како втор странски изборен задолжителен јазик

### 11.6. Реализацијa на Физичко и здраствено образование со учениците

Наставата по Физичко и здравствено образование се реализираше со тандем наставници.

Во нашето училиште се реализираше тандем настава по ФЗО со учениците од прво до петто одделение. Ннаставата ја реализираа следните наставници: Нико Пластиновски, Александар Фузевски, Миле Јовановски, Зоран Станојковиќ. Изборот на задачи и активности за време на часот беше приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците.

### 11.7. Изборна настава

Покрај редовната настава во тековната учебна година беше застапена и изборната настава. Училиштето нудеше три и повеќе изборни предмети според наставниот план за учениците од шесто до деветто одделение. Се врши анкетирање на крајот на секоја наставна година. На анкетниот лист се нудеа како избор три и повеќе изборни предмети, определени според кадарот со кој располага училиштето. Училиштето ја почитуваше процедурата и изборот од страна на учениците и родителите. За учениците од четврто и петто одделение училиштето достави предлог-прашалник до родителите за нивно изјаснување во однос на изборните предмети врз основа на кој се состави предлог за изборни на наставни предмети .

| Изборен предмет и одд. | Име и презиме на наставник |
|---|---|
| 4 одд: Цртање/Сликање/Вајарство (прво полугодие)<br><br>Образование за животни вештини (второ полугодие) | Ирена Гулевска<br><br>Гордана Касовска<br><br>Селви Шаторовска<br><br>Милица Котларовска |

| | |
|---|---|
| 5 одд: Заштита на животна средина (прво полугодие)<br><br>Мултикултурни работилници (второ полугодие) | Бети Ќосевска<br><br>Весна Фузевска<br><br>Шејла Бајрами<br><br>Даринка Веслиевска |
| 6 одд: Втор странски јазик - изборен предмет | Француски јазик<br><br>Силвие Ивановска |
| 6 одд: Театарот, уметност на емоции<br><br>Поезија | Алтај Абдуловски<br><br>Елена Рабаџиевска<br><br>Никола Чоневски |
| 7 одд: Учам за моето здравје<br><br>Справување со природни катастрофи | Алтај Абдуловски<br><br>Христијан Башевски<br><br>Билјана Карапалевска |
| 8 одд: Истражување на родниот крај<br><br>Извидништво | Владо Масалковски<br><br>Билјана Карапалевска<br><br>Алтај Абдуловски |
| 9 одд: Проекти од музичка уметност | Христијан Башевски |

## 12. Дополнителна настава

Овој вид на настава се реализираше, согласно планирањата и изготвениот распоред, со сите ученици кои имаат потешкотии при совладување на определени наставни содржини од страна на одделенските и предметните наставници. Согласно законската регулатива распоредот за дополнителна, додатна настава и вон наставни активности , секој месец се подготвува и се објавува на видно место во училиштето,.Во текот на целата наставна година беа изведувани дополнителни активности преку разни форми на групна и индивидуална работа

На крајот од учебната година во одделенска настава се реализирани **606** часа дополнителна настава .

Вкупно во предметна настава реализирани се **470** часа дополнителна настава.

## 13. Додатна настава

Додатната настава како интегрална компонента на воспитно-образовниот процес беше исто така планирана на посебни модели, а ја изведуваат наставниците коишто се задолжени со истата. Овој вид на настава го посетуваат ученици кои покажуваат натпросечни способности по одделни предмети. Основна цел е да се обезбеди систематска работа со надарените и талентираните ученици според индивидуланите интереси. Во зависност од бројот на учениците беше определена и формата односно начинот на изведување на додатната настава. .

На крајот од учебната година во одделенска настава се реализирани **599 часа** додатна настава .

Вкупно во предметна настава реализирани се **463 часа** додатна настава

Предметните и одделенските наставниците на месечна основа изготвуваа распоред за дополнителна и додатна настава по секој предмет и се објавуваше месечно на огласна табла во училиштето.

## 14. Работа со надарени и талентирани ученици

За оваа учебна година стручната служба од нашето училиште имаше изготвено програма за работа со надарени и талентирани ученици и истата се реализира со учениците коишто беа предложени од страна на предметните наставници. Овие програми се реализирани со календар за работа, со инструменти, планирани содржини, активности, форми и реализатори, ресурси и време на реализација.

Надарените и талентираните ученици се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните

врсници. Надареноста најчесто се однесува на високи постигнувања во областа на природните науки, математиката и јазиците, додека пак талентираноста се однесува на високи постигнувања во областа на уметноста, музиката, ликовното изразување, дизајн и спорт. Во согласност со процедурата за идентификување на надарени и талентирани ученици наставниците изготватвуваа програми во согласност со потребите на учениците, во рамките на образовните подрачја на секој наставник.

Постапка за идентификување на ученици кои манифестираат потенцијална надареност:

- Одделенскиот наставник или предметниот наставник ги евидентира учениците кои манифестираат потенцијална надареност во одредена област (природни науки, математика, општествени науки, јазици, техника, спорт, ликовна уметност, информатика, лидерство), изготвуваат листа со ученици и ја доставуваат до училишниот психолог/педагог (до почетокот на месец октомври)
- Наставникот и стручните соработници договараат постапки за понатамошните активности;
- Идентификување на карактеристиките за учење;
- Идентификување на творечките карактеристики на учениците;
- Идентификување на мотивационите и социјалните карактеристики на учениците;
- Утврдување на општите и специфичните способности;
- Идентификуваните ученици се вклучуваат во додатна настава, како и во планирани проекти, истражувачки активности и натпревари;
- Вклучување во работилници и проекти во рамките на планираните програмски задачи на наставниците и стручните соработници;

## 15.Работа со ученици со посебни образовни потреби

Сите деца се различни, но сите деца имаат подеднакво право на основно образование и воспитание, без оглед на нивните можности, способности или на нивното потекло. Воспитанието и образованието на децата со посебни образовни потреби претставува интегрален дел на единствениот образовен систем.

Актуелната концепциска поставеност на воспитанието и образованието на децата со посебни образовни потреби е регулирана и интегрирана во Законот за основно образование. Децата со попреченост ги имаат истите права на образование како и другите, согласно своите можности, амбиции и интереси. Во училиштето е формиран училишен инклузивен тим.

Училишниот инклузивен тим со својата работа на ниво на цело училиште се залага да обезбеди подеднакво образование и воспитание на учениците со ПОП, се залага да се надминат предрасудите и сè повеќе да се почитуваат различностите.

Членови на училишен инклузивен тим: Директор, стручни соработници, одделенски наставник, предметен наставник, родители.

Инклузивниот тим за ученик се фокусира на работата со конкретен ученик за кој се изготвува, реализира и оценува според индивидуален образовен план, модифицирана програма или прилагодувања во наставата.

Членови на инклузивен тим на ученик:

Наставници кои му предаваат на ученикот, стручни соработници, родители.

За учениците со посебни образовни потреби во соработка со родителите и инклузивниот тим се изготвува прилагодување во наставата, индивидуален образовен план, односно се изготвуваат програми во зависност од потребите на учениците со кои се работи и се оценува по истите.

За учениците кои имаат потешкотии при совладувањето на наставните содржини, се работи со диференциран пристап и се планираат активности во рамките на дневните планирања и програмите за дополнителната настава.

За оваа година согласно измените во Законот за основно образование беа предвидени образовни и лични асистенти за учениците со МКФ класификација .

**Училишен инклузивен тим**

| |
|---|
| **Директор на училиштето**<br>• **Ајфер Аџигора** |
| **Стручен соработник - специјален едукатор рехабилитатор**<br>• **Николчо Ристевски** |
| **Координатори за посебни потреби Стручна служба**<br>• **Педагог: Снежана Милошевска**<br>• **Психолог: Весна Рунчевска** |
| **Наставници**<br>• **Ертана Сулооџа - предметен наставник**<br>• **Ирена Гулевска - одд.наставник** |
| **Родители-старатели на ученици со посебни образовни потреби**<br>• **Слободанка Колева** |

Инклузивните тимови за учениците беа формирани пооделно за секој ученик со МКФ класификација .

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот. Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на учениците. Училиштето соработуваше со родителите на учениците со посебни образовни потреби. Од страна на училиштето, до Основното училиште со ресурсен центар ,,Кочо Рацин'' – Битола, согласно проценките од МКФ, навремено имаше доставено барање за обезбедување образовни асистенти и истите се обезбедени. Во училиштето има еден ученик со физичка попреченост кој работи по модифицирана програма во домашни услови. Пристапот во централното училиштето е приспособен на потребите на учениците со физичка попреченост само на приземје. Во двете подрачни училишта пристапот за потребите на учениците со физичка попреченост не е приспособен. Во училишните објекти нема прилагодени тоалети за ученици со физичка попреченост.

# 16. Вонnаставни активности

## 16.1. Училишни спортски клубови

Во училиштето има регистрирано Училишен спортски клуб ООУ ,,Мите Богоевски''- Ресен и е регистриран во Централен Регистар на РСМ од 15.12.2016 год. Одговорен е наставник по физичко и здравствено образование .

Општа цел е остварување на заеднички јавен интерес за организирано бавење со спорт и спортски активности на учениците од училиштето.

Посебни цели на УСК се:

- Поттикнување, омасовување и развој на спортот и спортско рекреативните активности во училиштето;
- Развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи;
- Води грижа за одржување при користење на објектите за спорт;
- Се грижи за здравствената заштита на спортските членови на клубот;
- Го стимулира развојот на секциите и спортските школи во рамките на клубот;
- Стручно усовршување на наставницте и тренери на спортските секции;
- Покренува иницијативи за уредување на одделни прашања од делокругот на својата работа преку правила, прописи, договори и сл.

## 16.2. Секции/клубови

Низ секциите ќе создаваме претпоставки и можности за индивидуализација на образовниот и воспитниот процес, ќе ги задоволуваме и развиваме индивидуалните интереси и способности на учениците, за заедничка работа на учениците и наставниците, која ќе придонесува за развивање меѓусебна доверба, дружење во слободното време и стекнување и негување на повеќе позитивни навики.

Во нашето училиште слободните ученички активности ги организираме во областа на: науката, техниката, уметноста, естетиката, спортот и сл. На тој начин

создаваме можности учениците кои имаат интерес за одделни области и предмети, без оглед на успехот во наставата, да се истакнуваат со свои постигања. Значи, личниот интерес на ученикот ќе има примарно значење при изборот на активноста.

Во оваа учебна година во нашето училиште  работеа следниве слободни ученички секции во предметна настава.

| Секција | Реализатори | Часови |
|---|---|---|
| 1.Рецитаторска секција | Стручни наставници | 36 |
| 2.Англиска секција | Стручни наставници | 36 |
| 3.Математичка | Стручни наставници | 36 |
| 4.Биолошка -Млади биолози | Стручни наставници | 36 |
| 5.Ликовна секција | Стручни наставници | 36 |
| 6.Историска секција | Стручни наставници | 36 |
| 7.Пиано, Хор , Оркестар | Стручни наставници | 36 |
| 8.ФЗО | Стручни наставници | 36 |

## 16.3.  Акции

Училиштето имаше континуирана соработка со Локалната самоуправа како еден од главните услови за успешно и квалитетно реализирање на бројни актиности во склоп со програмата на училиштето и имплементација на проекти.

Во текот на првото полугодие беа реализирани културни и образовни настани организирани од страна на училиштето, локалната самоуправа и невладините организации .

Континуирано се реализираше и програмата за МИМО активности во текот на првото полугодие. По повод Патрониот празник на училиштето, Денот на настава на турски јазик и Нова Година ученици од нашето училиште учествуваа со нивни творби, а со тоа се продолжија активности од МИМО проектот.

- По повод Приемот на првачињата на првиот училишен ден во училиштето се направени подготовки за успешен прием на учениците и подготовки за пречек на Градоначалникот на Општина Ресен и други гости .

- 8 Септември - Денот на независноста во нашето училиште се одбележа со читање реферат и приредба со учениците од шесто до деветто одделение како и активности од одделенска настава и подрачните училишта.
- По повод 11 Септември Денот на ослободувањето на нашиот град Ресен и Денот на загинувањето на народниот херој Мите Богоевски на 12 Септември во нашето училиште беше одржан историски час и и прочитан реферат како и литературни творби од страна на учениците, а се положи и цвеќе на споменикот во Спомен - куќата на Мите Богоевски во с. Болно.
- Од 26 до 28 септември учениците од нашето училиште учевствуваа на манифестацијата Преспански јаболкобер .
- Во првата недела од месец октомври од 7.10.2024 - 13.10.2024 во нашето училиште се организираа разни детски активности и манифестации по повод Детската недела. Ова година активностите се организираа под мотото: „ПРАВАТА НА ДЕТЕТО - БЕЗБЕДЕН ЧЕКОР КОН СРЕЌНО ДЕТСТВО” под менторство на наставниците од одделенска настава , наставниците по ФЗО , стручната служба и Директорот. Свечениот прием на првачињата во Детската организација се одржа на 10.10.2024 год.
- На 4.10.2024 год. учениците под менторство на наставниците по македонски јазик и одделенските наставници изработија пано и работилница по повод Меѓународниот ден на учителот.
Вклученост на семејствата во училиштето  претежно се оствaруваше преку средби (индивидуални или групни). На тие средби учествуваат во донесување на решенија и одлуки за подобрување на условите за работа во училиштето, донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите.

Семејствата даваат мислења и сугестии за измени на секаков вид планирање. Постојано се информирани за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба, учениците. Даваат поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и посебно ги поддржуваат соработките за унапредување на учениците-таленти.

Училиштето изготвува распоред за индивидуални средби на кој се наведени термини во ден и час за секој одделенски и предметен наставник. Најмалку два пати во годината  се реализираат Отворени денови за размена на информации на родителте и наставниците.

Училиштето изработува: План за соработка со родителите на паралелката, План за работа на Советот на родители, План за работа на Училишниот одбор. Родителите имаат значајна улога во донесување на одлуки преку Советот на родители, како и Училишниот одбор.

Со правилно следење на програмата и со активна вклученост на семејството тековно во целата учебна година доаѓаме до успешно и заедничко реализирање на програмата во целина и го добиваме посакуваниот резултат односно поквалитетна воспитно-образовната работа на училиштето. Добар број родители се вклучуваат во работилници и во дел од воннаставните активности. Соработката со најголемиот број родители училиштето ја остварува преку индивидуалните и групните родителски средби. Училиштето на законски начин ги избира претставниците на родителите во УО. Советот на родители е активен.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето организира термини по даден распоред за средби на родителите со наставниците.

| **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **ПЛАНИРАНА АКТИВНОСТ** |
|---|---|
| јули | Разгледување и давање мислење за Предлог Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2025/2026 г. |
| септември | -Избор или реизбор на Претседател на Совет на родители;<br>-Информации за: осигурување на учениците;<br>-Информација за реализација на проекти во учииштето |
| ноември | -Презентација на успех и поведение за првото тримесечие од учебната 2025/2026 година;<br>-Информација и вклучување на родителите во реализација  на  проекти во учииштето; |
| февруари | -Презентација на успехот и поведението на учениците во првото полугодие од учебната 2025/2026 година; |
| април | -Презентација на успех и поведение за второто тримесечие од учебната 2025/2026 година;<br>-Презентација на реализирани проектни активности во училиштето; |
| јуни | -Презентација на Извештајот за работа на училиштето во учебната 2025/2026 година;<br>-Презентација на извештаии од реализирани ученички екскурзии;<br>-Презентација на Програма за работа на училиштето 2025/26 г. |

### 23.1. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата на родителите беше  реализирана на индивидуално ниво, како и работа во групи. Се реализираа советувања со родителите согласно Законот за основно образование, презентации за теми од заеднички интерес, а во функција на развој и подобри постигнувања на ученикот. Со цел информирање на родителите за активностите во училиштето  беше изработена брошура.

## 24. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето активно беше  вклучено во животот на Општината преку спроведување на многубројни заеднички активности во соработка со јавните установи во општината, како и проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

Партнерскиот однос со родителите, со локалната и деловната заедница е добар.

Училиштето според предвидената програма за соработка со локалната заедница има долгогодишно  позитивно искуство на овој план, кој главно се однесува на успешна комуникација и добра соработка со Локалната заедница. Навремено поднесено е барање за подобрување на условите за работа. Поддршката за подобрување на условите за работа во училиштето е добра .

Ова програмско подрачје го планираме со цел да ги ставиме сите ресурси на локалната средина во функција на училиштето, а кои се од интерес за воспитно-образовната работа.

Искористување на материјалните можности на локалната средина за унапредување на дејноста на училиштето и подобрување на условите на работа на учениците и вработените ;

Збогатување на воспитно-образовната работа како резултат од искористување на можностите на институциите од областа на културата, спортот и сл;

Организирање на заеднички културно-уметнички, образовни, спортски и други манифестации;

Посебно место во соработката со локалната средина претставуваше континуираната соработка со локалната самоуправа, посебно со Градоначалникот и Советот на Општина Ресен. Таа соработка беше поинтезивна во областа на материјалното и финансиското работење, подобрување на просторните услови за работа, унапредување на воспитно-образовната работа;

| Бр. | Подрачје | Активности | Временска рамка | Носители | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Локална заедница** | **Посета на локални претпријатија кои се дел од локалната бизнис-заедница;<br>Промовирање на постигнатите резултати на ученици;<br>Посета на градоначалникот по повод божиќните и новогодишните празници;<br><br>Организирање на новогодишна програма на градскиот плоштад;<br>Организирање на маскембал на градскиот плоштад (Априлијада);<br>Прослава по повод** | **септември/јуни<br>септември<br>декември<br>декември<br>април<br>април<br>октомври** | **Директор, педагог, психолог, одделенски наставници, предметни наставници, ученици, родители** | **Подобрување на соработката помеѓу училиштето и локалната заедница;<br>Промоција на постигнатите резултати на наставниците и учениците од училиштето;<br>Промоција на проекти изработени од страна на ученици и наставници од училиштето;<br>Промоција на постигнати резултати и лични творби на ученици.** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **патрониот празник на училиштето.** | | | |
| 2 | **Институции од областа на културата** | **Посета на историскиот музеј;**<br>**Посета на музејот на НОБ и Македониум;**<br>**Посета на планетариум;**<br>**Посета на саем на книгата;**<br>**Посета на детски музички фестивал „Тра-ла-ла“.** | **октомври**<br>**октомври**<br>**октомври / ноември**<br>**ноември**<br>**јануари**<br>**март / април**<br>**април**<br>**мај**<br>**август** | **Директор, педагог, психолог,одд еленски наставници, предметни наставници, ученици, родители** | **Запознавање на учениците со културно историските знаменитости на градот во кој што живеат;**<br>**Збогатување на знаењата на учениците од различни области (музика, историја, ликовно образование, природни науки, општество и сл.).** |
| 3 | **Институции од областа на образованието** | **Соработка со МОН и БРО на проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“;**<br>**Посета на Дневниот центар за деца и младинци со посебни потреби по повод денот на хендикепираните лица;**<br>**Посета на детската** | **септември-јуни**<br>**декември**<br>**септември/ октомври**<br>**април**<br>**мај**<br>**април / мај** | **Директор, педагог, психолог, одделенски наставници, предметни наставници, ученици, родители** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **градинка .** | | | |
| 4 | **Невладини организации** | **Соработка со Детска амбасада**<br>**Соработка со Младински културен центар** | **септември / јуни**<br>**септември / јуни**<br>**октомври / ноември** | **Директор, педагог, одделенски наставници, предметни наставници, ученици, родители** | |
| 5 | **Спортски друштва** | **Соработка со спортски клубови на локално и регионално ниво;** | **септември - јуни** | **Директор, педагог, психологодделенски наставници, предметни наставници, ученици, родители** | |
| 6 | **Здравствени организации** | **Соработка со Медицински центар Ресен ;**<br>**Соработка со Медицински центар Битола;**<br>**Соработка со Центар за социјални грижи Ресен;**<br>**Соработка со осигурителни компании.** | **септември - јуни** | **Директор, педагог, психологодделенски наставници, предметни наставници, ученици, родители** | **Подобрување на соработката на училиштето со институции од областа на здравството;**<br>**Поголема информираност на учениците и наставниците за заштита и превенција од различни болести.** |
| 7 | **Медиуми** | **Соработка со медиуми** | **септември- јуни** | **Директор, педагог,** | **Промовирање на училиштето на** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Соработка со веб-порталот на општините** | | **одделенски наставници, предметни наставници, ученици, родители** | **локални медиуми; Промовирање на постигањата на учениците и наставниците на локалните медиуми.** |

## 25. Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

Училишниот одбор (УО) е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Членовите на УО се со легитимен мандат. Претседател на УО е родител.

Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи. Работењето на училишниот одбор е транспарентно.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, Директорот и локалната самоуправа е на добро ниво.

Директор на училиштето е Ајфер Аџигора именувана од страна на Градоначалникот на Општина Ресен со Решение за период од четири години. Како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на

своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, наставниот процес, дисциплината и постигањата на учениците.

| | |
|---|---|
| **Членови на училишен одбор (име и презиме)** | Лубица Ѓурѓевиќ - претседател на УО<br>Зекир Арслан заменик<br>Весна Темелковска - член<br>Ертан Шабединовски - член<br>Марија А Гошаревска - член<br>Науме Петревски - член<br>Ивона Каранфиловска Кукуловска -член |
| **Членови на советот на родители (име и презиме)** | 1. Слаѓана Јовановска Рунчевска- претседател<br>2. Ивона Кукуловска<br>3. Христина Башевска<br>4. Ѓулај Таириовска<br>5. Весна Наумовска Пројковска<br>6. Оливера Најдовска<br>7. Елис Мифтари<br>8. Наташа Мицалевска<br>9. Соња Ангелковска<br>10. Фериха Чапкун<br>11. Наташа Ангелова<br>12. Кристна Лозевска<br>13. Шенај Чапкун<br>14. Снежана Чаталовска<br>15. Елена Ивановски<br>16. Зекир Арслан<br>17. Билјана Ќулумовска<br>18. Билјана Карапалевска<br>19. Џаннур Зулал<br>20. Соња Фузевска<br>21. Нико Пластиновски |

| | |
|---|---|
| | 22. Шермин Салеивска<br>23. Науме Петревски<br>24. Барбара Шундовски<br>25. Ѓулшен Хамза<br>26. Јулијана Поповски<br>27. Љубица Ѓурѓевиќ<br>28. Васе Наумовска<br>29. Снежана Лабачевска<br>30. Живко Проевски<br>31. Оливер Апостоловски<br>32. Гоце Милошевски<br>33. Христина Ѓеоргиевска<br>34. Хуља Бесимовска |
| **Стручни активи** | 1. Стручен актив од одделенска настава<br>2. Стручен актив на јазична група предмети (македонски, турски, англиски, француски)<br>3. Стручен актив по природно математичка група на предмети (математика, физика, хемија, биологија, информатика)<br>4. Стручен актив по (ФЗО, музичко, ликовно, ТО)<br>5. Стручен актив по општествена група на предмети (историја, граѓанско образование, географија, етика, религија) |
| **Одделенски совети (број на наставници)** | 48 |
| **Заедница на паралелката (број на ученици)** | 102 |
| **Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на председателот на** | 68 членови<br>- претседател на ученичкиот парламент е избран на првиот состанок на Ученичкиот парламент согласно Статутот на училиштето :<br>- Виктор Ѓоргиевски |

| | |
|---|---|
| **ученичкиот парламент)** | - Зејнеп Абдуловска |
| **Ученички правобранител** | - избран е на првиот состанок на Ученичкиот парламент согласно Статутот на училиштето<br>- Димитар Лембовски |

Соработката на Училишниот одбор со родителите, Директорот и локалната самоуправа е на добро ниво.

## 26. Материјално-финансиско работење на основното училиште

Материјално-финансиското работење на училиштето се состоеше во изготвување на годишен финансиски план за буџет во кој се планираа обврските во рамките на доделените средства, водење на деловните книги и севкупното сметководство, како и изготвување на завршна сметка на буџетскиот корисник.

**Училиштето се финасира од:**

- Министерство за образование и наука (капитални ивестиции);
- Блок-дотации од локална самоуправа
- Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на надлежностите кои ги имаат Директорот и Училишниот одбор.
- Училиштето имаше донесено Финансиски план за 2025 година.
- Училиштето имаше План за јавни набавки за 2025 година. Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано Комисија за јавни набавки. Претседателот на комисијата поседува важечка лиценца за спроведување на јавни набавки.

  Училиштето добива финансиски средства од буџетот на РСМ, а остварува и сопствени приходи преку сметката за самофинансирање, од издавање на една училница.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

# 28. ПРИЛОЗИ

## Извештај за работата на училишната библиотека во учебната 2025/2026 год

Со почетокот на новата учебна година започна издавањето на бесплатни учебници во соработка со Комисијата за прием, складирање, доделување и враќање на учебниците и во соработка со библиотекарската секција за евиденција и издавање на книги и лектирни изданија посочени од предметните наставници.

**Август**

Генерално чистење и средување на библиотеката. Соработка со наставниците за потребната литература за престојната учебна година.

Беше изготвен План и Програма за учебната 2025/2026 година од страна на библиотекарот.

**Септември**

Формирана е библиотекарска секција со 42 ученици во која зедоа учество учениците 2-9 одделение.

Во овој период започна и издавање на лектирни изданија на учениците, според обврските кои им беа дадени од страна на наставниците. Издавањето на лектирните изданија се врши електронски, се заведуваат издадени и вратени книги кај секој ученик посебно.

Се врши одделување на оштетените книги и се прават напори од страна на училиштето истите да бидат заменети со нови.

**Октомври**

Се извршуваше секојдневната работа на библиотекарот, како соработка со наставници, одделување и лепење на оштетените книги и оперативно планирање за следниот месец

Беше спроведена акција „Да ја збогатиме училишната библиотека-да подариме книга“- беа собрани 15 книги.

Беше извршена набавка на 55 нови лектири.

**Ноември**

Библиотеката  беше посетена од страна на учениците од првите одделенија на двата наставни јазици, заедно со наставниците при што беше разговарано за начинот за користење и чување на книгите. Продолжува издавањето, евиденцијата и враќањето од страна на учениците на позајмените лектири

**Декември**

Библиотеката беше посетена од страна на ученици од вторите одделенија на двата наставни јазици, заедно со наставниците, така што се разговараше за книгите кои се наменети за нив, На заинтересираните ученици, покрај задолжителните лектирни изданија, библиотекарот им даваше препораки за читање на слободна литература за време на зимскиот распуст.

По повод новогодишните празници, библиотеката при Домот на културата Драги Тозија распиша награден конкурс на тема Новогодишна детска желба. На конкурсот зедоа учество поголем број ученици од нашето училиште .Првата награда ја доби наш ученик од трето одд.

**Јануари**

За време на зимскиот распуст библиотекарот вршеше средување на книжниот фонд и лепење на оштетените книги . Во првото полугодие од оваа учебна година беа издадени 420 книги.Сите тие се евидентирани во електронска форма.

**Февруари**

Во овој месец се продолжува со издавањето на книги како на учениците така и издавање на стручна литература на наставниците.Средување на библиотеката лепење на стари книги.

**Март**

Продолжува соработката со учениците и наставниците за издавање на лектирни изданија .

**Април**

Продолжува секојдневната соработка меѓу учениците и библиотекарот , преку издавање на книги препорачани од страна на предметните и одделенските наставници.

Беше формирана и група на ученици кои ке учествуваат на општинскиот натпревар „Млади библиотекари“ заедно со предметните наставници по македонски јазикна кои им беа дадени насоки што треба да учат за натпреварот.

**24.4.2026**

Учество на општински натпревар „Малди библиотекари“ организиран од Домот на култура „Драги Тозија“- Ресен

Освоена втора награда

Виктор Рунчевски-IX одд

Освоена трета награда

Марија Ангелова -IX одд

Пофалница

Марија Наумовска-IX одд

**Мај**

Беше извршено порачување на бесплатни учебници за наредната учебна година. Продолжува секојдневната соработка меѓу учениците и библиотекарот

**Јуни**

Беа вратени прочитаните книги, им беа дадени и други лектири на учениците. Се врши  средување, евидентирање и складирање на старите учебници .Со завршувањето на учебната година библиотекарот изготвува извештај за состојбата на книжниот фонд и бројот на прочитани книги. Во учебната 2025/26 год. беа прочитани и вратени вкупно 1096 книги.

**Јуни 2025** **Библиотекар**

**Дивна Николовска**

ООУ,,Мите Богоевски“- Ресен

Извештај за еднодневна наставно-научна екскурзија за III одделение

Учебна 2025/26 година

Време на реализација: 5.6.2026  III одделение

Актив на одделенски наставници од III одделение

Дестинација : Тетово – Шарена џамија, Лешочки манастир

Поаѓање во 8:00 часот од пред Кипер

Враќање во вечерните часови околу 20:00 часот пред Кипер

Програма за еднодневната наставно – научна екскурзија

-Поаѓање од пред училиште

-Пристигнување на дестинацијата со попатно застанување на Стража.

-Разгледување на Шарена џамија ,одржано е едукативна предавање од срана на водичот од туристичката агенција Боби-турс

-Пристигнување во Лешочки манастир, одржано е едукативна предавање од срана на водичот од туристичката агенција Боби-турс

-Организиран ручек во ресторанот   -  Седера

-Игри и спортски активности на отворено/ Посета на игротека

-враќање во Ресен со попатно застанување на Стража

-продолжување на патувањето до дома

-Враќање во Ресен во вечерните часови

Екскурзијата помина без проблеми , учениците беа задоволни од изведената екскурзија.

ИЗВЕШТАЈ

од реализираната дводневна екскурзија

Од 3.6.2026 до 4.6.2026 година беше изведена дводневна екскурзија низ Македонија. На екскурзијата учествуваа учениците од VI а,б,в одд.  Беа посетени: културно – историски објекти (Спомен-куќата на Тоше Проески, Македониумот,

манастиот Св.Јован Бигорски,Шарена џамија, Старата чаршија во Скопје, Спомен - куќата на Мајка Тереза, ЗОО, ХЕЦ Глобочица, Вруток изворот на Вардар;

Учениците имаа можност да другаруват, да ги посетат и да се запознаат со културно-историските вредности на нашата земја преку информативни предавања од страна на туристичкиот водич и наставниците при посетата на сите погоре наведени локалитети.

Класни раководители:

Марија А. Гошаревска VI а

Елена Рабаџиевска VI б

Енѓул Хајдар VI в

**ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА РЕАЛИЗИРАНАТА ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА**

**СО 9 ОДДЕЛЕНИЕ**

**Наставно - научната екскурзија се реализираше низ РС Македонија, со 9а, 9б и 9 в одделение, на 1,2 и 3 јуни 2026 година.**

**- Прв ден 1.6.2026**

Тргнавме од Ресен, во 8:00 часот. Панорамско разгледување на Битола и пристигнавме во Прилеп. Тука имавме доручек и посета на Могилата со предавње од водичот на Агенцијата. Патувањето го продолживме за Стоби, исто и тука имавме предавање од компетентно лице од вработените во Стоби. После мала пауза продолживме кон Велес, каде го посетивме музејот на Спомен-куќата на Кочо Рацин, имавме и мала прошетка во градот. Продолживме кон Скопје, Таму имавме посета на старата скопска чаршија, џамијата Мустафа паша, црквата св.Спас и гробот на Гоце Делчев. Разгледување и ручек во ресторан во старата

чаршија. Посета на Eastgate mall, и продолживме кон градот Штип. Се сместивме во хотел Оаза во Штип, каде имавме вечера, ноќевање.

**- Втор ден 2.6.2026**

Во хотелот имавме доручек, потоа го разгледавме градот и го посетивме на музејот во Штип, каде имавме многу интересно предавање од кустосот што работеше таму. Продолживме кон Берово со попатно разгледување на Кочани и Виница. Во Берово го посетивме манастирот св. Аранѓел Михаил, со предавање за историјата на манастирот од монахињата што живее таму. Прошетавме низ градот и ручавме во центарот на градот. По ручекот го посетивме Беровското Езеро и продолживме кон Струмица. Во попладневните часови ги посетивме Колешинските Водопади, потоа пристигнавме во хотелот Мис Стон во Струмица, каде вечеравме и ноќевавме.

**- Трет ден 3.6.2026**

Имавме доручек во хотелот, потоа го посетивме манастирот во с. Водоча св. Леонтиј и го разгледавме на градот Струмица. Патувањето го продолживме за Дојран, таму имавме ручек и мала прошетка покрај Дојранското Езеро. Тргнавме за Ресен преку Демир Капија, со панорамско разгледување на Демиркаписката Клисура. Панорамско разгледување на градот Неготино и пристигнавме во Кавадарци. Тука направивме пауза, го разгледавме градот и продолживме за Ресен. Во вечерните часови пристигнавме во Ресен.

Сите зацртани цели според програмата за реализација на наставно-научната екскурзија, во целост ги реализиравме.

Одговорни наставници на екскурзијата беа Соња Стрезовска, Христијан Башевски и Суат Салиевски.

Извештај за еднодневен есенски излет

II одделение

Време на реализација: 12 ноември
Дестинација: град Ресен
Начин на патување: пешки
Време на поаѓање: 8:30 часот од пред училиштето
Време на враќање: во пладневните часови

Програма за излетот:

Посета на: Полициската станица во Ресен, фабриката „Агроплод АД Ресен Swisslion“ Домот на културата – Ресен и Спомен-куќата на Татарчеви.

Најпрвин ја посетивме **Полициската станица во Ресен**, каде љубезните полициски службеници им објаснија на учениците како изгледа нивната работа и на кој начин се грижат за безбедноста на сите граѓани.

Потоа ја посетивме **фабриката „Агроплод АД Ресен Swisslion“**, каде што децата имаа можност да видат како се преработуваат познатите производи – *Бони Топ, Ресана, блок чоколади, наполитанки* и други вкусни прехранбени производи. Таму научија нешто повеќе за процесот на производство и значењето на локалната индустрија.

Следеше посета на **Домот на културата во Ресен**, каде што децата се запознаа со работата на **Градската библиотека „Драги Тозија“** и со богатата книжевна збирка што ја чува и начинот на кој што децата треба да се грижат и да ја сакаат книгата.

Нашата последна дестинација беше **Спомен-куќата на Татарчеви**, роден дом на револуционерот Христо Татарчев, прогласена за споменик на културата и заштитена со закон. Учениците ја разгледаа музејската поставка што содржи предмети, восочни фигури и сликарски композиции и со големо интересирање слушаа за историјата и значењето на ова семејство за нашиот град и за Македонија.

Им упатуваме искрена благодарност на сите домаќини за нивното гостопримство и љубезност.

Учениците беа воодушевени, а излетот беше исполнет со нови знаења, дружење и убави спомени.

Наставници кои присуствуваа:

- Соња Марковска – IIа одделение
- Весна Кондовска – IIб одделение
- Севим Максуд – IIв одделение
- Маре Котларовска – ПУ Јанковец

## ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАН ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ

**Дестинација:** Ресен – с. Подмочани – с. Претор

**Датум на реализација:** 20 мај 2026 година

**Време на реализација:** 08:00 часот (поаѓање) – 13 часот (враќање)

**Учесници:** Ученици и одделенски раководители

**1. Тек на реализација на активностите**

- **Поаѓање:** Излетот започна во точно утврденото време во 08:00 часот со организиран превоз од пред Кипер маркет во Ресен. Патувањето кон Преспанскиот регион помина во пријатна, безбедна и весела атмосфера.
- **Посета на с. Подмочани (Етнолошки музеј):** По пристигнувањето, учениците го посетија познатиот Етнолошки музеј. Под водство на стручно лице, тие ја разгледаа богатата музејска поставка (традиционални носии, накит, предмети од битот). Учениците со голем интерес се запознаа со традиционалниот начин на живот на нашите предци.
- **Активности на крајбрежјето на Преспанското Езеро:** Беше резервирана прошетка на отворено, покрај убавото крајбрежје на Преспанското Езеро. Потоа време беше искористено за рекреација, слободни игри и уживање во природните убавини на овој регион во ова убаво пролетно годишно време.
- **Одмор и ручек:** Беше направена пауза за одмор, дружење и социјализација,беше организиран заеднички ручек во с. Претор.
- **Посета на Метеоролошката станица во с. Претор:** Патувањето продолжи кон с. Претор, каде беше реализирана посета на Метеоролошката станица. Таму се одржа кратка, практична и интересна едукација. Учениците видоа како работат инструментите за мерење и следење на временските услови (температура, врнежи, ветер).
- **Враќање:** По завршувањето на сите предвидени активности, групата се собра и се подготви за пат. Враќањето пред Кипер беше во попладневните часови, според планираното, во безбедна и уредна атмосфера.

**2. Реализирани цели од излетот**

Со успешната реализација на програмата, во целост беа исполнети следните воспитно-образовни цели:

**Образовни и културни цели:**

- **Запознавање со културното наследство:** Преку посетата на Етнолошкиот музеј во с. Подмочани, учениците стекнаа конкретни знаења за културното и историското наследство на овој крај.
- **Негување на традицијата:** Се разви свеста и почитта кон традицијата, народните обичаи и вештините на луѓето од минатото.
- **Практични научни знаења:** Со посетата на Метеоролошката станица, учениците добија основни и применливи знаења за природните науки – како се набљудува природата, како се мерат временските појави и како се менуваат климатските услови.

**Еколошки и рекреативни цели:**

- **Развивање еколошка свест:** Престојот во околината на Преспанското Езеро послужи како одличен пример за развивање на грижата за животната средина и потребата од заштита на природните ресурси и водите.
- **Физичка активност и здрав живот:** Преку прошетките и игрите на отворено крај езерото, кај децата се поттикнаа здрави навики и потреба за рекреација во природа во пролетниот период.

**Социјални и емоционални цели:**

- **Дружење и тимска работа:** Излетот овозможи зближување на учениците надвор од училишните клупи, поттикнувајќи соработка, меѓусебна помош, толеранција и другарство.
- **Позитивни емоции:** Се создадоа трајни и убави спомени преку заедничките вонучилишни активности и искуства.

**3. Заклучок**

Пролетниот излет на релација **Ресен - Подмочани - Претор** се оцени како **исклучително успешен**. Сите содржини од програмата беа целосно и навремено реализирани. Учениците покажаа висок степен на дисциплина, љубопитност и активна вклученост во сите сегменти – од едукативниот дел во музејот и станицата, па сè до спортско-рекреативните игри покрај Преспанското Езеро.

**Извештајот го подготвил:**

**Актив на 2 одделение**

**Извештај за еднодневен Пролетен излет  во Битола**

Време на реализација 20.5.2026   III одделение

Дестинација.  Битола

Поаѓање: од Ресен во 8:часот од пред  Кипер

Враќање: во пладневните часови

Програма на изведениот излетот

- посети Зоолошката градина во Битола

- Музејот на Мустафа Кемал Ататурк каде што беше презентирано од кустосот на музејот едукативно предавање

- разгледување на старите битолски градби и нивните знаменитости.

-Организиран ручек во ресторан Папарацо

-Враќање во Ресен во попладневните часови

Излетот помина без проблеми и сите ученици беа задоволни.

Изготвиле актив на наставници од III одд.

ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАН ЕСЕНСКИ ИЗЛЕТ

ООУ„МИТЕ БОГОЕВСКИ“-РЕСЕН ПУ с. ЈАНКОВЕЦ

УЧЕБНА 2025/2026 ГОДИНА ОД IV одд.

Дата на реализација на излетот: 5.11.2025 г.

Цели:

- Развивање интерес кај учениците за производствените дејности и работните професии, запознавање со културните, историските и општествените обележја на градот Ресен и неговата околина.

-Развивање истражувачки дух, љубопитност и активно набљудување кај учениците, соработка, меѓусебно почитување и одговорно однесување во групата.

-Развивање еколошка свест и правилен однос кон средината.

Еднодневниот излет беше реализиран со учениците и наставниците од ООУ „Мите Богоевски“ Ресен , и с.Јанковец во околината на град Ресен,согласно годишната програма за работа и планираните воспитно-образовни активности. Во текот на излетот беа посетени повеќе значајни институции и објекти со образовен и културен карактер.

Најпрвин беше посетена фабриката ,,Свислион” каде учениците беа запознати со дел од процесот на производство на прехрамбените производи (ресани,бони

топ бомбони,еурокрем и други производи кои ги произведува оваа фабрика. Кај учениците се разви интерес за производствените дејности.

Потоа беше реализирана посета на Полициската станица во Ресен каде учениците беа запознати со улогата и задачите на полицијата, значењето на почитувањето на правилата и безбедноста во секојдневниот живот.Преку разговор и демонстрација со одредени полициски реквизити учениците стекнаа нови сознанија за работата на полициските службеници.

Во продолжение беше посетена ,,Спомен-куќата на Татарчеви” каде на учениците им беше објаснето за културно-историското значење на овој објект. Исто така беше посетен и Домот на култура,,Драги Тозија”- Сарајот во Ресен,каде учениците беа воодушевени од архитектурата на овој објект кој има за цел зачувување и промовирање на културните и уметничките вредности.

Излетот се реализираше во позитивна атмосфера, учениците покажаа заинтересираност, активно учество во сите активности и ги почитуваа правилата на однесување и безбедност.

Со реализацијата на излетот беа постигнати планираните воспитно образовни цели:

-Стекнување на нови знаења

-Развивање љубопитност

-Социјализација и поттикнување интерес за културните, историските и општествените вредности.

Одделенски наставници од IV одд:

Гордана Касовска

Ирена Гулевска

Ѓултен Максуд

Милица Котларовска

ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАН ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ

ООУ„МИТЕ БОГОЕВСКИ“-РЕСЕН И .ПУ с. ЈАНКОВЕЦ

УЧЕБНА 2025/2026 ГОДИНА ОД IV одд.

Дата на реализација на излетот: 2.6.2026г.

Цел • Развивање интерес кон другарувањето, натпреварувачки дух, љубов кон природата и градење еколошки навики.

Еднодневниот излет беше реализиран со учениците и наставниците од ООУ „Мите Богоевски“ Ресен ,ПУ с.J анковец и ПУ с. Болно,во училишниот двор во с.Јанковец каде беше реализиран традиционален натпревар во мал фудбал помеѓу екипите на централното и подрачното училиште„ Мите Богоевки“ и збратименото училиште „Стив Наумов“ од Битола. Сите ученици беа активно вклучени, едни играа фудбал, други беа навивачи, а женските учествуваа во забавниот дел како мажоретки за време на паузите. Сите заедно се дружеа, навиваа,се радуваа. Среќни,задоволни збогатени со нови другарства, полни емоции се разделија со желби за почести средби и другарувања.

Одделенски наставници:

Ѓултен Максуд

Гордана Касовска

Ирена Гулевска

Милица Котларовска

Николета Малевска

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ИЗЛЕТИ во учебната 2025-26 год.**

**на учениците од VА, VБ, VВ и V с. Јанковец**

24.10.2025 год. – **Еднодневен есенски излет**

Реализиран е еднодневен есенски излет со учениците од петто одделение и посетено е следново:

👉Поврзано со 23 Октомври-Денот на Македонската револуционерна борба ја посетивме Спомен-куќата на Татарчевии визуелно ги проширивме знаењата од нашата историја.
👉Во Домот на културата имаше отворена изложба за рисот, а од претставниците на Македонско еколошко друштво научивме многу корисни информации за балканскиот рис.
👉Ја посетивме и Ресенската ќерамичка колонија со нејзините дела од непроценлива вредност.
👉Направивме посета на Полициската станица каде полицискиот службеник ни ги објасни негативните ефекти од врсничкото насилство и кои законски мерки се превземаат во таков случај.

28.5.2026 год. - **Еднодневен пролетен излет**

Реализиран е пролетен излет со учениците од петто одделение во Национален парк Пелистер, исполнет со дружење, истражување и учење во природа. 🌿

Во рамките на посетата го посетивмеи Инфо-центарот на Национален парк Пелистер,каде што учениците имаа можност одблиску да се запознаат со природните вредности на паркот и преку интерактивни активности да го доживеат богатството на неговата флора и фауна.
Работилницата започна со едукативно предавање од страна на водичот во изложбениот салон на инфо-центарот, каде што учениците дознаа повеќе за биолошката разновидност, шумските екосистеми и значењето на заштитата на природата. Потоа се движевме по патеката до Голема Ливада, каде што следуваше интерактивна истражувачка игра. Децата собираа и препознаваа различни растенија, а преку тимска работа и креативни активности на хамер ги претставија своите сознанија пред останатите.
Покрај новите знаења и едукативните содржини, учениците уживаа во чистиот воздух, прекрасната природа и дружењето, создавајќи спомени кои долго ќе ги паметат. 🌲♻️
Излетот беше прекрасна можност учениците преку непосредно искуство да ја почувствуваат убавината и важноста на зачувувањето на природата.

**Одговорни наставници:** Бети Ќосевска, Весна Фузевска, Шејла Бајрами и Даринка Веслиевска

ИЗВЕШТАЈ

од реализираниот излет

На 24.11.2025 година беше изведен еднодневен излет во Ресен. На излетот учествуваа учениците од VI а,б,в одд. Беа посетени индустриските објекти низ Ресен . Учениците имаа можност да другаруват, да ги посетат и да се запознаат со индустриските објекти низ Ресен.

Класни раководители:

Марија А. Гошаревска VI а

Елена Рабаџиевска VI б

Енѓул Хајдар VI в

***ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ЕКСКУРЗИИ / ИЗЛЕТИ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА ВО ООУ,,МИТЕ БОГОЕВСКИ“ - РЕСЕН***

**Врз основа на годишната програма за работа на училиштето ООУ ,,Мите Богоевски”- Ресен за учебната 2025/2026 година, поради недостапност на превоз во планираните термини, предвидениот излет не можеше да се реализира на предвидената локација, затоа истиот беше реализиран во Ресен.**

**ЕДНОДНЕВЕН ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ ВО РЕСЕН**

**Излетот се реализираше на 1.6.2026 година** во времетраење од 1 (еден) ден **со следните:**

## ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Целта на овој еднодневен излет со забавно рекреативен карактер беше рекреација на учениците во природа, посета на фабриката Алгрета-Леарница за алуминиум, како и развивање интерес за природата и градење на еколошки навики. На излетот беа присутни ученици од седмо одделение.

**Задачите на излетот беа поделени на:**

**Образовни:**

- да се утврдат основните знаења за фабриката Алгрета – Леарница за алуминиум
- да се развива интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Воспитни:**

- развивање љубов кон татковината и нејзините вредности;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- поттикнување и исполнување на позитивни емоционални доживувања;
- дружење и споделување добри спомени;

**Активности на учениците за време на наставата во природа:**

- посета на фабриката Алгрета – Леарница за алуминиум;

- разговор со инженер;

- спортски активности;

- забава и дружење;

**Носители на активностите:** Силвие Ивановска VII-а , Владо Масалковски VII-б

Ертан Шабединовски VII-в

**ИЗВЕШТАЈ**

**за реализирана вонучилишна активност – еднодневен излет на учениците од VII одделение во учебната 2025/2026 година**

**Согласно Годишната програма за работа на училиштето и Програмата за изведување на вонучилишна активност, на ден 24.11.2026 година беше реализиран еднодневен излет за учениците од VII одделение на излетничкото место Претор.**

**Воспитно - образовни цели:**

Учениците да:

- Да воспоставува, развива и негува пријателство низ заеднички прошетки, друштвени игри, рекреација и забава;
- Да гради позитивен однос кон природата и ја почитува (користениот простор да остане чист и уреден);
- Да ги прошири веќе стекнатите знаења за природните убавини на излетничко место Претор.

**Активности**:

- Набљудување на околината на излетничкото место Претор;
- Групни прошетки низ излетничкото место (ученици во придружба на наставници)
- Рекреативни активности соодветни на возраста и интересот на учениците, со активно учество одделенските раководители.

Поаѓањето беше организирано во 08:00 часот од училишниот двор. По пристигнувањето во Претор, учениците имаа можност да ја разгледаат околината на излетничкото место и да се запознаат со природните убавини на овој крај. Активностите се реализираа според предвидената програма, под надзор и во придружба на одговорните наставници.

Во текот на денот беа организирани групни прошетки во природа, панорамско разгледување на околината, рекреативни и спортски активности, како и друштвени игри со активно учество на учениците и наставниците. Учениците покажаа интерес, дисциплина и одговорност при реализацијата на активностите и придонесоа за создавање позитивна и пријатна атмосфера.

Преку реализираните активности беа остварени планираните воспитно-образовни цели. Учениците меѓусебно другаруваа, развиваа и негуваа пријателски односи, ја почитуваа природата и се грижеа за чистотата на просторот што го користеа. Исто така, ги проширија своите знаења за природните карактеристики и убавини на Претор.

Во текот на престојот беше организиран ручек, по што следуваше слободно време за рекреација и фотографирање. Враќањето во училиштето беше реализирано во попладневните часови без никакви проблеми и во согласност со предвидениот план.

Излетот беше успешно реализиран, а сите планирани активности беа спроведени согласно програмата и поставените воспитно-образовни цели.

**Носители на активностите:** Силвие Ивановска VII-а , Владо Масалковски VII-б

Ертан Шабединовски VII-в

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОМИСИЈАТА ДЕТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА 2025/2026

Во текот на учебната година се спроведени и реализирани активности за Детската организација.

На први септември свечено беше одбележан првиот училишен ден со цел да се развие ведро расположение кај учениците и позитивни впечатоци за училишниот амбиент.

Во текот на месец септември беше извршен избор на ново раководство на Детската организација.

Во текот на месец септември: учениците од IV одделение од нашето училиште зедоа активно учество на манифестацијата „Преспански јаболкобер" и се претставија со богати продажни штандови од декоративни ученички изработи и храна на градскиот плоштад.

На ден 3.10.2025 беше одржана свеченост по повод приемот на првачињата во Детската Организација под мото „Детето денес – иднината утре". Целта на оваа свеченост е кај првачињата да се развие чувство на припадност во Детската организација. По тој повод беше изведена кратка приредба на која учествуваа и ученици од други одделенија со литературни, музички, балетски и рецитаторски точки.

Свечена културно – уметничка програма изведена во училишната сала по повод Патронот на училиштето.

Во месец декември се одржа Новогодишен базар со креативни изработки од учениците од V-а , V-б, V-в и Vодд. од ПУ.с.Јанковец.

Во месец декември и април ученици од нашето училиште зедоа учество на Интернационалниот онлајн натпревар по математичко-информатичко размислување (New Corner).

Во месец април од страна на МВР се одржа предавање за врсничко

насилство на седмите одделенија.

На ден 24.5.2025 по повод Денот на сесловенските просветители „Св.Кирил и Методиј " беше изведена кратка приредба на која учествуваа ученици од прво до петто одделение со литературни, музички и рецитаторски точки.

Изведена е екоакција во нашето училиште ,,Генералка викенд", на која учествуваа сите ученици од прво до деветто одд. и наставничкиот кадар.

Во месец март и јуни беа организирани хуманитарни акции - собирање на парични средства за наш ученик.

Изработија: Наташа Гочевска, Даринка Весливска, Шејла Бајрами

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за работа на стручниот актив по природна група на предмети (Математика, Физика, Биологија, Хемија, Информатика и ТО)**

**за учебната 2025/2026 г.**

Наставниците, членови на оваа група предмети, во соработка со директорот, стручната служба и учениците, неколку пати месечно се состануваа и разгледуваа прашања поврзани со наставниот процес. Првиот состанок го одржаа во месец август 2025 год. кога беше избран претседател на овој актив. Од месец август 2025 год., па заклучно со месец јуни поточно до 10.6.2026 год. беа разгледувани следниве теми:

- Разговор во врска со распоредот на часовите и наставните предмети;
- Разгледување на годишните глобалните и тематско-процесните планирања и размена на мислења;
- Изготвување на индивидуални образовни планови;
- Договорање за формирање секции и изработка на годишната програма за нивна работа.
- Договарање за изработка на програма за дополнителна настава

- Договарање за изработка на програма за додатна настава
- Планирање на контролни задачи, писмени и тестови
- Методи и начини за ефикасно учење и предлози за подобрување на успехот кај учениците со потешкотии во учењето;
- Анализа на успехот на учениците во текот на првото тримесечие;
- Сумативно оценување;
- Подготовка на наставен час и задачи што треба да се реализираат;
- Примена на стандардите и критериумите во оценувањето на учениците;
- Примена на нагледни средства и технички помагала во наставата;
- Примена на стандардите и критериумите во оценувањето на учениците;
- Извештај и дискусија за постигнатите резултати во наставата, во првото полугодие од учебната година;
- Разгледување на резултататите од слободните ученички активности, дополнителна и додатна настава;
- Договор за организирање училишни натпревари;
- Договор за организирање и реализирање на општински натпревари;
- Анализа на постигнатите резултати од општинските натпревари;
- Анализа на ефикасноста од применетите форми на настава;
- Анализа на резултатите од користењето компјутери во наставата и размена на искуства;
- Разгледување на успехот на учениците по третото тримесечие;
- Активности за професионално ориентирање на учениците;
- Согледувања од искористеноста на нагледните средства и помагала;
- Анализа на постигнатите резултати на сите форми на наставни и вонннаставни активности;
- Анализа на успехот на учениците и постигнатите резултати на крајот на учебната година;
- Изработка на извештај за работата на активот за учебната година што измина.

Овој извештај за работата на Стручниот актив во учебната 2025/2026 год. беше подготвен од сите предметни наставници, членови на активот.

**Членови на стручниот актив:** Соња Стрезовска, Ертан Шабединовски, Недрет Шахини, Билјана Карапалевска, Јовче Лазаревски, Енѓул Хајдар, Маре Соколевска.

# ИЗВЕШТАЈ

## од Активот на одделенска настава за учебната 2025/26 година

Согласно годишната програма за работа на Активот беа реализирани следните активности:

- Донесување Годишен план и програма за работата на Активот за одделенска настава (одговорен наставник на активот) за учебната 2025/2026 година;
- Договор за изготвување на годишни и тематски планирања за учебната 2025/2026 година (одговорен наставник);
- Разгледување на постигнатиот успех во првото тримесечје и реализација на додатна и дополнителна настава во учебната 2025/2026 година;
- Разгледување на полугодишните резултати на учениците;
- Размена на искуства- (нова наставна програма);
- Разгледување на резултатите на учениците во третото тримесечје и резултати од натпреварите;
- Еколошки акции и кампањи се организрани како дел од еколошката програма со цел да се промовираат еколошките активности во пошироката заедница, да се подигне свеста и да се вклучат поголем број на ученици,

деца, вработени, родители и медиуми планирана е организација на еколошки акции;

- Извештај и анализа на работата на Активот на одделенска настава за 2025/2026 година (одговорен наставник).

**Реализатори**: Претседател и членови на Актив на одделенска настава, претставници на стручна служба, директор на училиштето

**Одговорен наставник на Актив на одделенска настава**: Весна Зузаровска

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД КОМИСИЈАТА ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ООУ„МИТЕ БОГОЕВСКИ“-РЕСЕН ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОД.

Целокупниот процес на едукација и рехабилитација на ученици со посебни образовни потреби во редовни основни училишта во Р Македонија е започнат уште во 1998 год. со донесување на измените во Законот за основно образование , со кој поголем дел од децата, зависно од преостанатите способности и потенцијали, да можат да се интегрираат во редовните основни училишта. Тука би се повикале и на принципот на образование за сите, каде Република Македонија е цврсто определена да ги следи препораките од меѓународните фактори за креирање на свет по мерка на детето и да се обезбеди квалитетно образование за сите ученици, вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби.

Во врска со првата предвидена точка односно

- **Препознавање и идентификување на ученици со посебни образовни потреби**

Во текот на првото полугодие од учебната година работата на наставникот не е дијагностицирање, тој само ги опсервира, евидентира однесувањата и е во соработка со специјализирани стручњаци, ја планира работата со учениците, тој е

еден од реализаторите на договорениот индивидуален образовен план. Некои отстапувања може брзо да се идентификуваат, како што се одстапувања во развојот, крупната моторика и фина моторика, отстапување во развојот на говорот и гласот, отстапување на интелектуален план, отстапување во социјалниот и емоционален развој.

Од страна на воспитно-образовниот кадар кај некои од новите ученици беа идентификувани отстапувања во социо-емоционалниот развој, за тоа во периодот септември-октомври беше изготвена анкета според предвидената програма.

- **Изготвување на анкета наменета за наставници со цел откривање на некоја аномалија, посебност кај учениците**
  По што беа евидентирани некои ученици односно беа забележани знаци кои укажуваат на некои од од следниве видови на попреченост:

  - Лица со оштетен вид (слепи и слабовидни);
  - Лица со оштетен слух (глуви и наглуви);
  - Лица со пречки во гласот, говорот и јазикот;
  - Телесно инвалидизирани лица;
  - Интелектуално попречени лица;
  - Аутистични лица;
  - Хронично болни лица и
  - Лица со комбинирани пречки.

Инклузивното образование како интегрална компонента овозможува соодветна едукација за сите, ги распознава и почитува различните способности и, вклучувајќи ги различните стратегии за учење, флексибилност и системот, се рефлектира врз методите и материјалите кои се користат за да им се овозможи на децата со посебно образовни потреби најефикасен пристап до редовните наставни програми.

Во периодот септември-октомври согласно предвидената програма беше

- **Изработена програма  и модифицирање  на наставните  цели за учениците со  посебни образовни потреби односно изработени Индивидуални образовни планови ИОП и Модифицирана програма**

Тие се изработени во соработка со наставниците кај кои има такви ученици, стручната служба со цел вклучување на овие ученици успешно и  активно во целокупниот процес на воспитание и образование .

Следните активности  кои  беа  правени според предвидената програма, тековно во текот на целата учебна година, а се обидовме да ги групираме во една група беа следниве:

- **Изработка на специјални дидактички средства за олеснување на наставата;**
- **Изработка на тестовен и друг материјал наменет за учениците со посебни образовни потреби;**
- **Воведување на нагледни средства за полесно изведување на наставата.**

Со реализирањето на овие цели односно со индивидуална и групна работа главно на Специјалниот едукатор рехабилитатор-дефектологот, но и на наставниците во текот на целата учебна година активно се водеше грижа за оваа група на ученици се со цел полесно спроведување на целокупниот процес  на едукација и рехабилитација.

Следните точки од програмата кои беа предвидени за реализација според годишната програма

- **Опсервирање на учениците со посебни образовни потреби во наставната година;**
- **Воведување на нови методи и техники во наставата.**

Овие активности беа реализирани во текот на учебната година , преку групна и индивидуална работа со координарање на работата од страна на стручниот соработник, дефектолог во соработка со наставниците, стручната служба односно целииот стручен тим. Сето ова се прави со цел мотивирање на учениците во текот на тековната учебна година за активна работа според преостанатиот потенцијал

Следни од планираните активности се:

- **Соработка со родители на ученици со посебни образовни потреби и со потешкотии во учење.**

Оваа активности се изведуваа преку следниве форми на работа односно групно, индивидуално, дискусија, разговор. Овие активности се изведуваат преку стручната служба, специјалниот едукатор рехабилитатор-дефектолог, наставници, а се изведува тековно во текот на учебната година со цел секојдневна и зголемена комуникација и соработка и поголем успех на учениците со посебни образовни потреби.

Последната активност која е планирана и реализирана според програмата за учебната 2025/2026 година е

- **Воведување на најразлични технички средства во наставата.**

Оваа активност се реализираше во текот на учебната година преку групна и индивидуална работа, главно ја изведуват дефектологот и наставниците, а главна цел е олеснување на целокупниот наставен процес и мотивирање за изучување на наставните цели предвидени во индивидуалниот образовен план ИОП

**Изработиле членови на комисијата за работа со ученици со посебни образовни потреби :**

1. Николчо Ристевски
2 Снежана Милошевска
3. Весна Рунчевска
4. Искра Симеоновска

## Извештај од комисијата за инклузивен тим за образование за учебната година 2025-26година

За да може образованието да е комплетно, односно да се реализира целокупно воспитно-образовниот процес потребно е вкомпонирање и на инклузивното образование. За да биде правилно и успешно спроведено потребно е да постои тим кој ќе ги исполни препораките, програмските цели и задачи на инклузивното образование. Инклузивниот тим кој треба да го реализира инклузивното образование го сочинуваат:

- Директор на училиштето
- Координатор за посебни потреби (педагог или психолог)
- Наставник
- Родители на ученици со посебни образовни потреби
- Мобилен специјален - едукатор рехабилитатор-дефектолог

Секој од членовите на стручниот тим имаше строго определени задачи за работа кои треба да се реализираат во одреден временски период кои ке доведат до пружење на услугата и ќе го направат основното образование подостапно за сите ученици без разлика на посебноста која ја поседуваат.

Во продолженинние ќе се обидеме да ги дадеме работните обврски како и глобалните насоки на дејствување како ќе бидат посочени целокупните активности на дефектологот но и на целокупниот инклузивен тим, во процесот на инклузија, а ке бидат споменати и дел од тековните цели и задачи кои треба да се реализираат во текот на учебната година како и доврршување на старите проекти и нивна целокупна реализација вклопени во редовната програма изготвена од Бирото за развој на образованието како орган во склоп на Министерството за образование која треба да се реализира во наредниот деветомесечен период.

## ПРИМЕНЛИВИ НАСТАВНИ ПРОГРАМИ

## ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

## ПРОШИРЕНА ПРОГРАМСКА АКТИВНОСТ

Инклузија на ученици со посебни образовни потреби

Цели: вклучување на децата со посебни образовни потреби во редовни услови и настава, а со тоа поуспешно функционирање и комуникација, толеранција, еднакви можности во социјалната средина;

Флексибилна инвидуализирана поддршка на децата со ПОП од страна на учениците и наставниците;

Зголемено и активно учество  во инклузивниот и образовниот процес и практична вклученоост  на родителите на деца со ПОП;

Изработка на индивидуални образовни планови, соодветни на способностите, потребите и подготвеноста на секој ученик;

Основни цели на инклузивното образование кои се наведени и во годишната програма на стручниот соработник дефектолог кои ќе настојуваме во следниов период да се реализираат се следниве:

- Да се следи заедничка наставна програма со максимално индивидуализирано прилагодување на содржината и методот на работа на секој ученик;
- Да се користи креативност и различен дидактички материјал при работата со сите ученици;
- Да се обезбеди индивидуална работа со учениците со посебни образовни потреби од страна на соодветни стручњаци;
- Да се обезбеди координирана работа и континуирана комуникација со наставниците, стручната служба, родителите и самите ученици;

- Креирање политика за работа со ученици со посебни потреби и емоционални потешкотии:
    - Во текот на целата учебна година
    - Идентификација на ученици со ПП и емоционални потешкотии
    - Беше извршена во периодот септември - октомври
- Запознавање на предметните наставници од VI одделение со учениците со ПП и емоционални потешкотии
    - Се реализираше во месец септември
- **Изготвување на индивидуален образовен план и модифицирана програма**
    - Оваа активност се реализираше во месец септември
- Континуирана поддршка на учениците со ПП и емоционални потешкотии
    - Во текот на целата учебна година
- Обезбедување на подршка од соучениците
    - Во текот на целата учебна година
- Подобрување на социјалната и емоционалната состојба на учениците со емоционални потешкотии и ПП
    - Во текот на целата учебна година
- Подобрување на инклузивната практика
    - Во текот на целата учебна година

Изработиле

Тим за инклузија на учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии:

## Извештај за реализирани воннаставни активности

Со учениците  VI - IX одделение ги одбележуваме позначајните датуми како што се државни и верски и празници, како и значајните меѓународни денови.

Прво со литературни читања на творби, а потоа со уредување на училишното пано,во учебната 2025-2026 година, ги одбележавме следниве празници:

-8 Септември-Ден на независноста

-11 Септември-Ден на ослободувањето на Ресен

-5 Октомври-Ден на учителот

-11 Октомври-Ден на народното востание

-23 Октомври-Ден на револуционерната борба

- 31 Октомври-Одбележување на Патрониот празник на училиштето

-3 Декември-Ден на лицата со попреченост

-8 Декември-Св.Климент Охридски

-1 Јануари-Нова година

-21 Февруари-Ден на мајчиниот јазик

-8 Март-Ден на жената

5 Мај-Ден на македонскиот јазик

-24 Мај-Ден на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј

Наставници: Елена Рабаџиевска, Никола Чоневски, Алтај Абдуловски, Муамер Ибраимовски

# Годишен извештај на комисијата за Социо-емоционална клима во училиштето

Комисијата за Социо-емоционална клима во училиштето во изминатиот период од оваа учебна 2025/2026 година се придржува кон реализирање на предвидениот план како и креирање и негување атмосфера на добри односи меѓу сите чинители.

Почитта кон сите ученици, наставници, стручни соработници и другите вработени во училиштето е на завидно ниво, секогаш има навремен и редовен проток на сите релевантни информации се со цел донесување на правилни одлуки, навремено решение на секоја обврска и проблем. Во севкупниот процес активно се вклучени и родителите со донесување одлуки и решенија, давање идеи кои ќе се во интерес на подобрување на воспитно – образовниот процес на училиштето. Исто така нашето училиште има активна и континуирана соработка со локалната заедница, од која обезбедуваат поддршка за одвивање на редовните и дополнителните училишни и вонучилишни активности. Преку таквата соработка училиштата го збогатуваат квалитетот на сопствените развојни процеси, обезбедуваат дополнителна поддршка за наставниците и учениците и ги промовираат своите постигања надвор од рамките на самото училиште. Учениците од нашето училиште активно беа вклучени во сите планирани проекти и активности.

Активностите на сите чинители продолжуваат и во текот на наредната учебна година со голем интерес и посветеност и се разбира со нови идеи и поголема и несебична подршка се со цел подобрување на севкупната социо-емоционална клима во нашето училиште.

Членови: Ѓултен Максуд, Милица Котларовска, Маре Котларовска

## Годишен извештај за работата на комисијата за

## Соработка со родители

Соработката со родители претежно се остварува на родителски средби (индивидуални или групни). На тие средби најчесто ги информираме родителите за постигањата и напредокот на нивното дете.

Задачата на Комисијата е непосредна и директна комуникација со родителите на учениците по прашања и проблеми од секојдневниот живот во училиштето, како и пренесување на предлози и иницијативи од родителите до директорот и стручната служба околу подобрување на условите за работа во училиштето.

Во учебната 2025/2026 год. беа одржани 5 родителски средби:

- **Прва родителска средба одржана на: 1.9.2025**
- **Втора родителска средба одржана на: 18.11.2025**
- **Трета родителска средба одржана на: 29.12.2025**
- **Четврта родителска средба одржана на : 22.04.2026**
- **Петта родителска средба одржана на : 19.06.2026**

Од септември до јуни беа одржани индивидуални родителски средби од страна на одделенските раководители и предметните наставници, на кои индивидуално се разговараше за успехот и дисциплината на учениците.

Активностите на родителско училишната соработка се реализира преку развој на капацитетот на следните области:

- Преглед на остварени достигнувања во 2025/2026 год.
- Идентификување на проблемите во училиштето.
- Понатамошен развој на вонnаставни детски активности.
- Соработка на училиштето со локалната средина.
- Развивање партнерство меѓу советите на родители, невладини организации и локалните власти.

- Техничка помош за подобрување на училишната инфраструктура.
- Донесување одлука преку комуникација, учество и соработка.

Членови

Марија Андреевска Гошаревска

Севим Максуд

Весна Кондовска

**ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ПО ПОВОД ДЕНОТ НА УЧИЛИШТЕТО**

**(2025-2026)**

ООУ „Мите Богоевски“-Ресен со низа активности го одбележа Денот на училиштето. По тој повод беа организирани и реализирани повеќе активности од страна на учениците и наставниците од нашето училиште. Беше положено свежо цвеќе пред бистата на Мите Богоевски во училишниот двор, при што беше одржан и историски час за животот и делото на овој наш народен херој. Исто така учениците и наставниците подготвија пригодна културно-уметничка програма со изведби на учениците од рецитаторската секција, драматизација на текст како и музички точки со училишниот хор и оркестар.

Денот на училиштето беше одбележан и со низа спортски активности. Учениците несебично го вложија својот труд и младешки потенцијал во реализација на активностите.

Комисија:

Никола Чоневски, Муамер Ибраимовски, Елена Рабаџиевска, Алтај Абдуловски

Соња Марковска, Севим Максуд, Христијан Башевски

## Годишен извештај за одржување на хигиената во училиштето

Според Програмата за одржување на хигиената во училиштето, сите инволвирани во процесот на работа, односно вработени, имаат свој удел во одржување на хигиената – изгледот и редот на училиштето во целост. Се разбира главната задача ја има техничкиот персонал, но одговорноста за поздраво училиште е заедничка на сите инволвирани.

За таа цел Комисијата особено се вложи во овој процес , посветувајќи се на своите обврски во целост. Поточно за време на овој изминат период, се грижеше околу тоа, како се одржува хигиената во училишните згради, тоалетите, училишниот двор и помошните простории. Истата вршеше повремена, ненадејна, неофицијална проверка на различни места. Воедно често разговараше со техничкиот персонал на таа тема, со кои имаше извонредна соработка. Може да се каже дека многу често наидуваше на беспрекорна состојба, со исклучок на незначителни аномалии, за кои имаа потполно разбирање и навремено отсранување на истите.

Паралелно на тоа, Комисијата исто така, често им сугерираше на наставниците на класен час или по нивни избор што почесто да разговараат со учениците на оваа тема, во периодот на настинки и сл.

Како резултат на сите активности, може да се заклучи дека училиштето има навистина здрава средина за учење, а со тоа и подобар успех.

Комисија:

Весна Темелковска

Ертана Сулооџа

Ѓултен Максут

Соња Марковска

## И З В Е Ш Т А Ј
## НА РЕАЛИЗИРАНИ ЕКОЛОШКИ ПРОЕКТИ ПРИ ООУ МИТЕ БОГОЕВСКИ – РЕСЕН
## за учебна година 2025-2026

Нашето училиште има јасна визија и политика за работа во чиста и здрава еколошка средина. Затоа сме вклучени од самиот почеток во имплементацијата на Програмата за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем и ја усвоивме заштитата на животната средина како една од основните вредности во нашето управување, едуцирање и делување. Во изминатите години редовно ја поврзувавме оваа програма со нашата наставна програма.

Исто така и оваа година ги следевме седумте чекори за уште повеќе да ја подобриме ситуацијата во нашето училиште, образување и воспитување на учениците за заштита на животната средина во и околу училиштето, па и пошироко, како и да ја подигнеме свеста на нашите ученици, а воедно и на пошироката јавност во нашиот град.

**Членови на Екоодбор**

| | Име и Презиме | Позиција | Институција |
|---|---|---|---|
| 1 | Ајфер Аџигора | Директор | ООУ Мите Богоевски - Ресен |
| 2 | Биљана Карапалевска | професор по Биологија | ООУ Мите Богоевски - Ресен |
| 3 | Рејхан Ранак | наставник по Хемија-Биологија | ООУ Мите Богоевски - Ресен |
| 4 | Шејла Бајрами | одделенски наставник<br>Координатор на ЕкоОдбор | ООУ Мите Богоевски - Ресен |
| 5 | Бети Ќосевска | одд наставник | ООУ Мите Богоевски - Ресен |
| 6 | Милица Котларовска | одд наставник | ООУ Мите Богоевски - Ресен |
| 7 | Гордана Касовска | одд наставник | ООУ Мите Богоевски - Ресен |
| 8 | Владо Масалковски | наставник по Географија | ООУ Мите Богоевски - Ресен |
| 9 | Снежана Милошевска | педагог | ООУ Мите Богоевски - Ресен |
| 10 | Ана Марија Стојчевска | ученик | ООУ Мите Богоевски - Ресен |
| 11 | Ангела Карапалевска | ученик | ООУ Мите Богоевски - Ресен |
| 12 | Михаела Недановска | ученик | ООУ Мите Богоевски - Ресен |
| 13 | Јана Мулицовски | ученик | ООУ Мите Богоевски - Ресен |
| 15 | Озге Аџигора | ученик | ООУ Мите Богоевски - Ресен |
| 14 | Наџи Чапкун | ученик | ООУ Мите Богоевски - Ресен |

## Реализирани активности
## учебна 2025-2026

Екоодборот при ООУ Мите Богоевски – Ресен во учебната 2025-2026 според планот на активности од Годишната програма на Екоучилиште ги има реализирано следните активности

- Подготовка на Годишен план на Екоучилиште за 2025-2026 година
- Формирање на Екопатроли

| **Екопатрола** | **Одговорен наставник** | **Одговорен ученик** | **Ученици членови** |
|---|---|---|---|
| Вода | Билјана Карапалевска | Ана Марија Стојчевска | Ангела Карапалевска |
| Хигиена | Бети Ќосевска | Михаела Недановска | Јана Мулицовски |
| Отпад | Владо Масалковски | Озген Аџигора | |
| Енергија | Рејхан Ранак | Наџи Чапкун | |

- Изработка на екокодекс
- Преземени активности за рационално користење на водата за пиење во рамките на нашите можности и подигање на свеста кај учениците за овој проблем преку упатства од ЕКОКОДЕКСОТ и преку редовни контроли од Екопатролите
- Преземени активности за рационално користење на енергијата како топлинска така и на електричната енергија преку упатства од ЕКОКОДЕКСОТ и преку редовни контроли од Екопатролите
- Преземени активности за хигиената во училиштето со подигање на свеста кај учениците за портебата од чиста околина и нејзинато одржување преку упатства од ЕКОКОДЕКСОТ и преку редовни контроли од Екопатролите

- Поставено екокатче на видно место во училиштето и Екотабла на која се истакнати нашите активности
- Одбележани денови како : 16 Септември-Светски ден за заштита на озонската обвивка, 5 Март Светскиот ден за заштеда на енергија, 22 Март –Светски ден на заштита на водата, 5 Јуни –Светскиот ден на животната средина
- По повод 22.3. Светскиот ден на водите- извршени дисеминации за учениците од темата Одржлив развој со акцент на загадувањето на водите и да внимаваме што помалку да ја загадуваме околината.

- Поддршка за одржување на предавања во врска со Здравјето на учениците, Хигиената и заштита од дроги и слични пороци (предавања одржани од лекари и претставници од Црвен крст)

- Еколошка акција на ден 8.5.2026 год. „Генералка Викенд (Generalka Weekend)"- проектот има еколошка и едукативна функција

  - учениците преку сопствено искуство да покажат интерес и грижа за еколошката средина во која учат и живеат;

  - секој ученик да се почувствува како одговорен и активен дел од акцијата и да се развие екосвест;

  - јакнење на социјалната димензија заедништво и доверба; развивање на екопатриотизам и екокултура;

  - да се постигне дружење и мотив за реализирање друга повисока цел-масовност.

- ЕКОЧАСОВИ за време на „Генералка Викенд (Generalka Weekend)"

  -Грижа за околината;

  - Канта за отпадоци (рециклирање, реупотреба, отпад);

  - Влијанието на човекот врз животната средина;

  - Пожар;

  - Здраво живеење –спанаќ;

  и многу други.

- 20.5.2026- Светски ден на пчелата, - учество на Квиз за Денот на пчелата организиран од Амбасадата на Република Словенија

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛЕН И ЕМОЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2025 /2026 ГОДИНА

Во текот на оваа учебна година се следеше социјалниот и емоционалниот развој на учениците од прво одделение ,во соработка со одделенските наставници и развојот на поедини ученици од 2-ро, 3-то и 4-то одделение во соработка со одделенските раководители и стручниот соработник- дефектолог, кој индивидуално и групно работи со нив.

Во 2-ро одделение преку присуство на часовите се следеше дали децата ги сфаќаат и прифаќаат обврските, дали соработуваат со другите деца, дали ги почитуваат правилата на другарско однесување, да не доаѓа до конфликти со другарчињата, да користи соодветни зборови наместо физичка агресија.

Во текот на месец мај по насоките што се дадени од МОН и БРО преку опсервација за социо-емоционалниот развој се врши упис на ученици за прво одделение и се набљудува следново:

- Како детето се однесува во новата средина;
- Како се однесува кон другите деца;
- Како се однесува со мебелот, средствата и материјалите;
- Како се однесува кон родителите;
- Како се однесува кон непознати лица;
- Како се однесуваат родителите кон детето;
- Се води разговор со детето да даде опис на слика, дали знае песничка или стихотворба;
- Му се дава да нацрта и обои цртеж по слободен избор.

Одговорни стручни лица:

Весна Рунчевска

Снежана Милошевска

Николчо Ристевски

## ИЗВЕШТАЈ

### ОД КОМИСИЈАТА ЗА РАБОТА ПО ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА  И НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО  ООУ,,МИТЕ БОГОЕВСКИ‘‘-РЕСЕН

Во  текот на на учебната ***2025 /2026*** год стручниот тим во соработка со наставниците, реализираше активности од програмата за превенција на насилно оденсување. Во месец  октомври беа запознати наставниците со програмата за насилно оденесување на учениците во училиштето, како и со мерките за намалување на истото и создавање на позитивна клима во меѓусебните односи меѓу наставниците и учениците.

Во ноември учениците од петто одделение заедно со одделенските раководители ја посетија  Полициската станица во Ресен каде имаа предавање за превенција од насилно однесување. Во месец декември во  Собранието на општината Ресен одржана е дебата  на тема : ,, ***Насилството меѓу младите*** – организирана од страна  и на иницијатива од Полициската станица и оделението за насилство-Ресен. На дебатата присуствуваа претставници на локалната самоуправа на општина Ресен, претставници на основните училишта и средното општинско училиште, совет на родители, ЈЗУ Ресен, ЦСР  Ресен, претставници на НВО и ученици од седмо и осмо одделение.

Во месец декември  во училиштето ,,Мите Богоевски‘‘ присуствуваа претставници од Полициската станица Ресен кои одржаа предавање за однесувањето на учениците  за новогодишните празници. Во месец март

спроведена е анкета на ученици од предметна настава, анкета на наставници од одделенска и предметна настава, и на родители на учениците, за проектот ***,,Училиште без насилство***‘‘ во ООУ ,,Мите Богоевски‘‘.

Во месец мај претставници од ***МВР ПС - Ресен*** одржаа предавање за учениците од 9-то одделение за безбедно прославување на полуматурската вечер.

Исто така во текот на оваа учебна година имавме осработка со Центарот за социјална работа, Здравствениот дом во Ресен, Црвениот крст, Домот на културата, Државниот просветен инспектор, Бирото за развој на образованието и други институции, локалната средина со цел подобрување на животот во училиштето ,,Училиште без насилство‘‘.

Одговорни лица:

Весна Рунчевска (психолог)

Весна Фузевска (наставник)

Шејла Бајрами (наставник)

Зоран Станојковиќ (наставник)

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛЕДЕЊЕТО НА ПЕДАГОШКАТА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА 2025 /2026 ГОД. ПРИ ООУ ,,МИТЕ БОГОЕВСКИ ,,РЕСЕН

Следењето на педагошката евиденција и документација во учебната 2024/2025 год. се реализираше според Планот и Програмата за следење на педагошката евиденција и документација предвидени за оваа учебна година. Следењето се вршеше од страна на директорот Ајфер Аџигора, психологот Весна Рунчевска и педагогот Снежана Милошевска.

Во текот на месец август на Советот на одделенски наставници и Советот на предметни наставници, беше разгледана Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 год. и истата на Наставнички совет беше усвоена  и пропратена  до Советот на Општина Ресен. На Наставничкиот совет исто така наставниците добија задолженија да ги изготват Глобалните и Тематските процесни планирања и истите да ги достават до стручната служба. Им беше напоменато оние наставници кои немаат Тематско-процесно планирање да изготват, а исто така во планирањата да бидат застапени часови каде ќе се користи ИКТ во наставата, како и часови од ЕКО проектот и МИО проектот во одделенска и предметна настава. Исто така им беше напоменато за правилно и навремено водење на педагошката евиденција во е-дневникот и документацијата во Главните книги, како и навремено внесување на наставните содржини и други податоци во е-дневникот. При прегледот на Глобалните и Тематските планирања на поедини наставници им беше укажано на поедини недостатоци, како и на планирање методи и форми на оценување, нецелосно изработени тематско процесни планирања, директно преземени планирања од интернет без соодветна дообработка и други помали пропусти. По укажувањето поголемиот број недостатоци се отстранети со поедини исклучоци.

Исто така во текот на оваа учебна година се следеше и правилно водење на е-дневникот, при што неколку пати во текот на годината е извршен преглед на истиот. На наставниците им е укажано за некои пропусти кои се однесуваат на планирањето и реализацијата како и на другите содржини во дневникот. Со поедни наставници разговарано е поединачно.

Во оваа учебна година на секои две недели  се вршеше проверка на редовното изработување на дневни подготовки и сценарија било да се во електронска  или пишана форма. Од извршениот увид е констатирано дека дневните подготовки и сценаријата се изработуваат различно во зависност од укажувањата на советниците и тоа дали се изработуваат тематско процесни планирања  или пак  се работи по старата програма. Но во глобала  се запазени основните карактеристики  на една дневна подготовка.

На крајот на првото тримесечие, на полугодие  и третото тримесечие извршен е преглед на Евидентните листови, со кои се известуваат родителите за успехот, редовноста и поведението на нивните деца.

Јуни 2026год.

Директор  –Ајфер Аџигора

Психолог –Весна Рунчевска

Педагог –Снежана Милошевска

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРЕЗЕМЕНИ АКТИВНОСТИ НА УЧИЛИШНИОТ ТИМ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Во текот на учебната година беа одржани состаноци со Стручните активи и состаноци на Советот на одделенски наставници и Советот  на предметни наставници на кои се дискутираше на актуелни теми од иновативната настава. Во оваа учебна година како приоритетни цели и во Годишната програма  на училиштето е предвидено осовременување на наставата со компјутери и интерактивни табли, следење на примената на ИТ комуникација во наставата, како и  следењето  и реализацијата на проектите “Меѓуетничка интеграција во образованието”, “Интеграција на еколошката едукација” “Превенција од насилство во основните училишта” . Затоа во оваа учебна година  уште на почетокот беа преземени низа активности во насока на подобрување на квалитетот на наставата преку  примена на новите наставни планови и програми по оделни наставни предмети по Новата концепција за основно образование.

На почетокот на учебната година сите наставници ги средија училниците и кабинетите и во сите  нив беше инсталирани комјутерска опрема, исто така беа изготвени критериумите и стандардите за оценување и истите беа истакнати на видно место со цел да се запознаат учениците и родителите. Беа изработени портфолија на учениците во електронска форма во кои беа внесени формите и методите како и инструментите. Беше извршена посета на часови  со

цел да се следи и дава помош на наставниците во врска со начинот на оценувањето, од страна на директорот, педагогот и психологот. На овие часови беше констатирано дека се применува ИТ во наставата како и различни начини на оценување во зависност од предметот и содржината на часот. Исто така кај проектните активности беа употребувани чек-листи за самооценување и оценување на учениците. Од посетата на часовите беше констатирано дека наставниците употребуваат современи нагледни средства, свремени наставни форми и методи. На часовите учениците работеа самостојно, на истражувачки и проектни активности со користење на модерна технологија и беа мотивирани за работа со што полесно ги совладуваа наставните содржини и ги развиваа вештините потребни за живот и работа на 21-от век.

Од страна на наставниците беа посетени сите семинари од МОН и БРО и постоеше во текот на годината реализација на интерна дисеминација по посетени семинари.

| **Директор** | **Комисија** |
|---|---|
| Ајфер Аџигора | Весна Рунчевска - Психолог |
| | Николчо Ристевски- Дефектолог |
| | Снежана Милошевска – Педагог |
| | Бети Ќосевска – Одд.наставник |

## СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛНА КЛИМА ВО УЧИЛИШТЕТО

Во градењето конструктивна клима во училиштето придонесува училишната политика која е посветена на креирање и негување атмосфера на добри односи меѓу сите чинители. Почитта кон сите ученици, наставници, стручни соработници и другите вработени во училиштето е обезбедена преку демократско раководење од страна на директорката Ајфер Аџигора која обезбедуваа практикување на

транспарентно донесување на правилата за однесување во училиштето (етички кодекс), навремен и редовен проток на сите релевантни информации и активно учество на наставниците и учениците (и нивните родители/старатели) во одлучувањето на ниво на училиште. Раководството поттикнува и овозможува висок степен на соработка меѓу наставниците преку стручните активи и промовира активно учество на наставниците во телата на училиштето во кои се донесуваат одлуките. Истовремено, раководството, наставниците и стручните соработници се активно ангажирани во поддршката за формирање на ученичките тела на начин кој гарантира демократска партиципација на учениците во заштитата на нивните права и слободи, во донесувањето одлуки за прашања кои се од нивен непосреден интерес и во решавањето на проблеми кои ги тангираат и нив самите.

За конструктивната клима во училиштето придонесува и наставата која е флексибилна, интерактивна, прилагодена на потребите и интересите на учениците и стимулативна за активно учество на учениците. При реализацијата на наставата наставниците не се поставуваат како неприкосновени авторитети, во улога на пренесувачи на знаења, туку прават сѐ учениците да ги доживуваат како партнери и олеснувачи на процесот на учење. За да ја постигнат таа цел, на наставниците им е овозможено преку континуирана обука и професионален развој да се стекнат со компетенции за успешна реализација на ваквата улога. Притоа, особено внимание се посветува и на кариерниот развој на наставниците, на нивното наградување по разни основи, како и на поддршката и грижата за нивниот општествен статус кои ги добиваат од раководството и од образовните институции во земјата.

За конструктивната клима во училиштата во голема мера придонесува и соработката со родителите/старателите која се постигнува со нивно активно вклучување во животот и работата на училиштето не само како претставници во Советот на родители или Училишниот одбор туку и како волонтери во разни случувања во училиштето, во улога на предавачи на теми за кои се стручни или како учесници во заеднички акции и други настани заедно со своите деца.

Целта на програмата е да ги поттикнува родителите да учествуваат во процесот на донесување одлуки и решенија, давање идеи кои ќе се во интерес на подобрување на воспитно – образовниот процес на училиштето. За интензивирање на соработката со родителите и нивно анимирање во активностите на училиштето се одржуваат информативно – едукативни средби, како по класови, така и на ниво на училиште. Заеднички се детектираат состојбите – условите за работа во училиштето, тековните проблеми и потреби, така што се доаѓа до можност за идејни планови и решенија за подобрување на истите.

Училиштата соработуваат и со локалната заедница од која обезбедуваат поддршка за одвивање на редовните и дополнителните училишни и вонучилишни активности. Во принцип оваа соработка е двонасочна – локалната заедница инвестира во училиштето и му обезбедува простор за сопствена промоција, а училиштето возвраќа преку учество во хуманитарни, еколошки и друг вид акции во кои покрај наставниците се вклучени и учениците. Покрај тоа, училиштата имаат можност да се поврзуваат со други училишта во својата општина, во земјата и во странство сè со цел да разменуваат искуства и да црпат идеи за подобрување на севкупните услови за работа. Преку таквата соработка училиштата го збогатуваат квалитетот на сопствените развојни процеси, обезбедуваат дополнителна поддршка за наставниците и учениците и ги промовираат своите постигања надвор од рамките на самото училиште.

**Краткорочни/долгорочни ефекти**

- Релациите меѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес се добри и наставниците иучениците се чувствуваат порелаксирани.
- Наставниците и учениците се идентификуваат со училиштето.
- Создадена е демократска клима во училиштето.
- Родителите и заедницата го поддржуваат училиштето.
- Училиштето е афирмирано во заедницата.

Комисијата ја сочинуваат наставниците во одд.настава:

**1.Ѓултен Максуд**

**2.Маре Котларовска**

**3.Милица Котларовска**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЛАНИРАНИТЕ И РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО за учебната 2025/ 2026 година. Во текот на учебната 2025/ 2026година беа реализирани следните активности:

| **Конкретни самостојни активности** | **очекуван резултат/продукт** | **(пред)услови** | **реализатори** | **термин ( од/ до)** |
|---|---|---|---|---|
| **1. Долготрајна активност заеднички часови по Физичко и здравствено образование** | • Одржани заеднички часови по ФЗО<br>• Подготвен извештај | • Договорна средба на наставниците<br>• Усогласена стратегија за дејствување<br>- Подготвени акциони планови за работа | - Наставници од одделенска настава<br>- Учениците од 1-во до 5 -то | септември- јуни |
| **2. Соработка на наставниците на професионален план** | • Одржани работни средби<br>• Подготвен извештај на даден формулар со податоци за реализација на средбите | - Подготвени планирања (тематски , годишни)<br>- Размена на материјали<br>- Заедичко учество на актив | • Тимот<br>• Наставниците од 1во – 5-то одделение<br>активите | тековно |
| **3. Екскурзија со учениците од трето, шесто и дветто одделение.** | • Подготвен извешај подобрена комуникација, соработка и изградени интергрупни релации едни со други, прифаќање на сличностите и почитување на меѓусебните разлики; развивање на чувства на почит и меѓусебна доверба за заедничко живеење и формирање на | • Усвоена програма за изведување на екскурзија<br>• Подготвени акционен план | • Тимот<br>• Наставници од 3-то, 6-то и 9-то одделение<br>• Родители<br>• Директор<br>• Училишен одбор | мај/јуни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | пријателства кои продолжуваат и надвор од училишниот живот;<br>● Препознавање на етничките стереотипи и предрасуди и залагање за нивно надминување. | | | |
| **4. Еднодневен есенски/пролеттен излет** | - Подготвени акционен план<br>- Изведен излет<br>● Подготвен извешај<br>● Подобрена комуникација, соработка и изградени интергрупни релации едни со други,<br>● Прифаќање на сличностите и почитување на меѓусебните разлики;<br>● Развивање на чувства на почит и меѓусебна доверба за заедничко живеење и формирање на пријателства кои продолжуваат и надвор од училишниот живот;<br>• Препознавање на етничките стереотипи и предрасуди и залагање за нивно надминување. | - Подготвена програма за изведување на излет | ● Тимот<br>● Наставници<br>● Родители<br>● Училишен одбор<br>● Ученици<br>● | септември<br>април/мај |
| **5. Прослава на патрониот празник** | • Презентација на активностите пред управата, наставниците, учениците, родителите и претставници од општината | • Подготвен промотивен материјал (постери, брошури и/или други материјали) што го прикажуваат процесот и продуктот од реализираните | ● Тимот<br>● Наставници<br>● Родители<br>● Училишен одбор<br>● Ученици<br>● | октомври |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | активности<br>• Поканети гости на настанот<br>• | | |
| **6.Активности за демократско учество на учениците** | • Потикнување на постојана соработка помеѓу сите структури<br>• Развивање нз чувство на одговорност<br>• Поттикнува заедничко учество на учениците во различни процеси за тимска работа<br>• Развива социјално мислење и критичко мислење<br>• Осетливост за потребите почитување и прифаќање на различностите | • Редовни средби на ученичката заедница<br>• Записници | Ученичката заедница | тековно |
| **7.Библиотекарска секција** | • Потикнување на постојана соработка помеѓу сите структури<br>• Развивање нз чувство на одговорност<br>• Негува љубов кон книгата и читањето | • Месечни средби со ученици од двете националности | Членови на секцијата | тековно |
| **8.Инклузивни активности** | • Развивање чувство на емпатија и разбирање<br>• Соработка и дружење<br>• Почитување на различностите | • Средби, активности, дружење | Наставници и ученици | тековно |

## РАБОТНИ ЗАДАЧИ НА ПЕДАГОГОТ РЕАЛИЗИРАНИ ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

Во текот на оваа учебна година од страна на педагогот беа реализирани следните програмски подрачја:

Следење на воспитно образовната дејност

Воспитно образовната дејност се следеше преку преглед на годишните, тематските и дневните планирања на наставниците, преку непосредно следење на реализацијата на наставата, посета на часови од редовна настава, следење на етичкиот кодекс на однесување, следење на успехот, поведението и редовноста на учениците, следење на работата на стручните активи и вонаставните воспитно-образовни активности, дополнителна и додатна настава, екскурзии, натпревари и друго, следење на работата на одделенските заедници и ученичката заедница на училиштето, следење и преглед на педагошката евиденција и документација (евидентни листови, дневници на паралелката, главни книги, записници од работата на стручните активи, записници од Советот на предметни наставници, Советот на одделенски наставници и Наставнички совет).

Советодавно-консултативна работа

Консултативна работа со наставниците по прегледот на Годишните глобални тематски планирања како и на дневните подготовки, консултации со наставниците по извршената посета на часовите од редовна настава за изборот и примената на ефикасни форми, методи и средства на наставна работа, консултации со наставниците за прашања за редовноста на учениците, поведението и дисциплината, консултации за оценувањето на учениците. Советодавна работа со ученици кои покажуваат слаб успех, недисциплинирани ученици, ученици кои нередовно го посетуваат училиштето и советодавна работа со нивните родители. Консултации и помош на ученици кои имаат потешкотии во учењето, однесувањето, вклучување во работата на одделенските заедници и решавање на конфликтни ситуации во паралелките.

Аналитичко-истражувачка работа

Во текот на оваа учебна година се правеше анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците, анализа на реализација на часовите од дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности во текот на првото тримесечие, првото полугодие, третото тримесечие и крајот на учебната година. Исто така, се направи анализа на описменетоста на учениците во второ одделение по извршеното тестирање на непознат текст. Направена е анализа и извештај од извршеното анкетирање на учениците од деветто одделение за избор на идното занимање. Извршено е  анкетирање на учениците и родителите за изборни предмети кои ќе се изучуваат во учебната година.

Стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар

Активно учество во работата на Советот на предметни наставници, Советот на одделенски наставници, Наставнички совет и по потреба во Советот на родители и стручните активи. Учество во организирани форми на стручно усовршување и стручно усовршување преку следење на списанија од воспитно-образовната дејност. Стручното усовршување на наставниците и нивното учество на семинари се следи преку водење на педагошко досие за секој наставник и врз основа на поднесените извештаи од нивна страна.

Други работни задачи

Запишување на учениците за прво одделение и следење на нивниот развој, тестирање на учениците при уписот преку набљудување по насоките дадени од Бирото за развој на образованието, учество во изготвување на Годишната програма на училиштето, изготвување на статистички извештаи, учество во изготвување на Годишна програма за проектот “Интеграција на еколошката едукација” , учество во спроведување на проектот “Превенција од насилство во основните училишта”.

Во текот на учебната година при реализацијата на активностите од програмата соработував со директорот, психологот, дефектологот, секретарот, наставниците, учениците и родителите. Исто така постоеше соработка со Министерство за образование, Државниот просветен инспектор, Бирото за развој

на образованието, Центарот за социјална работа, Основните училишта од општината и СОУ “Цар Самоил”, Здравствениот дом, Локалната самоуправа и дриги.

## ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-ПСИХОЛОГ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Основна цел и задача на педагошко-психолошката служба во училиштето е унапредувањето и усовршувањето на воспитно-образовната дејност во истото. Оваа задача стручната служба ја реализира преку повеќе програмски подрачја во кои спаѓаат:

- Педагошко-психолошка инструктивна работа
- Советодавно-консултативна работа со ученици, наставници и родители
- Аналитичко-истражувачка работа
- Соработка и учество со стручни органи од училиштето
- Соработка со стручни и општествени институции надвор од училиштето
- Општо стручно усовршување на наставниот кадар
- Водење на сопствена евиденција и документација

Следење на воспитно-образовната работа во училиштето

Следењето на воспитно-образовната работа во училиштето се реализира уште од почетокот на учебната година кога се предаваат Годишните глобални тематски планирања од страна на наставниците, исто така се врши посета на часовите од редовна настава и увид во изработката на дневните подготовки за избор и примена на современи методи и средства за наставна работа. Како дел од законската обврска на секој наставник за водење на педагошката евиденција и документација, се следи и навременото и ефикасно водење на електронскиот дневник.

Советодавна, консултативна работа со учениците, наставниците и родителите

Со наставниците од одделенска и предметна настава соработуваме при решавање на проблеми во паралелките (во однос на успех на учениците, редовност и дисциплина).

Со наставниците и родителите разговараме за прилагоденоста на учениците во прво одделение и за прилагоденоста на новодојдените ученици во шесто одделение.

Советодавна работа со ученици кои покажуваат слаб успех, нередовно посетуваат настава и несоодветно се однесуваат во училиштето, истите се повикуваат на советување, а за наведените причини на советување се повикуваат и нивните родители.

Аналитичко-истражувачка работа

Се прави анализа за успехот, поведенитето и редовноста на учениците на крајот од првото и третото тримесечие, како и крајот на првото полугодие и крајот од учебната година. Споредбена анализа за последните три години по наставен јазик ( за успех, редовност и поведение на учениците) .

Преку анкета се утврдуваат професионалните желби и интереси на учениците од деветто оделение за понатамошно продолжување на образованието. Се анкетираат и се прави анализа на учениците од 4-то до 9-то одделение за избор на изборни предмети. Се утврдуваат интересите на учениците за вклучување во секции. Се анкетираат ученици од 8-мо и 9-то одделение, родители и наставници за проектот "Превенција од насилно однесување во училиштата".

Се изработува извештај од спроведено советување со родители.

Во месец мај се врши набљудување и упис на деца во прво одделение.

Соработка и учество во стручните органи во училиштето

Како стручен соработник - психолог активно учествувам во работата на стручните органи во училиштето (Советот на одделенски и Советот на предметни наставници, Наставничкиот совет, Стручните активи во училиштето, по потреба и во Советот на родители).

Соработка со стручни и други институции надвор од училиштето

За успешно реализирање на предвидените задачи и активности потребна ни е соработка со други стручни институции надвор до училиштето, а тоа се :

- Биро за развој на образованието ПЕ-Битола
- Средно училиште “Цар Самоил”- Ресен
- Основните училишта во Општина Ресен
- ОО на Црвен крст
- Центар за социјална работа
- Здравствен дом – Ресен
- Полициска станица – Ресен
- Центар за Јавно здравје- Битола
- Државен просветен инспекторат

Општо стручно индивидуално усовршување

Како психолог редовно ги посетувам семинарите организирани од страна на МОН и БРО, за личен и професионален развој.

Водење на педагошка евиденција и документација

Увид во педагошката евиденција и документација

Тековно се врши преглед на педагошката евиденција и документација , односно реализацијата на предвидените содржини во е-дневникот , како и водењето на Матичните книги за учениците .

Водење евиденција за сопствената работа

Работните задачи содржани во Годишната програма распределени по месеци се евидентираат во Дневник за сопствена работа. По потреба се прават записници од разговори со ученици, родители и наставници на посебно изработени протоколи за разговор.

Реализирани активности според оперативниот месечен план:

**Август**

-Формирани се паралелки и извршена е распределба на учениците во 1-во и 6-то одделение;

-Учествував во изработката на Годишната програма за работа на училиштето;

-Изработив сопствена Програма за работа;

-Го подготвив Дневникот за работа;

-Соработував со наставниците околу изработката на нивните Годишни тематски планирања;

-Учествував во работата на Наставничкиот совет.

**Септември**

-Следено е прилагодувањето на ученицие во новоформираните одделенија;

-Разговарано со учениците кои имаат адаптациони проблеми;

-Евиденција на учениците од 1-во одделение со специфични карактеристики;

-Евиденција на социјално загрозени ученици, со еден родител и без родители;

-Евиденција на ученици кои патуваат;

-Утврдување на интресите на учениците за вклучување во секции;

-Посета на подрачните училишта;

-Соработка со локалната заедница.

**Октомври**

-Организирање на дополнителна и додатна настава;

-Соработка со Здравствениот Дом - Ресен и прибирање на списоци за систематски преглед на учениците;

-Индивидуални разговори со проблематични деца;

-Индивидуални разговори со родители на проблематични деца;

-Консултации со наставници за решавање на појавени проблеми во паралелката;

-Советодавни разговори со ученици кои заостануваат во учењето;

-Преглед на педагошка евиденција,

**Ноември**

-Посета на час и следење на наставниот процес;

-Учество во работата на Советот на одделенски наставници и Советот на предметни наставници;

-Учество во работата на Наставничкиот совет;

-Разговор со ученици со повеќе негативни оценки и голем број на изостаноци;

-Советување на родители на ученици со намален успех во учењето и ученици кои нередовно посетуваат настава;

-Разрешување на емоционални конфликти кај учениците;

-Статистичка обработка и анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие од учебната година.

**Декември**

-Соработка со наставниците при изработката на тестови и наставни ливчиња;

-Разговор со ученици со низок социјален статус и разрешување на конкретни проблеми;

-Соработка со ОО на Црвен крст;

-Организирање на хуманитарна акција за прибирање на средства за Новогодишни пакетчиња за социјално загрозени ученици и ученици со еден родител;

-Учество во работата на Одделенските совети во одделенска и предметна настава;

-Учество во работата на Наставничкиот совет;

-Соработка со Полициска станица – Ресен;

-Соработка со Здравсвен Дом – Ресен.

**Јануари**

-Изготвување на полугодишни извештаи;

-Статистичка обработка и анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот од првото полугодие од учебната година;

-Разговор со родители, наставници и ученици заинтересирани за одредени прашања во однос на учењето и поведението;

-Разговор со прблематични ученици;

-Соработка со Центарот за социјална работа;

-Работа со Ученичкиот парламент.

**Февруари**

-Посета на подрачните училишта и увид на конкретни проблеми (педагошка евиденција, успех и поведение);

-Разговор со ученици кои имаат 3 или повеќе слаби оценки на крајот од првото полугодие;

-Разговор со ученици кои нередовно посетуваат настава;

-Советувања со родители на ученици кои покажуваат негативен успех и нередовно посетуваат настава;

-Соработка со институции надвор од училиштето.

**Март**

-Соработка со наставници при решавање на направени проблеми во паралелката;

-Соработка со Здравствен дом;

-Сорабтока со ОО на Црвен крст;

-Учество во работата на стручните активи во училиштето;

-Соработка со ДПИ;

-Соработка со БРО (11.3.2025г. посета на часови од страна на советници на БРО во паралелките на македонски наставен јазик);.

-Советодавна работа со ученици кои имаат тешкотии во учењето.

**Април**

-Советодавни разговори со учениците од 9-то одделение при избор на насоките за средно образование;

-Утврдување на намерите на учениците од 9-то одделение за продолжување на образованието (анкета за професионална ориентација);

-Анализа на добиените резултати од спроведената анкета за професионална ориентација;

-Учество во работата на Советот на одделенски и Советот на предметни наставници

-Учество во работата на Наставничкиот совет,

-Советување со родители.

**Мај**

-Изготвување на списоци за упис на децата од 1-во одделение во учебната 2025/2026 година;

-Набљудавање на децата за поаѓање во 1-во одделение;

-Соработка со комисија за категоризирање на децата попречени во псиохо-физичкиот развој (по потреба);

-Соработка со Здравствен дом;

-Соработка со ДПИ;

-Анкета за учениците од 4-то до 9-то одделение а слободен избор на изборни предмети за учебната 2025/2026 г.;

-Обработка на резултатите од спроведената анализа за изборни предмети за учебната 2025/2026 г.

**Јуни**

-Средување на педагошко-психолошката документација;

-Разговор со ученици кои се упатени на продолжителна настава или го повториле одделението;

-Разговор со родители чии деца се упатени на продолжителна настава или го повториле одделението;

-Изготвување на Годишен извештај за реализацијата на програмата и проектите кои се реализираат во училиштето како и целокупната работа во училиштето;

-Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците постигнати на крајот од учебната година.

Јуни, 2026г Психолог

**Весна Рунчевска**

## Извештај

## На комисијата за проверка на е-дневник за учебната 2025-2026

Комисијата за проверка на е-дневник вршеше континуирана проверка на е-дневникот на наставниците од предметна настава. Ги проверуваше заведените часови, внесените оценки, отсуствата на учениците, пополнувањето на други содржини соодветни за периодот во кој таа дејствуваше.

За забележаните недостатоци беа известени наставниците и недостатоците беа поправени.

Комисијата ја извршуваше својата работа континуирано во текот на целата година.

На крајот од учебната година, комисијата констатира дека е-дневникот е успешно пополнет.

Членови на комисијата: Енѓул Хајдар, Јовче Лазаревски, Ертана Сулооџа, Лазар Дечков

## Годишен извештај од комисијата за работа со ученици со посебни образовни потреби

## ООУ.„Мите Богоевски“-Ресен за учебната 2025/2026 г.

Целокупниот процес на едукација и рехабилитација на ученици со посебни образовни потреби во редовни основни училишта во Р Македонија е започнат уште во 1998 год. со донесување на измените во Законот за основно образование, со кој поголем дел од децата, зависно од преостанатите способности и потенцијали, да можат да се интегрираат во редовните основни училишта. Тука би се повикале и на принципот на образование за сите, каде Република Македонија е цврсто определена да ги следи препораките од меѓународните фактори за креирање на свет по мерка на детето и да се обезбеди квалитетно образование за сите ученици, вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби.

Во врска со првата предвидена точка односно

- ***Препознавање и идентификување на ученици со посебни образовни потреби***

Во текот на првото полугодие од учебната година работата на наставникот не е дијагностицирање, тој само ги опсервира, евидентира однесувањата и е во соработка со специјализирани стручњаци, ја планира работата со учениците, тој е еден од реализаторите на договорениот индивидуален образовен план. Некои отстапувања може брзо да се идентификуваат, како што се одстапувања во развојот, крупната моторика и фина моторика, отстапување во развојот на говорот и гласот, отстапување на интелектуален план, отстапување во социјалниот и емоционален развој.

Од страна на воспитно-образовниот кадар кај некои од новите ученици беа идентификувани отстапувања во социо-емоционалниот развој, за таа во периодот септември-октомври беше изготвена анкета според предвидената програма

- **Изготвување на анкета наменета за наставници со цел откривање на некоја аномалија, посебност кај учениците**

По што беа евидентирани  некои ученици односно беа забележани знаци кои укажуваат на некои од  од следниве видови на попреченост:

- Лица со оштетен вид (слепи и слабовидни);
- Лица со оштетен слух (глуви и наглуви);
- Лица со пречки во гласот, говорот и јазикот;
- Телесно инвалидизирани лица;
- Интелектуално попречени лица;
- Аутистични лица;
- Хронично болни лица и
- Лица со комбинирани пречки.

Инклузивното образование како интегрална компонента овозможува соодветна едукација за сите, ги распознава и почитува различните способности и, вклучувајќи ги различните стратегии за учење, флексибилност и системот, се рефлектира врз методите и материјалите кои се користат за да им се овозможи на децата со посебно образовни потреби најефикасен пристап до редовните наставни програми.

- **Изработена програма  и модифицирање  на наставните  цели за учениците со  посебни образовни потреби односно изработени Индивидуални образовни планови ИОП и Модифицирана програма**

Тие се изработени во соработка со наставниците кај кои има такви ученици, стручната служба со цел вклучување на овие ученици успешно и  активно во целокупниот процес на воспитание и образование .

Следнате активности  кои  беа  правена според предвидената програма тековно во текот на целата учебна година, а се обидовме да ги групираме во една група беа следниве:

- **Изработка на специјални дидактички средства за олеснување на наставата;**
- **Изработка на тестовен и друг материјал наменет за учениците со посебни образовни потреби;**
- **Воведување на нагледни средства за полесно изведување на наставата**

Со реализирањето на овие цели односно со индивидуална и групна работа главно на Специјалниот едукатор рехабилитатор-дефектологот, но и на наставниците во текот на целата учебна година активно се водеше грижа за оваа група на ученици се со цел полесно спроведување на целокупниот процес на едукација и рехабилитација.

Следните точки од програмата кои беа предвидени за реализација според годишната програма

- **Опсервирање на учениците со посебни образовни потреби во наставната година;**
- **Воведување на нови методи и техники во наставата.**

Овие активности беа реализирани во текот на учебната година , преку групна и индивидуална работа со координарање на работата од страна на стручниот соработник- дефектолог во соработка со наставниците, стручната служба односно целиiот стручен тим сето ова се прави со цел мотивирање на учениците во текот на тековната учебна година за активна работа според преостанатиот потенцијал.

Следни од планираните активности се

- **Соработка со родители на ученици со посебни образовни потреби и со потешкотии во учење.**

Оваа активности се изведуваа преку следниве форми на работа односно групно, индивидуално, дискусија, разговор, овие активности се изведуваат преку стручна служба, специјалниот едукатор рехабилитатор -дефектолог, наставници, а се изведува тековно во текот на учебната година  со цел секојдневна и зголемена комуникација и соработка и поголем успех на учениците со посебни образовни потреби.

Последната активност која е планирана и реализирана според програмата за учебната 2025/2026 година е:

- **Воведување на најразлични технички средства во наставата.**

Оваа активност се реализираше во текот на учебната година преку групна и индивидуална работа, главно ја изведуват дефектологот и наставниците, а главна цел е олеснување на целокупниот наставен процес и мотивирање за изучување на наставните цели предвидени во индивидуалниот образовен план ИОП

Комисија: Николчо Ристевски, Снежана Милошевска, Весна Рунчевска, Искра Симеоновска

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За работа на комисијата за ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ, во текот на учебната 2025/2026 година

9.2025 г. и 10.2025 г.

- Донесена е прогама за работа на комисијата за грижа за здравјето на учениците и се вклучија ученици од сите одделенија;
- Членовите се запознаа со програмата и задачите на комисијата ;
- Организиран е систематски преглед на ученици од I – IX одделение ;
- Одржано е предавање:Правилно миење на рацете и одржување на хигиената
- Мерки за превенција од хепатит А;
- 17.9.2025-систематски преглед на учениците од I-А одд
- 18.9.2025-систематски преглед на учениците од I-Б одд
- 19.9.2025-систематски преглед на учениците од I-В одд
- 1.10.2025-залевање на забите на учениците од VII-А одд
- 2.10.2025-залевање на забите на учениците од VII-Б одд
- 3.10.2025-залевање на забите на учениците од VII-В одд
- Реализирани вакцини:
- 10.9.2025, 17.9.2025, 18.9.202,5 19.9.2025-прво одд примија MRP вакцина

Предавање од лекар стоматолог се одржа на ден 28.10.2025 со учениците од I и IV одд од Ресен

11.2025 г. и 12.2025 г.

- Предавање од лекар стоматолог се одржа на ден 12.11.2025 год со учениците од I и IV одд од с.Јанковец и с.Болно на тема,,Градба и функција на орална празнина-кариес”
- Предавањата продолжуваат да се изведуваат на тема,,Правилна исхрана и контрола на внесување на шеќери;
- Работилници за превенција и одржување на хигиената во усната празнина
- На 17.11.2025 залевање на забите на учениците од VI-А одд
- На 18.11.2025 залевање на забите на учениците од VI-Б одд
- На 19.11.2025 залевање на забите на учениците од VI-В одд
- На 3.12.2025 залевање на забите на учениците од I-А одд
- I-Б одд I-В одд и I-с. Јанковец и I –с. Болно
- На 24.11.2025, 25.11.2025 и 26.1.2025 год -систематски преглед на учениците од III одд

- Реализирани вакцини:
- На 22.12.2025 и 23.12.2025 учениците од II-одд ја примија вакцината Tetraxim

Систематски прегледи на учениците од V-одд

- Систематски преглед на учениците од V одд.
- На 4.12.2025-систематски преглед на учениците од V-А одд
- На 9.12.2025-систематски преглед на учениците од V-Б одд
- На 5.12.2025-системстски преглед на учениците од V-В,V- с. Јанковец и V-с. Болно

1.2026 г. и 2.2026 г.

- На одделенски час разговор за борба против сида во VII и VIII одделение ;
- Работилници за превенција и одржување на хигиената на забите;
- На 30.1.2025 извршен е систематски преглед на учениците од III-А одд
- На 31.1.2025 извршен е систематски преглед на учениците од III-Б одд

Залевање на забите се изврши кај учениците од III одд

На ден 28.1.2026-извршено беше залевање на забите на учениците од IV-А одд.

На ден 29.1.2026-извршено е залевање на забите на учениците од IV-Б одд.

На ден 30.1.2026- извршено е залевање на забите на учениците од IV-В одд.

На ден 3.2.2026- извршено е залевање на забите на учениците од IV одд.- село Јанковец и IV одд.- село Болно

- Организирани се заеднички акции со учениците од V и VI одделенија и групата од Црвен крст за поголема безбедност на учениците во секакви ситуации и помош на лицата на кои им е потребна;
- Користење на флуор за здрави заби- Работилница;
- Извршено беше залевање на забите на учениците од III-А одд на ден 17.2.2026 на 18.2.2026 учениците од III-Б на ден 19.2.2026 учениците од III-В на 20.2.2026 залевање на забите на учениците од с. Јанковец и с. Болно
- Во I и IV одделение на 19.2.2026  и 25.2.2026 во Ресен, Јанковец и Болно беше одржано предавање на тема:,,Правилна орална хигиена".
- Едукација на учениците за заштита и превенција од грип.

3.2026 год

- Акција за чиста и здрава  околина со цел да се подигне еколошката свест кај учениците – чистење на училници и училишен двор ;
- Формирање група од ученици кои ќе ја следат хигиената во училниците и ќе избираат најчиста училница ;
- На 9.3.2026 и 25.3.2026 год беше одржано предавање на учениците од I и IV одд во Ресен и Јанковец на тема:,,Редовна посета на стоматолог и употреба на флуориди во превентивни цели".
- На 24.3,25.03 и 27.3.2026год беше извршен систематски преглед на учениците од седмо одделение.
- На 24.3. 25.3. и 26.3.2026 год ученичките од седмо одд примија HPV вакцина.

4.2026 год

- Одбележување на 7 Април – Светски ден на здравјето со активности на учениците за подигнување на свеста за чување и негување на здравјето ;

- Денови на имунизација- предавање за заштита од грип со вакцинација;
- На 15.4.2026, 16.4.2026 и 17.4.2026 год. беше извршено залевање на забите на учениците од второ одделение од Ресен и Јанковец.
- На 27.4, 28.04 , 29.4. и 30.4.2026 год. беше извршено залевање на забите на учениците од I- одд од Ресен и Јанковец.
- На ден 23.4.2026 год. учениците од IX одд примија Revaksis

5.2026 год

- Чистење и уредување на училишниот двор;
- Средување на кабинетите и училниците - се грижиме за чиста животна средина,за подобро здравје на учениците и вработените во училиштето.

Членови на комисијата:

1.Гордана Касовска-претседател

2.Јовче Лазаревски - член

## Извештај на комисијата за хуманитарни акции

Во периодот март – јуни беше организирана хуманитарна акција за собирање на парични средства кои беа донирани на жиро-сметка на семејства на наши ученици на кои им почина родител. Во акцијата учествуваа сите ученици и вработени во училиштето.

**ООУ „Мите Богоевски“ – Ресен**

## АКТИВ СПОРТ

## Годишен извештај за учество на натпревари во организација на Федерација на училишен спорт како и интерни спортски активности

**РАКОМЕТ**

**14.11.2025 год. учество на општински турнир, во конкуренција со ООУ „Гоце Делчев“, освоено прво место,**

**24.12.2025 год. во спортската сала во СОУ „Јосип Броз Тито“ во Битола, во организација на ОСУС – Битола се одржа зонски турнир (прво коло) за ракомет во машка конкуренција за основни училишта. На истиот учество зеде нашето училиште како и ООУ „Стив Наумов“ – Битола, и ООУ „Даме Груев“ од Битола.**

**20.2.2025 во организација на Сојузот на училишен спорт на Ресен, во спортската сала „Зоран Стојановски“ – Ресен, се одржа второто коло од зонскиот турнир во ракомет за основни училишта во машка конкуренција. На истиот учество зеде нашето училиште како и ООУ „Стив Наумов“ – Битола, и ООУ „Даме Груев“ од Битола. Нашето училиште освои прво место.**

**18.3.2026 год. на Зонски натпревар организиран во Вевчани, нашето училиште освои прво место.**

**13.5.2026 год. нашето училиште зеде учество на Државното првенство во ракомет за машки, кое се организираше во ООУ „Добре Јованоски“ во Прилеп. Учество покрај нашето училиште зедоа уште три екипи и тоа ООУ „Кире Гаврилоски Јане“ - Прилеп, ООУ „Кристијан Тодоровски – Карпош“ – Куманово и ООУ „Коле Неделковски“ – Скопје. Нашето училиште на државно ниво освои IV место.**

**ФУТСАЛ**

**14.11.2025 год. во спортската сала „Зоран Стојановски“ во Ресен се одигра Општински натпревар во футсал, на кој учество зедо ООУ „Гоце Делчев’ – Ресен, ООУ „Димитар Миладинов“ с.Царев Двор и ООУ „Мите Богоевски“ – Ресен. Нашето училиште освои прво место.**

**19.12.2025 год. во организација на Општински сојуз на училиштен спорт – Битола, нашето училиште учествуваше на зонскиот турнир (прво коло) во**

**футсал на кој учество зедоа три екипи и тоа ООУ „Мите Богоевски“ – Ресен, ООУ „Елпида Караманди“ – Битола, и ООУ „Славко Лумбарковски“ с.Новаци.**

**13.2.2026 год. во организација на Општински сојуз на училиштен спорт – Битола, нашето училиште учествуваше на зонскиот турнир (второ коло) во футсал на кој учество зедоа три екипи и тоа ООУ „Мите Богоевски“ – Ресен, ООУ „Елпида Караманди“ – Битола, и ООУ „Славко Лумбарковски“ с.Новаци. Од двете кола, нашето училиште освои прво место.**

**ШАХ**

**На Државното првенство во шах, кое се одржа на 19 март 2026 год. во СОУ „Јане Сандански“ – Струмица, за основни училишта, нашето училиште настапи со еден натпреварувач, Филип Стојчевски, во конкуренција 6то -9то одд. И во конкуренција од 79 натпреварувачи, со 4 победи и 2 пораза, го освои високото 15 место.**

**МАЛ ФУДБАЛ**

**На ден 2.6.2026 год. Активот за спорт при нашето училиште го организираше веќе традиционалниот турнир во мал фудбал „Јанковец“ 2026 год, на спортското игралиште во склоп на ПУ Јанковец. На истиот учество зедоа две екипи од нашето училиште и тоа: ПУ Јанковец и ПУ Болно II-V одд, и Централно училиште II-V одд, и како гостинска екипа ни беше екипата при ООУ „Стив Наумов“ – Битола II-V одд, нашето збратимено училиште . Првото место го освои екипата од централното училиште. Турнирот беше обогатен со богата културно забавна програма, т.е. настап на музичко танцови точки на учeничките од ПУ Јанковец.**

**АТЛЕТИКА**

**На 29.10. 2025 год. во кругот на ПУ Јанковец, Активот за спорт при нашето училиште заедно со наставничкиот и техничкиот кадар во ПУ Јанковец, го организираше третото издание на треил трката „Растрчано јанкоштанче“ 2025, настан кој е дел од спортските активности по повод Патрониот празник**

**на нашето училиште. На трката оваа година зедоа учество дечињата од ПУ Јанковец III-V одд. Прво место во машка конкуренција освои Симон Наумоски од III одд., додека кај девојчињата прво место освои Сара Лазаровска од IV одд.**

**АКТИВ ЗА СПОРТ**

**Нико Пластиновски**

**Александар Фузевски**

**Зоран Станојковиќ**

**Миле Јовановски**

## Годишен извештај за реализација на комисијата Соработка со локалната средина 2025/2026

Во текот на учебната година се спроведени и реализирани активности за соработка со локалната средина:

Во текот на месец септември: учениците од IV одделенија од нашето училиште зедоа активно учество на манифестацијата „Преспански јаболкобер" и се претставија со богати продажни штандови од декоративни ученички изработи и храна на градскиот плоштад.

Свечена културно – уметничка програма изведена по повод Патронот на училиштето .

Во текот на месец октомври извршен е систематски преглед на учениците од I, III, VI, и IX одделение во Здравствен дом- Ресен.

На ден 10.10.2025 беше одржана свеченост по повод приемот на првачињата во Детската организација. Целта на оваа свеченост е кај првачињата да се развие чуство на припадност во Детската организација. По тој повед беше изведена кратка приредба на која учествуваа ученици од други одделенија со литературни, музички, балетски и рецитаторски точки.

Во октомври, ноември и февруари со учениците од I и IV одд. одржани се работилници од стоматолог од Здравствен дом- Ресен.

Во месец ноември беше одржано предавање за врсничко насилство од страна на службени претставници од МВР Ресен , со учениците од седмо, осмо и деветто одделение .

Во месец декември се одржа Новогодишен базар со креативни изработки од учениците.

Во месеците  декември и април ученици од нашето училиште зедоа учество на Интернационалниот онлајн натпревар по математичко-информатичко размислување (New Corner).

На ден 24.5.2026 по повод Денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј беше изведена кратка приредба на која учествуваа ученици од прво до петто одделение со литературни, музички и рецитаторски точки.

Изведена е  екоакција на 8.5.2026 во нашето училиште -,,Генералка викенд" на која учествуваа сите ученици од прво до деветто одд. и наставничкиот кадар.

Во месец март и јуни беше организирана Хуманитарна акција -собирање на парични средства за наш ученик.

Изработија:

Соња Марковска

Весна Темелковска

Бети Ќосевска

Наташа Гочевска

## Годишен извештај за Директор ООУ „Мите Богоевски" – Ресен

## Учебна година: 2025/2026

# 1. ВОВЕД

Овој годишен извештај претставува преглед на реализираните активности, постигнувањата, инвестициите и предизвиците во текот на учебната 2025/2026 година. Целта е да се согледа напредокот на училиштето и да се дадат насоки за понатамошно унапредување.

Учебната 2025/26 година за ООУ .„Мите Богоевски“- Ресен беше година на интензивни активности и вложување во сите аспекти на образовниот процес. Во текот на ова година се стремевме кон создавање на услови кои ќе овозможат квалитетно и современо образоавние за сите наши ученици. Со посветеност и професионализам работевме на подобрување на квалитетот на настава, развој на дигиталните вештини и осовременување на наставната опрема .

Уредивме училници и канцеларии. Исто така, посветивме внимание на безбедноста и комфорот на учениците преку поставување на громобран, хидранти.

Нашите напори беа насочени не само кон техничкото и образовното унапредување, туку и кон негување на позитивна училишна клима, која е основа за здрав и успешен развој на секој ученик. Во ова насока реализиравме стручни обуки за наставниот кадар.

# 2. НАСТАВЕН КАДАР

- Вкупно вработени: 61
- Наставен кадар: 48 (соодветен наставен кадар)

# 3. УЧЕНИЦИ И ПАРАЛЕЛКИ

- Вкупен број ученици: 546
- Број на паралелки: 34

4. ПРОЕКТИ И ИНВЕСТИЦИИ

• Проект – „Кордијал: Создавање можности на регионално ниво за активности и законодавство за вклучување на лица со попреченост“ – финансирано од ЕУ.

* Замена на дограма во 3 училници во новата училишна зграда во централното училиште.

5. ОБУКИ И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

• Реализирани се обуки за користење на интерактивни табли и употреба на дигитални алатки во наставата од овластени провајдери .

• Обуки организирани од страна на БРО (Биро за развој на образованието).

6. ЗАКЛУЧОК

Учебната 2025/2026 година беше успешна година во која се постигна значаен напредок во дигитализацијата, инфраструктурата и наставниот процес. Благодарение на посветеноста на колективот, поддршката од институциите и соработката со родителите и учениците, училиштето продолжува да се развива во насока на современо и квалитетно образование.

7. ПРЕДИЗВИЦИ

• Недостиг на санитарни јазли во старата зграда претставува сериозен предизвик за хигиената и комфорот на учениците и наставниот кадар.

• Потребна е итна интервенција и поддршка за обезбедување на основни санитарни услови.

• Немање на спортска сала за реализиарање на наставата по ФЗО - учениците немаат соодветни услови за физичка активност и спортски натпревари што влијае врз нивната физичка активност и развој

Претседател на Училишен одбор :

Љубица Ѓурѓевиќ

Директор:

Ајфер Аџигора

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Годишен извештај за работата на ООУ „Браќа Миладиновци“ – с.Царев Двор за учебната 2025/2026 година

Се објавува Заклучок по Годишен извештај за работата на ООУ „Браќа Миладиновци“ – с.Царев Двор за учебната 2025/2026 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на ден 31.07.2026 година.

Бр.09-2301/3
04.08.2026 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 31.07.2026 година, откако го разгледа Годишниот извештај за работата на ООУ „Браќа Миладиновци“ – с.Царев Двор за учебната 2025/2026 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

Се усвојува Годишен извештај за работата на ООУ „Браќа Миладиновци“ – с.Царев Двор за учебната 2025/2026 година, заведен под ахривски број 03-138/1 од 08.07.2026 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2176/6
31.07.2026 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ
Бр. 03-1381/1
08.07.2026 год.
Царев Двор Ресен

# Текстуален извештај за работата на ООУ„Браќа Миладиновци " ЦаревДвор – Ресен, на крајот на учебната 2025/2026 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН

| Примено: | 14.07.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 1960 | 4 | |



Царев Двор, јуни 2026

СОДРЖИНА :

ВОВЕД ........................................ 3
ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО ........................................ 4
УСЛОВИ ВО КОИ РАБОТЕШЕ УЧИЛИШТЕТО ........................................ 4
ОСТВАРУВАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ ........................................ 5
НАСТАВНИ ПРОГРАМИ ........................................ 5
ПОЧЕТОК НА УЧЕБНАТА  ГОДИНА ........................................ 6
БРОЈ НА УЧЕНИЦИ И ПАРАЛЕЛКИ ........................................ 6
УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ НА КРАЈОТ НА ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ 2025/2026 ........................................ 7
ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ........................................ 9
КУЛТУРНО ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧИЛИШТЕТО И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ........................................ 10
СЛЕДЕЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ........................................ 10
РЕАЛИЗИРАНИ НАТПРЕВАРИ И ОСВОЕНИ МЕСТА ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА ........................................ 13
ИЗВЕШТАЈ ЗА СОРАБОТКА ЗА ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ НА  УЧЕБНАТА 2025/2026 НА ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ЦАРЕВ ДВОР, РЕСЕН ........................................ 14
УПОТРЕБА НА НОВИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ ВО НАСТАВАТА ........................................ 16

# ВОВЕД

Според член 130 од Законот за основно образование, според статутот на ООУ „Браќа Миладиновци„ с.Царев Двор, Директорот поднесува извештај за работата на училиштето во учебната 2025/26 година.

Во годишниот извештај опфатени се материјално-техничката опременост на училиштето, реализираните активности и постигнатите резултати на учениците, како и следење и вреднување на воспитно-образовниот процес.

Изготвувањето на овој извештај има нормативна основа која е предвидена со Законот за основно образование, Законот за Локална самоуправа, како и Статутот на училиштето. Меѓутоа, неговото изготвување е потреба на училиштето и ќе му користи на училиштето во неговата понатамошна работа. Извештајот претставува документ кој ги содржи сите битни информации за оценка на работата на училиштето и остварувањето на Годишната програма за работа на крајот на учебната 2025/2026 година.

Извештајот во суштина писмено ја изразува ангажираноста на училиштето (директорот, стручните соработници и наставниците) во остварувањето на дејноста на училиштето. Имајќи ги предвид реформските промени, подигањето на стандардите, планираните подрачја и приоритетни активности предвидени со Годишната програма за работа, значајните настани, обезбедувањето транспарентност во реализација на планираните активности, како и желбата да се унапреди воспитно- образовниот процес, се потрудивме овој извештај да биде подетален, т.е. да содржи повеќе синтетизирани информации.

Информациите во извештајот се методолошки и хронолошки подредени според подрачјата предвидени во Годишната програма за работа и во главно се однесуваат на следните процеси: услови на работа, реализација на наставни планови и програми, постигања на учениците во сите наставни и воннаставни области, соработка со родителите и локалната средина, со локалната самоуправа и другите институции, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, Државниот просветен инспекторат, остварувањето на интерни и екстерни проекти и др.

Имајќи предвид дека секој наставник е вклучен во определен тим за реализација на програмските активности во соодветно подрачје на Годишната програма за работа на училиштето, логички следува дека и секој наставник непосредно учествува со свои пишани прилози на овој Извештај. Целта на овој извештај е да обезбеди јасни насоки за одговорно вклучување на сите училишни субјекти во креирањето на програмските определби за работа во училиштето.

## ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

| | |
|---|---|
| **ИМЕ НА УЧИЛИШТЕТО** | **ОУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ„** |
| **Адреса, општина, место** | с.Царев Двор-Ресен |
| **Телефон** | 047-489-402 |
| **фах** | / |
| **Е-маил** | brakamiladinovcicarevdvor@gmail.com |
| **Основано од** | МОН |
| **Верификација-број на актот** | 03-2842/1 |
| **Година на верификација** | 1986 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски и турски јазик |
| **Училиште работи во смена** | Во една смена |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 14 |
| **Број на смени** | 1 |

## УСЛОВИ ВО КОИ РАБОТЕШЕ УЧИЛИШТЕТО

За подобрување на просторните услови за работа и создавање стимулативна средина за работа и учење , во текот изминатиот период на учебната 2025/2026 година се остварени следните санации или интервенции:

- За непречен почеток на учебната година направено е генерално чистење на сите училишни згради, во централното и подрачните училишта ;

- Пред почетокот на учебната година , на крајот на месец август и во текот на првата недела од второто полугодие извршена е дезинсекција, дезинфекција и дератизација во централното и подрачните училишта ;
- Набавен е телевизор и принтер .
- Набавен е камин за во наставничката канцеларија.

## ОСТВАРУВАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ

За остварување на воспитно-образовната работа во училиштето се применуваат наставни планови предвидени со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2025/2026 година, усогласени со наставни планови одобрени од Министерството за образование и наука .

Врз основа на наставните планови утврдени со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2025/2026 година, а во согласност со Календарот за организација, наставниците индивидуално испланираа часови што ѓи реализираат во текот на учебната година.

Наставните Планови се целосно остварени за сите наставни предмети. Застапеноста на изборните предмети е направена на транспарентен начин и во согласност со Законот и препораките на Министерството за образование и наука.Дополнителната и додатната настава се организираа согласно наставните планови и Законот за основно образование.

## НАСТАВНИ ПРОГРАМИ

Сите одделенски и предметни наставници навремено изготвија планирања по наставни програми за сите наставни предмети: задолжителни и изборни предмети, дополнителна и додатна настава, слободни ученички активности, образование за животни вештини и активности наведени во одделенскиот дневник на паралелката како и навремено водење на Е-дневникот на паралелката. Наставните програми се подготвени во два примероци, еден за наставникот и еден за педагошката архива на училиштето.

## ПОЧЕТОК НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

Наставно-воспитниот процес во ООУ„Браќа Миладиновци“ Царев-Двор-Ресен, во учебната 2025/2026 година, започна на 01.09.2025 година(понеделник). Во текот на оваа учебна година се реализирани вкупно 180 наставни денови .

Наставата се организираше и реализираше според планот и програмата за работа на нашето училиште. Наставно воспитниот процес го организираа и реализираа вкупно 23 наставници од кои во одделенска настава 9 на македонски наставен јазик, а 2 на турски наставен јазик, во предметна настава 12 на македонски наставен јазик .Сите наставници се со соодветно стручно образование и тоа 2 наставници се со виша педагошка школа и 21 се професори. Во реализацијата на наставата беа вклучени и стручните соработници социолог ,психолог и дефектолог.

## БРОЈ НА УЧЕНИЦИ И ПАРАЛЕЛКИ

Во учебната 2025/2026 година беа запишани вкупно 55 ученици кои беа распоредени во 7 чисти паралелки и 7 комбинирани. Од 14 паралелки 8 се во централното училиште во Царев Двор,6 во подрачното училиште во с. Стење,с,Покрвеник,с.Дрмени и една во с.Езерени.

Наставата во 12 паралелки се изведува на македонски наставен јазик, 4 во предметна настава , 8 во одделенска настава и на турски наставен јазик има 2 паралелки во одделенска настава.

Во одделенска настава на Македонски наставен јазик наставата ја посетуваат 24 ученици, а во предметна 16 ученици или вкупно 40 ученици.

Во одделенска настава на турски наставен јазик наставата ја следат 15 ученици.

Од анализата на погоре наведените податоци споредуваќи ги со претходните години се забележува континуирано скоро ист број на ученици

како во паралелките со македонски наставен јазик така и во паралелките од турски наставен јазик.

## УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ НА КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Општиот успех на учениците каде наставата се изведува на македонски наставен јазик во четврто, петто и шесто бројчано се оценети, а од четврто до деветто успехот изнесува 4.6 (подетални информации за успехот се дадени во табелите).

Во паралелките каде наставата се изведува на турски наставен јазик, општиот успех во четврто и петто деветолетка бројчано се оценети. Вкупниот просечен успех и на македонски и на турски наставен јазик изнесува 4.91.

Во одделенска настава во П.У. во с.Стење кај наставничката Благуна Тасевска вкупно се 3 ученици од кои 2 машки, 1 женско. Во четврто одделение има 1 ученик и е бројчано оценет, со одличен успех. Во петто одделение има 2 ученици,1 женско и 1 машко. Учениците се бројчано оценети.Двајцата се со одличен успех.

Кај наставничката Мери Ѓорѓиевска во ПУ Покрвеник , трето одделение 1 машко,и описно е оценето.

Во одделенска настава во П.У. во с.Дрмени кај наставничката Соња Ставревска во прво одделение има 1 женско и е описно оценато , II одделение две женски и едно машко и се описно оценети, во трето одд има 1 машко описно оценет. Кај наставничката Магдалена Касовска има еден ученик во IV одделение , женско и е со одличен успех.

Во одделенска настава во П.У. во с.Езерени кај наставничката Санте Марковска во прво одделение има една ученичка и истата е описно оценета,

во второ одд. има 2 ученици 1 машко и 1 женско и се описно оценети и трето одделение има 2 ученици,2 се женски и описно оценети .

Во централното училиште кај наставничката Дивна Поповска во второ одделение има 1 женско описно оценето и четврто одделение има 2 ученици 1 женско 1 машко, од кои машкото е со одличен а женското е со мн. Добар успех.

Во петто одд кај наставничката Сузана Димовска се 4 ученички и сите се со одличен успех.

Во турската паралелка кај наставничката Азра Шаќири во прво одделение има еден ученик описно оценет, во второ одд има 1 ученик, машко и во трето одд има 5 ученици 1 женско и 4, машки описно оценети.Во турската паралелка кај наставничката Џенифер Ќазимовска во четврто одделение има 2 ученици, 1 машки и 1 женско,двајца се со одличен успех . Во петто одделение има 4 ученици 2 машки , 2 женски, три се одлични и еден со мн. Добар успех.

Во шесто одделение кај класниот раководител Жанета Савевска има 1 ученик , женско и е со одличен успех . Има 4 оправдани изостаноци .

Во седмо одделение кај класниот раководител Цара Сековска има 6 ученици 1 машко и 5 женски ,четири се со одличен успех и две со мн.добар успех . Има 70 оправдани изостаноци и 3 неоправдани изостаноци.

Во осмо одделение кај класниот раководител Аница Стојчевска има 2 ученици, 2 машки и, од кои еден е мн .добар и еден со одличен успех . Направени се 18 оправдани изостаноци.

Во деветто одделение кај класниот раководител Николче Николовски има 7 ученици, 4 женски и 3 машки. Пет се со одличен успех,двајца се многу добри .Направени се вкупно 79 оправдани изостаноци.

Средниот успех на учениците на ниво на училиште , во оваа учебна година во предметна настава изнесува 4.6 , додека средниот успех на ниво на одделенска и предметна настава изнесува 4.7.

Во однос на поведението 51 ученици се со примерно поведение. На крајот од оваа учебна година се направени 209 оправдани изостаноци и 3 неоправдани .

Во одделенска настава има 35 оправдани изостаноци . Оправданите изостаноци направени се поради болест на учениците.

Покрај редовната настава се реализираше и дополнителна настава за учениците кои покажуваат пoслаби резултати по одредени наставни области со цел да им се помогне во совладувањето на наставниот материјал. Исто така се реализира и додатна настава за ученици кои покажуваат значителни резултати по одделни предмети.

Во текот на ова полугодие реализирани се 48 час по дополнителна настава и 53 часови по додатна настава.

Во текот на учебната година исто така се реализирани следните слободни ученички активности:

Во одделенска настава беа реализирани следните СУА:

- Македонски јазик, Турски јазик, Ликовно, Музичко и Општество часа

Во предметна настава реализирани се Слободни ученички активности и тоа:

- Хор, оркестар, математика, Прва помош.

## ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Систематски преглед беше извршен на учениците од 1 –во , 2-ро 3-то, 5-то, 6-то , 7-мо 8-мо и 9-то одделение . Учениците од 1 –во ,3-то и 5-то одделение им беше извршен систематски преглед од 2 – ро одделение примена вакцина за МРП , залевање на катници 6-то одд. , вакцина за хпв за 8-мо одделение , 7-мо залевање на заби.Беа одржани предавања од стоматолози од Здравствениот дом во врска со заштита на усната празнина со ученици од прво до петто одделение.

## КУЛТУРНО ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧИЛИШТЕТО И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Во текот на оваа учебна година учениците активно учествуваа во повеќе културни и образовни настани организирани од страна на училиштето, локалната самоуправа и невладините организации.

- Наши ученици беа вклучени активно во манифестацијата „Преспански јаболкобер-2025 година, Велигденски хепенинг .

- Беа вклучени во новогодишната програма организирана од страна на Општина Ресен

## СЛЕДЕЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

| | Цел на обуката | Организатор | Датум | Присутни наставници | Место на одржување |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Запознавање со содржината на ОХР за 7-мо одделение | БРО | 01.12.2025 година | Сите предметни наставници | Просториите на училиштето |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Психологијата на меѓуврсничкото насилство и девијантното однесување | Здружение АС -Анима | 13-14.11.2025 година | Стручната служба | On-line |
| 3 | Еднодневна обука за дисеминација на резултатите од државното тестирање за петто одд | | О5.03.2026г | Одделенски наставник и стручен соработник | Битола |
| 4 | Напредна обука за методи , техники и инструменти за советување и професионалн а ориентација на учениците | БРО | 01-02. 06.2026 | Стручни соработници и директор | ООУ “Коле Канински “ Битола |
| 5 | Обука за набавка и постапка за проценка на оштетеност на бесплатни учебници за учениците во основното образование | БРО | | Одделенски и предметни наставници | On line |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Учество на вебинар за дигитални вештини | | Мај 2026 | Предметни наставници | On line |
| 7 | дводневна обука за примена на методот на искуствено учење во наставата, | Македонското еколошко друштво (МЕД), во соработка со ГЛОБЕ Програмата при Министерството за животна средина и просторно планирање. | 16-17.06.2026 год | Одделенски и Предметен наставник | Велес , хотел Глориус |

## РЕАЛИЗИРАНИ НАТПРЕВАРИ И ОСВОЕНИ МЕСТА ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

| Ред бр. | Натпревар | Наставник | Време на реализација | Освоено место |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Училишен општински натпревар Природни науки | Дивна Поповска | 27.02.2026 год | IV одд Анастас Поповски<br>Прво место |
| 2. | Регионален натпревар Природни науки | Дивна Поповска | 03.04.2026 год | IV одд Анастас Поповски<br>Прво место |
| 3. | Државен натпревар по Природни науки | Дивна Поповска | 07.06.2026 год | IV одд Анастас Поповски<br>Пофалница |
| 4. | Учество на општински натпревар по Биологија за учениците од VII и IX одд. | Наташа Нечовска | 13.02.2026 год. | VII одд<br>1. Симон Касовски – успешно учество<br>2. Јована Гелмановска – успешно учество<br>3. Јована Настевска – III награда<br>IX одд<br>1. Розе Апостоловска III награда |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Учество на регионален натпревар по Биологија за учениците од VII и IX одд. | Наташа Нечовска | 27.03.2026 год. | VII одд<br>1. Јована Настевска – I награда<br>IX одд<br>1. Розе Апостоловска I награда |
| 6. | Учество на државен натпревар по Биологија за учениците од VII и IX одд. | Наташа Нечовска | 30.05.2026 | VII одд<br>2. Јована Настевска – Успешно учество<br>IX одд<br>2. Розе Апостоловска Пофалница |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СОРАБОТКА ЗА КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА 2025/2026 НА ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ ЦАРЕВ ДВОР, РЕСЕН

| | |
|---|---|
| 15.10.2025 г. | Здрави животни навики во превенција на дијабетес<br>Во соработка со Црвен крст општинска организација Ресен<br>(предавање наменето за наставници и вработени) |

| | |
|---|---|
| 12.11.2025 г.<br>11.12.2025 г. | Градба и функција на оралната празнина за учениците од 1 во до 5 то одд школска амбуланта Дивна Чадевска |
| 27.10.2025 г. | Безбедност во сообраќајот за ученици од 1 до 5-то одделение службеници од МВР Ресен |
| 15.05.2026 г. | Едукативна работилница за учениците Протокол PR35-P4 во соработка со Rural Development Network of North Macedonia и UNDP MK |
| 09.05.2026 г. | Едукативна работилница – Светски ден ана преселните птици во рамки на проектот Иницијатива за зелена и сина Преспа-Зајакнување на заштитата преку истражување , едукација и комуникација, во соработка со општина Ресен , МЕД, НП Галичица, Друштвото за заштита на Преспа од Р. Грција и Друштвото за заштита и зачувување на природната средина во Албанија од Р. Албанија |
| 13.05.2026 г. | Еко работилница покрај Преспанското езеро во с.Стење во соработка со Дом на културата Драги Тозија -Ресен и ЕСТЕР-Битола , со поддршка на Europian Cultural Foundation . |
| 08.05.2026 г. | Генералка викенд во соработка со МЕД (македонско еколошко друштво ), невладината организација Еко Герила, Институт за комуникациски студии ИКС, Општина Ресен, ЈКП Пролетер -Ресен |

## УПОТРЕБА НА НОВИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ ВО НАСТАВАТА

Во оваа учебна година како приоритетна цел во годишната програма на училиштето е предвидено продолжување на процесот на следење и унапредување на оценувањето во согласност со најновите стандарди и критериуми промовирани од БРО. Беше извршена посета на часови од страна на директорот, психологот и социологот со цел следење во врска со начинот на оценување. На овие часови беше констатирано дека во голема мера се применуваат различните начини на оценување, формативно со различни евидентни листови во зависност од предметот и содржината на определениот час. Исто така кај проектните активности беа употребувани чек листи за оценување од страна на наставниците како и чек листи за само оценување и оценување помеѓу учениците. Беа употребени и холистички листи. Од следењето на постапките и начините на оценувањето може да се конститира напредок во однос на претходниот период ,но сепак треба уште да се работи за постигнување на подобри цели. Бидеќи постои желба за соработка од страна на наставниците со Директорот и стручната служба се надеваме дека зацртаните цели од годишната програма ке бидат целосно остварени.

Директор:

Јасмина Волкановски

..................................

Табела1 **Успех по предмети на крајот на учебната 2025-2026 година**

| Ред. број | ПРЕДМЕТ | 6 одд | 7 одд | 8 одд. | 9 одд. | Просек: |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски јазик | 5,00 | 4,50 | 3,50 | 4,14 | 4,28 |
| 2 | Англиски јазик | 5,00 | 4,33 | 3,50 | 4,71 | 4,38 |
| 3 | Француски јазик | 5,00 | 4,66 | 4,50 | 5,00 | 4,79 |
| 4 | Математика | 5,00 | 4,00 | 3,50 | 4,00 | 4,12 |
| 5 | Физика | | 4,66 | 4,00 | 4,00 | 4,22 |
| 6 | Хемија | | 3,83 | 3,50 | 4,14 | 3,82 |
| 7 | Биологија | | 4,16 | 4,00 | 4,42 | 4,19 |
| 8 | Историја | 5,00 | 3,66 | 2,50 | 4,71 | 3,96 |
| 9 | Географија | 5,00 | 4,16 | 4,00 | 4,85 | 4,50 |
| 10 | Техничко образование и информатика | 5,00 | | | | 5,00 |
| 11 | Музичко обр | 5,00 | 5,00 | 4,00 | 5,00 | 4,75 |
| 12 | Физичко образ. | 5,00 | 4,83 | 5,00 | 5,00 | 4,95 |
| 13 | Граѓанско образ. | | 5,00 | 4,50 | 5,00 | 4,83 |
| 14 | Ликовно образ. | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| 15 | Иновации | | | | 5,00 | 5,00 |
| 16 | СИП1 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | | 5,00 |
| 17 | СИП 2 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | | 5,00 |
| 18 | Природни науки | 5,00 | | | | 5,00 |
| 19 | Техничко обр. | | 4,66 | | | 4,66 |
| 20 | Информатика | | 4,66 | | | 4,66 |
| 21 | Изборен предмет | | | | 5,00 | 5,00 |
| | Просек | 5,00 | 4,53 | 4,20 | 4,67 | **4,6** |

Преглед на вкупниот број запишани ученици, паралелки(чисти) на крајот од учебната 2025/2026 година, настава на Македонски јазик

| училиште | Училиште и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | I - V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | VI- IX | | I - IX | |
| | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч |
| централни I - IX | | | | | | | | | 1 | 4 | 1 | 4 | 1 | 1 | 1 | 6 | 1 | 2 | 1 | 7 | 4 | 16 | 6 | 20 |
| Подрачни I - V | | | | | | | 1 | 1 | | | 1 | 1 | | | | | | | | | | | 2 | 2 |
| Вкупно | | | | | | | 1 | 1 | 1 | 4 | 2 | 5 | | | | | | | | | | | 8 | 22 |

Преглед на вкупниот број запишани ученици, паралелки(чисти) на крајот од учебната 2025/2026година, настава на Турски јазик

| училиште | Училиште и паралелки по оделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | I - V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | V- IX | | I - IX | |
| | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч | Пр | Уч |
| централни I - IX | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Подрачни I - IX | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Подрачни I - V | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## Преглед на изостаноци за крајот на учебната 2025-2026 година

| Наставен јазик | вид на изостаноци | Одделение | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | се |
| Македонски јазик | Оправдани | / | / | / | 35 | / | 4 | 70 | 18 | 79 | 206 |
| | Неоправд. | / | / | / | / | / | / | 3 | / | / | 3 |
| | Се | / | / | / | / | / | 4 | 73 | 18 | 79 | 209 |
| Турски јазик | Оправдани | | | | | | | | | | |
| | Неоправд. | | | | | | | | | | |
| | Се | | | | | | | | | | |
| Вкупно Македонски и Турски | Оправдани | | | | 35 | | 4 | 70 | 18 | 79 | 206 |
| | Неоправд. | | | | / | | | 3 | / | / | / |
| | Се | | | | 35 | | 4 | 73 | 18 | 79 | **209** |

## Табела 5а.Преглед на раководниот и стручниот кадар на крајот од учебната 2025-2026 година

| Работно место | Завршено образование | | Вкупен работен стаж | Работно искуство како директор,пом.и зам. Директор педагог,психолог,социолог психолог |
|---|---|---|---|---|
| | ВСС | ВС | | |
| директор | 1 | | 14 | 1 |
| зам. Директор директор | | | | |
| пом. директор | | | | |
| педагог | | | | |
| психолог | 1 | | 4 | |
| социолог | 1 | | 3 | |

## Табела 5б.Преглед на наставниот кадар за крајот од учебната 2025-2026 година

| Наставен кадар по наставни јазици | Оделенска настава | | | | | Предметна настава | | | | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | проф | наст | учит | неоф образ | се | проф | наст | учит | неоф образ | се | |
| Македонски | | 10 | | | 10 | | 12 | | | 12 | 22 |
| Турски | | 1 | | 1 | 2 | | | | | 0 | 2 |
| Вкупно | | 11 | | 1 | 12 | | 12 | | | | 24 |

## *Табела 6*

## *ПРЕГЛЕД на учениците на крајот на учебната 2025 – 2026 година*

| Одделение | Македонски јазик | | турски јазик | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | се | ж | се | ж |
| **I** | 2 | 2 | 1 | 1 | 3 | 3 |
| **II** | 6 | 4 | 1 | / | 7 | 4 |
| **III** | 4 | 2 | 5 | 1 | 9 | 3 |
| **IV** | 4 | 2 | 2 | 1 | 6 | 3 |
| **V** | 6 | 5 | 4 | 2 | 10 | 7 |
| I-V | 22 | 15 | 13 | 5 | 35 | 20 |
| VI | 1 | 1 | | | 1 | 1 |
| VII | 6 | 5 | | | 6 | 5 |
| VIII | 2 | / | | | 2 | / |
| IX. | 7 | 4 | | | 7 | 4 |
| VI- IX. | 16 | 10 | | | 16 | 10 |
| I- IX. | 38 | 25 | 13 | 5 | 51 | 30 |

**Преглед 7**

На опфат на ученици со продолжен престој во учебната 2025-2026 година.

| Наставен јазик | Целодневен престој | Дневен престој | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | групи | ученици | наставници | групи | ученици | Наставници |
| Македонски јазик | / | / | / | / | / | / |
| Турски јазик | / | / | / | / | / | / |

**Табела бр 8: Преглед на општиот успех на учениците по македонски и турски наставен јазик на крајот на учебната 2025-2026 година**

| | вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | опис | сред. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд. | ученици | | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | вкупно | | со 1 сл. | | со 2 сл | | со 3сл и пов | | неоценети | | но | оцен. |
| | се | ж | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | оцен | |
| I | 3 | 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 3 | |
| II | 7 | 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 7 | |
| III | 9 | 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 9 | |
| IV | 6 | 3 | 5 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | 4,77 |
| V | 10 | 7 | 9 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | 4,94 |
| I-V | 35 | 20 | 14 | | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | 4,85 |
| VI | 1 | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 5,00 |
| VII | 6 | 5 | 4 | | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | 4,53 |
| VIII | 2 | 2 | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | 4,20 |
| IX | 7 | 4 | 5 | | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | 4,67 |
| VI-IX | 16 | 10 | 11 | | 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | 4,60 |
| I-IX | 51 | 30 | 25 | | 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | 4,7 |

## Преглед на испишани и неоценети ученици за крајот на учебната 2025-2026 година

| Наставен јазик | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк | ж | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк. | ж |
| Македонски | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Турски | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## Преглед на испишани и оценети ученици за крајот на учебната 2025-2026 година

| Наставен јазик | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк | ж | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк. | ж |
| Македонски | 1 | | | | | | | | 2 | 1 | | | | | | | | |
| Турски | | | | | | | 1 | | 1 | | | | | | | | | |

Преглед на поведение на ученици во учебната 2025-2026 година

| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 3 | 7 | 9 | 6 | 10 | 1 | 6 | 2 | 7 | 51 |
| Добро | | | | | | | | | | |
| Незадоволително | | | | | | | | | | |

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Годишен извештај за работата на ООУ „Славејко Арсов“ - с.Подмочани за учебната 2025/2026 година

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

20.2. Активности за професионален развој

20.3. Личен професионален развој

20.4. Хоризонтално учење

20.5. Кариерен развој на воспитно образовниот кадар

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонаставните активности

21.3. Едукација на родителите/старателите

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

25. Заклучок

# Вовед

Годишниот извештај има за цел да прикаже осврт на активностите што се опфатени со Годишната програма за работа на Училиштето донесена во законскиот рок , квалитативна и квантитативна анализа на активностите со нивна севкупна застапеност, реализација, недостатоци и укажувања за натамошната нормална и успешна работа. Анализата на реализацијата на Годишната програма претставува содржина на овој извештај.

Учебната 2025/2026 година со својот воспитно образовен процес започна на 01. 09. 2025 година со претходно извршени организациони, административни подготовки , хигиено -технички подготовки за настава за учениците од прво до деветто одделение.

## 1.Општи податоци за основното училиште

1.1 Табела за општи податоци

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | Димитар Влахов |
| Адреса , место општина | с.Љубојно, Ресен |
| Телефон | 047/ 482 203 |
| Факс | |
| Веб страница | |
| Емаил | dimitarvlahov23@yahoo.com |
| Основано од | 17.06.1986г. |
| Верификација број на актот | 03-2844/1 |
| Година на изградба | 1970г. |
| Тип на градба | Масивна |
| Внатрешна површина на училиштето(m2) | 950м2 |
| Училишен двор(m2) | 10440м2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 800м2 |
| Начин на загревање | Парно |
| Училиштето работи во смени | Една смена |
| Број на паралелки | 12 |
| Број на комбинирани паралелки | 6 |
| Јазик/јазици на кои се изведува наставата во училиштето | Македонски и Албански јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелка од музичко училиште | / |
| Во училиштето има ресурсен центар | / |

| | |
|---|---|
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ПУ Долно Дупени |
| Адреса , место општина | Долно Дупени |
| Телефон | / |
| Факс | / |
| Веб страница | / |
| Емаил | dimitarvlahov23@yahoo.com |
| Основано од | 17.06.1986г. |
| Верификација број на актот | 03-2844/1 |
| Година на изградба | 1970 |
| Тип на градба | Масивна |
| Внатрешна површина на училиштето(m2) | 330m2 |
| Училишен двор(m2) | 485m2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | / |
| Начин на загревање | Дрва |
| Училиштето работи во смени | Една смена |
| Број на паралелки | |
| Број на комбинирани паралелки | |
| Јазик/јазици на кои се изведува наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелка од музичко училиште | / |
| Во училиштето има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ПУ Наколец |
| Адреса , место општина | С.Наколец |
| Телефон | |
| Факс | |
| Веб страница | |
| Емаил | dimitarvlahov23@yahoo.com |
| Основано од | 17.06.1986г. |
| Верификација број на актот | 03-2844/1 |
| Година на изградба | 1970 |
| Тип на градба | Масивна |
| Внатрешна површина на училиштето(m2) | 200m2 |
| Училишен двор(m2) | 2400m2 |

| | |
|---|---|
| Површина на спортски терени и игралишта | / |
| Начин на загревање | Дрва/Клима |
| Училиштето работи во смени | Една смена |
| Број на паралелки | |
| Број на комбинирани паралелки | |
| Јазик/јазици на кои се изведува наставата во училиштето | Албански јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелка од музичко училиште | / |
| Во училиштето има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ПУ Штрбово |
| Адреса , место општина | С. Штрбово |
| Телефон | |
| Факс | |
| Веб страница | |
| Емаил | dimitarvlahov23@yahoo.com |
| Основано од | 17.06.1986г. |
| Верификација број на актот | 03=2844/1 |
| Година на изградба | 1970 |
| Тип на градба | Масивна |
| Внатрешна површина на училиштето(m2) | 56m2 |
| Училишен двор(m2) | 400m2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | / |
| Начин на загревање | Дрва |
| Училиштето работи во смени | Една смена |
| Број на паралелки | |
| Број на комбинирани паралелки | |
| Јазик/јазици на кои се изведува наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелка од музичко училиште | / |
| Во училиштето има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ПУ Крани |
| Адреса , место општина | С. Крани |
| Телефон | |
| Факс | |
| Веб страница | |
| Емаил | dimitarvlahov23@yahoo.com |
| Основано од | 17.06.1986г. |
| Верификација број на актот | 03-2844/1 |
| Година на изградба | 1970 |
| Тип на градба | Масивна |
| Внатрешна површина на училиштето(m2) | 500m2 |
| Училишен двор(m2) | 700m2 |
| Површина на спортски терени и **игралишта** | 400m2 |
| Начин на загревање | Дрва/Клима |
| Училиштето работи во смени | Една смена |
| Број на паралелки | |
| Број на комбинирани паралелки | |
| Јазик/јазици на кои се изведува наставата во училиштето | Македонски и Албански јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелка од музичко училиште | / |
| Во училиштето има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ПУ Сливница |
| Адреса , место општина | С. Сливница |
| Телефон | |
| Факс | |
| Веб страница | |
| Емаил | dimitarvlahov23@yahoo.com |
| Основано од | 17.06.1986г. |
| Верификација број на актот | 03-2844/1 |
| Година на изградба | 1970 |
| Тип на градба | Масивна |
| Внатрешна површина на училиштето(m2) | 100m2 |
| Училишен двор(m2) | 370m2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | |
| Начин на загревање | Дрва/Клима |
| Училиштето работи во смени | Една смена |

| | |
|---|---|
| Број на паралелки | |
| Број на комбинирани паралелки | |
| Јазик/јазици на кои се изведува наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелка од музичко училиште | / |
| Во училиштето има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |

1.2 Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

| | |
|---|---|
| Членови на училиштен одбор(име и презиме) | Бесим Бесими,-Јулијана Пановска, Мери Наумовска - наставници<br>-Билјана Трајковска,- Јован Николовски – Исмаил Садику -родители<br>Борче Ѓоргиевски –од основачот<br>Алексеј Митревски и Симона Диневска- од училишната заедница. |
| Членови на совет на родители(име и презиме) | Тони Стојановски, Горан Диневски,Ѓуле Муедини, Јетмир Абдулаи, Анита Јанкуловска, Ивана Китан, Билјана Трајковска, Љубе Пампулевски, Тања Костиќ, Исмаил Садику, Тоде Кажановски,Линдим Шерифи |
| Стручни активи (видови) | Актив на јазичари<br>Актив на одделенски наставници<br>Актив на природно-математички предмети<br>Актив на општествено- хуманистички предмети<br>Актив на ТО, Ликовно образование, Музичко образование, ФЗО |
| Членови на училишниот инклузивен тим (име и презиме) | Менде Темелковски – Директор/Горан Јончевски ВД Директор, Оливера Темелковска – Психолог, Николчо Ристевски – Дефектолог,Тодорче Тановски – наставник по географија и Егзона Адеми |
| Заедница на паралелката | 49 ученици |

| | |
|---|---|
| Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент) | 16 членови<br>Претседател –Атанасиј Пампулевски |
| Ученички правобранител | Елена Ќитан |

# 2. Податоци за условите за работа на основното училиште

2.1 Мапа на основното училиште

ООУ„Димитар Влахов" се наоѓа во југоисточниот дел на Преспанската котлина во Општина Ресен, во пограничен и рурален крај каде бројот на жители е мал, а основно занимање на жителите е земјоделието, а мал дел се вработени во некои установи во селата и градот Ресен. Во Љубојно работи пошта, самопослуга и мини фабрика за производство на природен јаболков сок, со кои училиштето остварува секојдневна соработка. Сите овие установи помагаат, а некои и директно учествуваат со предавања во наставата.

Оддалеченоста од општинскиот центар Ресен е голема (30км.). Училиштето и неколкуте установи што функционираат како и подрачните училишта што ги покрива ова училиште(во околните села:Долно Дупени, Наколец, Штрбово, Крани, Сливница), поштата, месната канцеларија ,амбулантата во с.Крани , селскиот туризам во с.Брајчино, с.Љубојно и околните села како и фабриката за сокови во с.Љубојно, фурната за леб и бели пецива во с.Долно Дупени остваруваат соработка со месното население што е услов за развој на животот во овој регион на Преспа.



## Координати:

## 40°53'47” СГШ **(северна географска широчина)**
## 21°08'03” ИГД **(источна географска должина)**

***ООУ„Димитар Влахов" за прв пат проработи на мајчин македонски јазик на 15.11.1944 година со запишани 153 ученици и четири учители и стана првоотворено училиште на мајчин јазик во Преспа, а второ во слободна Македонија.*** Прв раководител на училиштето бил љубанчанецот Богоја Ничевски. Марика Манева Кировска била учителка во прво одделение со 101 ученик (прва учителка родум од Битола која дошла директно од партизанските редови , Александар Хаџиевски од Ресен учител на второ одделение, пишувал текстови за првите ученици (буквари и читанки), Методија Јовковски од Љубојно учител на трето одделение, Богоја Ничевски- учител во четврто одделение.Училиштето го добива името Димитар Влахов, по големиот кукушанец, револуционер и соборец на Гоце Делчев и борец во Илинденското востание, Првата и Втората светска војна. Истото име училиштето со гордост го носи и ден денес. Во изминатиот период училиштето го раководеле 18 раководители, наставата ја одржувале голем број на учители, наставници и професори, а наставата ја завршиле над 6000 ученици. Од нив околу 30 лекари (Лазо Србиновски-кардиохирург, Спасе Јовковски-неврохирург), професори, научници, поети, писатели ( Методија Фотев, Наум Манилов ) и други високообразовни кадри. Ова училиште се гордее што на Македонија и на светот им даде цела плејада академски граѓани со разни титули и од сите профили.

2.2 Податоци за училиштниот простор

| | |
|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | 1 |
| Број на подрачни училишта | 5 |
| Бруто површина | |
| Нето површина | |
| Број на спортски терени | 1 |
| Број на катови | 2 |
| Број на училници | 8 |
| Број на помошни простории | 11 |
| Училишна библиотека медијатека | 1 |
| Начин на загревање | Парно |

2.3 Простор

| Просторија | Вкупен број | Површина(м2) | Состојба ( се оценува од 1-5 согласно нормативот од 2019 година) | Забелешка ( се наведува потребата од дополнителни простории , реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 7 | | | |
| Кабинети | 1 | | | |
| Библиотека | 1 | | | |
| Медијатека | / | | | |
| Читална | / | | | |
| Спортска сала | 1 | | | |
| Канцеларии | 4 | | | |
| Училишен двор | 1 | | | |
| Заеднички простории за прослави | / | | | |
| Кујна | 1 | | | |
| Терпезарија | 1 | | | |
| Друго | / | | | |
| | | | | |

2.4 Опрема и наставни средства согласно „ Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства

Училиштето располага со следните материјално технички ресурси во одделенска и предметна настава:Персонални Комјутери-12 лаптоп-1 монитори-58 глувчиња-58 тастатури-58 ласерски печатар-3 метален ормар-2 ДВД плејер-1 компјутерски маси-56 столчиња-112 ЦД плејер-2 ЛЦД проектор-1 печатар-2 Тв приемници-2 Видео рекордер-1 Графоскоп-3 Радиокасетофон-1 Лаптопи за ученици-29 лаптоп за наставници-18 Шах-5 Пинг понг табла-1 душеци- 3 правосмукалка-1 нагледни средства и прибор по природните науки,биологија, хемија ,физика и математика ,Глобуси- 2, географски карти и една смарт табла . Набавени беа наставни средства и опрема за опремување на одделенска настава по новата Концепција за основно образование. Оваа учебна година беа набавени три лап топи и две смарт табли .

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Одделенска настава | Персонални комјутери, Камери, Флипчарт табли, Лаптоп, Таблети, Монитори, Глувчиња, Тастатури, Ласерски печатачи, Метален ормар, ДВД плеер, Компијутерски маси, Столчиња, ЦД плеер, ЛЦД проектор, Смарт ТВ, Фотокопир, ТВ приемник, Видео рекордер, Графоскопи, Радиокасетофон, Лаптопи за ученици, Шах, Маса за Пинг понг, Душеци, Вратила, Нагледни средства и прибор по природни науки, Глобуси и географски, Скенер, Музички инструменти, Флипчарт хартија, Маркери и сунгери за флипчарт табли, Флипчарт (мала преносна табла – бела), Танграни, Постери со букви, Постери со домашни и диви животни, Постери со овошје и зеленчук, Постери со броеви, Едукативни игри, Карти со букви, Сликовници, Енциклопедии, Бројни низи, Геометриски фигури, Аналогни часовници, Висинометри, Мали музички инструменти, Коцки за конструирање, Докторски прибор, Специјални возила, Гумени топчиња, Прибор за моделирање - пластелин | Смарт табли<br>Таблети за цртање<br>Компјутери (лаптопи) за наставници<br>Таблети за ученици<br>ЛЦД проектори<br>Печатачи во боја<br>Дигитален фото апарат<br>Уреди за слушање музика<br>ЦД и ДВД плеер<br>ТВ приемници<br>Гимнастички душеци<br>Клацкалка<br>Ниски справи од спортска гимнастика<br>Ниски кошеви<br>Одбојкарски мрежи<br>Проекционо платно<br>Нови географски и историски карти |
| Предметна настава | Компијутери, Камери, ЛЦД Проектор, Лаптоп, Печатачи | |

| | | |
|---|---|---|
| Биологија, Хемија , Природни науки, Физика, Математика | Микроскоп, модел торзо, модел срце, мозик, око, уво, скелет, постери, 3Д магнетно поле, микро пипети, У цефка, вага за еднаквост, вага за течност и тежина, волуметриска тиквичка 500мл, градуирани пипети 10 мл, дигитална вага, динамометри, електроскоп, епрувети од боросиликатно стакло, епрувети со тапа, инки стакленки од 30 -90 мм, капалки/пастерови пипети, комлет за електростатика, лабораториска чаша - градуирана, лажичка за согорување, магнети, метална шипка за епрувети, метална маша, микроскопски препарати, модел на молекули, периеви садови, пинцета, предметни стакленца за користење под микроскоп, сет за елекрицитет, сет за магнетизам, сет за топлинска енергија, сет од мин. 7 различни призми, сметалки, спиртни ламби, стаклен сад за мерење со капак, сталак за епрувети, сталак за пипети, чаша за волумен, шпиртна ламба, Лењири, шестари, геометриски тела, абакус, амперметри, електромотори, волтметар, струјно коло, тегови, компас, лупи. | Музички инструменти за потребите на оркестарот<br><br>Топки<br><br>Нови лектирни иданија, нови постери |
| Географија, Историја | Географски карти, рељефна карта, глобуси, историски карти | |

| | | |
|---|---|---|
| Музичко образование, Хор, Оркестар | Мандолини, гитара, триангал | |
| Физичко и здравствено образобание | Душеци, јажиња за скокање, обачи, разбој, греда, пинк понк маси, јарец, шедски сандук, чуњеви, топки, шах табли | |

2.5 Податоци за училишната библиотека

| Реден број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1. | Лектири | 1598 |
| 2. | Учебници | 960 |
| 3. | Стручна литература за наставници и стручни соработници | 139 |

Библиотеката е место каде што треба да се создаваат трајни навики за читање, истражување и самостојна работа. Таа треба да биде работен кабинет за сите наставни предмети, но и место за информативна, образовна и културна дејност.

Користењето на библиотечниот фонд е неопходност во процесот на постојаното образование и самообразование.

Библиотекарот со своето образование и знаење, професионални компетенции, организациско и стручно искуство, работни навики и мотивација, претставува главен двигател во развојот на училишната библиотека.

Основната цел на училишната библиотека е да негува и развива љубов и интерес кон книгата, уште од најраната возраст кај најмладата популација. Таа љубов посебно треба да се негува кај нашите ученици, кои во своите училишта ги прават првите чекори во прекрасниот и бесконечен свет на учењето и знаењето. Во тој контекст, училишните библиотеки претставуваат „центар на гравитација“ во царството на знаењето во училиштата , во кои учениците ќе ги направат првите

контакти и каде ќе остварат непосредна комуникација со книгите, ќе го совладаат начинот на нивното користење и ќе им служат за збогатување на нивните знаења.

Таа е водилка која служи за поттикнување и мотивирање на учениците за читање романи, раскази, приказни и други литературни видови. Во текот на оваа учебна година се обнови библиотечниот фонд со нови лектирни изданија за потребите на учениците.

2.6 План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

Според планот за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година се реализираа следните активности:

Просториите во централното училиште беа исчистени, беше исчистено дворното место и цел простор околу училиште. Во Централното училиште се санира кровот и настрешниците на терасите. Беше извршено варосување на училниците , ходниците и подрумските простории на Централното училиште.Заменати беа прозорите во подрумските простории со ПВЦ дограма и беше набавен еден клима уред.

Хигиено-технички беа опремени и сите подрачни училишта , целосно уредени дворните места. Во подрачното училиште с.Наколец се санира кровот и настрешницата и беше молерисана една училница. Во подрачното училиште во с.Крани целосно беа молерисани сите простории во училиштето.

Континуирано се водеше грижа за хигиено -техничките услови во училиштето со што хигиената беше на високо ниво.

## 3. Податоци за вработените

3.1 Податоци за вработените кои ја остваруваа воспитно образовната работа

Во учебната 2025/2026 вработените кои ја остваруваа воспитно образовната работа седадени во следната табела:

| **Реден број** | **Име и презиме** | **Година на раѓање** | **Звање** | **Степен на образование** | **Работно место** | **Ментор / советник** | **Години на стаж** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Јулијана Пановска | 1974 | Дипломиран учителпо одделенска настава на македонски јазик | ВСС | Одделенски наставник на Македонски јазик | / | 24 Години |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Мери Наумовска | 1972 | Дипломиран професор по одделенска настава на македонски јазик | ВСС | Одделенски наставник на Македонски јазик | / | 31 Години |
| 3. | Ивона Кажановска | 1991 | Дипломиран учител одделенска настава на македонски јазик | ВСС | Одделенски наставник на Македонски јазик | / | 3 Години |
| 4 | Сузи Ќоропановска | 1971 | Дипломиран учител по одделенска настава на македонски јазик | ВСС | Одделенски наставник на Македонски јазик | / | 30 Години |
| 5. | Наџие Шерифи | 1965 | Одделенски наставник на албански јазик | ВСШ | Одделенски наставник на Албански јазик | / | 30 Години |
| 6. | Генц Седалиу | 1967 | Дипломиран одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник на Албански јазик | / | 22 Години |
| 7. | Бесим Бесими | 1997 | Дипломиран одделенски наставник на албански јазик | ВСС | Одделенски наставник на Албански јазик | / | 6 Години |
| 8. | Аница Симоновска | 1963 | Наставник по Биологија и Хемија | ВСШ | Наставник по Биологија и Хемија | / | 39 години |
| 9. | Дивна Темелковска | 1970 | Дипломиран професор по Англиски јазик и книжевност | ВСС | Наставник по Англиски јазик | / | 30 години |
| 10. | Павлина С. Мицалевска | 1973 | Дипломиран машински инженер - педагошка доквалификација | ВСС | Наставник по Техничко образование | / | 23 години |
| 11. | Наташа Стојковска | 1985 | Дипломиран професор по Англиски јазик и книжевност | ВСС | Наставник по Англиски јазик | / | 13 години |
| 12. | Тодорче Тановски | 1992 | Дипломиран географ -Наставна насока | ВСС | Наставник по Географија | / | 7 години |
| 13. | Павел Митревски | 1987 | Дипломиран професор по Македонски и Француски јазик и книжевност | ВСС | Наставник по Француски јазик | / | 7 години |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14. | Билјана Герасовска/<br><br>Ирина Јанковска (замена за боледување) | 1993<br><br><br><br>2000 | Дипломиран професор по Македонски јазик и книжевност | ВСС | Наставник по Македонски јазик | / | 10 години<br><br><br>4 месеци |
| 15. | Ирена Икономовска | 1983 | Дипломиран професор по Филозофија | ВСС | Наставник по Етика | / | 12 години |
| 16. | Јетмир Абдулаи | 1984 | Средно - гимназија | ССС | Наставник по Англиски јазик | / | 10 години |
| 17. | Оливера Темелковска | 1982 | Дипломиран психолог | ВСС | Психолог | / | 12 години |
| 18. | Горан Јончевски | 1989 | Дипл. инж. по информатика | ВСС | Наставник по информатик а | / | 8 години |
| 19. | Весна Саљамовска Еленчевска | 1993 | Дипломиран соло пејач | ВСС | Наставник по Музичко образование хор и оркестар | / | 4 години |
| 20. | Сузана Луловска | 1968 | Дипломиран економист | ВСС | Наставник по Математика и Физика | / | 7 години |
| 21. | Егзона Адеми Лумани | 2000 | Одделенски наставник | ВСС | Одделенски наставник на албански јазик | / | 4 години |
| 22. | Никола Чаловски | 1986 | Дипломиран историчар | ВСС | Наставник по историја | / | 7 години |
| 23. | Ивица Андоновски | 1992 | Дипломиран професор по физичко и здравствено образование | ВСС | Наставник по ФЗО | / | 3 години |

3.2 Податоци за раководните лица

Раководни лица во учебната година

| Ред ен број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на | Работно место | Менто р / | Годин и на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | образова ние | | советн ик | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.<br><br><br>2. | Менде Темелковски<br><br>Горан Јончевски | 1962<br><br><br>1989 | Дипломир ан Социолог<br><br>Дипл. инж. по информат ика | ВСС<br><br><br>ВСС | Директор<br><br><br>ВД Директор | /<br><br><br>/ | 15<br><br><br>6 |

3.3 Податоци за воспитувачите

| Ред ен број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образова ние | Работно место | Менто р / советн ик | Годин и на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | / | / | / | | / | / | / |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

3.4 Податоци за вработените административни службеници

| Ред ен број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образова ние | Работно место | Менто р / советн ик | Годин и на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Вера Мурџевска | 1970 | Математич ко информати чка струка | ССС | Секретар-Благајник | / | 30 |

3.5 Податоци за вработените помошно технички лица

| Реден број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор / советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 1. | Оливер Николовски | 1964 | Средно Гимназија | ССС | хигиеничар | | 24 |
| 2. | Жаклина Толовска | 1970 | Основно образование | Основно | хигиеничар | | 28 |
| 3. | Роберто Поповски | 1965 | Основно образование | основно | хигиеничар | | 36 |
| 4. | Душанка Темелковска<br>Биљана Трајковска | 1964<br>1985 | Средно Гимназија<br>Земјоделски техничар | ССС<br>ССС | хигиеничар | | 36<br>7 |
| 5. | Аријана Азизи | 1972 | Средно Земјоделска струка | ССС | хигиеничар | | 11 |
| 6, | Ромео Костовски | 1970 | III степен Машино - Бравар | ССС | Хаус мајстор - ложач | | 25 |
| 7. | Гуралија Демировски<br>Атице Демировска | 1974 | Основно образование | основно | хигиеничар | | 22 |
| 8. | Горан Диневски | 1974 | Средно образование | ССС | хигиеничар | | 20 |

3.6 Податоци за ангажираните образовни медијатори

Во училиштето не се ангажирани образовни медијатори

| Реден број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор / советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| / | / | / | / | / | / | / | / |

3.7 Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | македонци | албанци | турци | срби | роми | други |

| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на вработени | 33 | 10 | 16 | 3 | 4 | | | | | | | | |
| Број на наставен кадар | 22 | 5 | 12 | 3 | 2 | | | | | | | | |
| Број на воспитувачи | | | | | | | | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| Административни работници | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| Помошно технички кадар | 8 | 4 | 2 | | 2 | | | | | | | | |
| Директор | 1 | 1 | | | | | | | | | | | |
| Помошник директор | | | | | | | | | | | | | |
| Образовни медијатори | | | | | | | | | | | | | |

3.8 Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии втор циклус | / |
| Високо образование | 21 |
| Виша стручна спрема | 2 |
| Средно образование | 7 |
| Основно образование | 3 |

3.9 Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20- 30 | / |
| 31- 40 | 8 |
| 41- 50 | 7 |
| 51- 60 | 15 |
| 61 - пензија | 3 |

3.10 Податоци за учениците

Комисија за запишување на ученици беше формирана од ВД Директорот на училиштето. Комисијата е составена од тројца членови: Оливера Темелковска – Психолог, Сузи Ќоропановска – Одделенски наставник и Егзона Адеми Лумани – Одделенски наставник.

Вкупен број ученици кои беа вклучени во воспитно образовниот процес беа 50 на почетокот на учебната 2025/ 2026 година но, во текот на учебната година се отпиша 1 ученик при што на крајот на учебната година завршија вкупно 49 ученици. Во табелата е даден преглед на ученици по одделенија , паралелки , број на ученици и етничка и полова структура на учениците во учебната 2025/ 2026 година.

| Одделение | Македонски | | | Турски | | Српски | | Албански | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | се | / | / | / | / | м | ж | се | м | ж | се |
| I | 0 | 1 | 1 | / | / | / | / | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 | 2 |
| II | 1 | 2 | 3 | / | / | / | / | 1 | 3 | 4 | 2 | 5 | 7 |
| III | 4 | 1 | 5 | | | | | 1 | 1 | 2 | 5 | 2 | 7 |
| IV | 1 | 0 | 1 | | | | | 2 | 1 | 3 | 3 | 1 | 4 |
| V | 2 | 4 | 6 | | | | | 4 | 3 | 7 | 6 | 7 | 13 |
| I-V | **8** | **8** | **16** | | | | | **8** | **9** | **17** | **16** | **17** | **33** |
| VI | 4 | 1 | 5 | | | | | | | | 4 | 1 | 5 |
| VII | 1 | 1 | 2 | | | | | | | | 1 | 1 | 2 |
| VIII | 6 | 1 | 7 | | | | | | | | 6 | 1 | 7 |
| IX | 2 | 0 | 2 | | | | | | | | 2 | 0 | 2 |
| VI –IX | **13** | **3** | **16** | | | | | | | | **13** | **3** | **16** |
| I-IX | **21** | **11** | **32** | | | | | **9** | **9** | **18** | **29** | **20** | **49** |

# 4. Материјално финансиско работење на училиштето

И оваа учебна година успешно работеше училиштето при што средствата за финансирање на дејноста на основното образование се обезбедуваа од Буџетот на Република Северна Македонија, на начин и постапка утврдени со Законот за буџетите на Република Северна Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Општината средствата ги распределува на основните училишта на своето подрачје за обезбедување на реализација на воспитно-образовниот процес, во согласност со утврдените стандарди и нормативи. Училиштето подготви материјално финансиски план за работа и распределба на финансиските средства и го објави на вебстраната на

училиштето. Податоците од годишниот финансиски план и од завршната сметка на основните училишта се објавени на веб страната на училиштето, а општината ги објави во своето службено гласило.

## 5. Мисија и визија

***Мисија*** Денес нашето училиште претставува отворена институција за нови, напредни и современи облици на учење и примена на новите методологии и го стимулира индивидуалниот развој на сите ученици и вработени, ја развива свеста за правата и одговорностите на ученикот, градењето на личноста на ученикот –поединец и неговото вклучување во колективната заедница и соживот во училиштето и го развива чувството за толеранција и почитување на различностите превзема најразлични активности со кои подржува партнерски односи меѓу учениците, наставниците и родителите од различни етникуми.

***Визија*** Се стремиме кон негување на слободата на мислењето и говорот, почитување на ученикот, пред се како личност, настава во која ќе се користи современа образовна технологија и методологија и истата да биде применета во корист на остварување на целите на учењето, наставата да биде атрактивна и привлечна и учениците да го сфатат учењето како сопствена потреба и нужност и да градат систем на позитивни вредности ,а со тоа ќе ги подготвиме да се оформат како возрасни зрели личности и да придонесат за градење на демократско граѓанско општество.

## 6. LESSONS LEARNED Веќе научено/ стекнати искуства

И оваа учебна година при изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето ги користевме поуките и искуствата од работата на училиштето во изминатите учебни години и анализа на работењето на сите органи и тела кои функционираат во училиштето.

Преку анализа и заклучоци од Самоевалвацијата на училиштето и Планот за развој на училиштето, анализи и искуства на Наставничкиот совет, Одделенскиот совет, Стручните активи. Стекнатите искуства при реализирањето на Наставните планови и програми како и имплементација на програмата за еколошка едукација . Придобивките од примената на ИКТ во наставата и употребата на етичките кодекси и правилници претставуваат патоказ за подготвување и реализирање на Годишната програма за работа на училиштето.При што произлегуваат следните:

**Позитивни страни:**

- Целосно реализирање на планираните наставни планови и програми и успешна имплементација во наставата
- Вклученост на родителите во работата и животот на училиштето
- Позитивна клима во училиштето - Односот на наставниот кадар спрема учениците, соработка помеѓу наставниците

- Не се регистрирани случаеви на психичко и физичко малтретирање и не постои меѓуетничко нетрпение.

**Негативни страни**

- Потреба од целосно менување на кров и кровна конструкција на централното училиште и ПУ с.Крани.
- Немање смарт табли во сите училници и современи нагледни средства.

## 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Оваа учебна година успешно се реализираа поставените приоритетни подрачја на промени:

Цел 1: Едукација на учениците за подобрување на состојбата на животната средина , Еколошка интеграција **Тим за следење на реализацијата на активностите** Аница Симоновска и ЕКО одборот, Директорот и Стручни соработници

Цел 2: Осовременување на наставата, користење современи приоди (форми, методи и техники) во наставата за учење и поучување на учениците **Тим за следење на реализацијата на активностите** Директорот и Стручни соработници

Цел 3:Реновирање и варосување на централното и подрачните училишта. **Тим за следење на реализацијата на активностите** Директорот и Стручни соработници

При што се постигнаа следните резултати:

- Подигање на еколошката свест, зголемување на лична одговорност, уреден училишен двор и училници
- Усовршување и професионален развој на наставниците
- Подобрување на просторните и техничките услови за работа
- Подобрување на квалитетот на наставата и зајакнување на улогата на стручните тела во училиштето

7.1 План за евалуација на акциските планови

Со Планот за евалуација на акциските планови беа евалуирани акциските планови:

**Цел 1**: Едукација на учениците за подобрување на состојбата на животната средина , Еколошка интеграција.

Со реализацијата на поставените цели на приоритетни подрачја на промени за кои постојат докази од реализираните активности во кои беа вклучени сите наставниците во нивната реализација со што се придонесе намалена потрошувачка на електрична енергија и вода,зголемена еко свест, подобар изглед на училиштето. По реализацијата на акционите планови со писмена или усна повратна информација се доби слика на сработеното и се

евидентираат недостатоците , негативностите, позитивните страни и кои понатаму ќе послужат за подобрување на идните планови и успешно реализирање на истите.

**Цел 2:** Осовременување на наставата, користење современи приоди (форми, методи и техники) во наставата за учење и поучување на учениците**.**

Наставниците посетија обуки на тема: Интеграција на зелени и дигитални вештини во дигиталната пракса, Генеративна вештачка интелегенција во образованието ,Обука организирана од претставници од Тримакс за користење на смарт табли, „Проширување и оддржливост на мрежата искуствено учење" организирана од МЕД . Обуки за одделенските наставнци за ПИРЛС, „Напредна обука за методи, техники и инструменти за советување и професионална ориентација на учениците", Обука за резултатите и препораките од државното тестирање од петто одделение во рамките на проектот за унапредување на основното образование.Одделенските наставници и администраторот посетуваа обука за креирање на електронски свидетелства.

Сите наставници навремено ги имаа изготвено годишни, тематски и дневни планирања/ сценарија со конкретизирани форми, методи и техники за учење и почување - Сите наставници имаат квалитетни годишни и дневни планирања/сценарија . Што придонесе за повисоки постигања од страна на учениците. Постојано се водеше увид во годишни, тематски и дневни подготовки/сценарија и за кој е изготвен извештај од посетени часови. Се следи и изготви анализа на успехот на учениците на крај на секој класификационен период. Успехот на учениците во оваа учебна година е на високо ниво.

**Цел 3:**Реновирање и варосување на подрачните училишта **Тим за следење на реализацијата на активностите** Директорот , стручни соработници и технички персонал.

Хигиено-технички беа опремени и сите подрачни училишта , целосно уредени дворните места и во сите подрачните училишта. Во централното и подрачните училиште с.Наколец и с.Крани извршено беше молерисување на просториите. Саниран е кровот на ПУ с.Крани и Централното училиште.

# 8. Програми и организација на работата на основното училиште

8.1 Календар за организацијата и работата на основното училиште

Општинско основното училиште „ Димитар Влахов" с. Љубојно работеше по календарот за работата на основното училиште врз основа на Законот за основно образование ,Законот за наставници и стручни соработници во основните училишта, Законот за работни односи, Законот за државна управа и други закони се планираше и организираше работата на основното училиште според календарот за работа на основното училиште што претставува основа за планирање на активностите во училиштето, работни и неработни денови, одбележување на значајни датуми,одбележување на денот на училиштето, уредување на училишниот хол, ,уредување на паноа,уредување на содржините на ѕиден весник, организирање прослави,

приредби, хепенинзи, базари, настани од хуманитарен карактер, собирни акции и други активности.

Учебната година 2025/2026 започна на 01.09.2025 година а завршува на 31.08.2026 година. Наставната година започна на 01 .09.2025 год и заврши на 10.06.2026 год.

Наставната година ја сочинуваа две полугодија: I и II полугодие. Првото полугодие започна на 01 септември 2025 година и заврши на 30 декември 2025 година. Второто полугодие започна на 20 јануари 2026 година и заврши на 10 јуни 2026 година.

Во текот на учебната година учениците користеа зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започна на 31 декември 2025 година и заврши на 19 јануари 2026 година. Летниот одмор започна на 11 јуни 2026 година и завршува на 31 август 2026 година.

Во учебната 2025/ 2026 година вкупно беа обработени 180 наставни денови на македонски наставен јазик и на албански наставен јазик.

8.2 Поделба на класно раководство , поделба на часовите на наставниот кадар , распоред на часови

**- предметна настава одделенски раководители**

| **Ред бр** | **Име и презиме** | **одделение** |
|---|---|---|
| 1. | Аница Симоновска | VI |
| 2. | Дивна Темелковска | VII |
| 3. | Сузана Луловска | VIII |
| 4. | Павлина Свиркова Мицалевска | IX |

**- Поделба на часовите на наставниот кадар**

**-Одделенска настава**

| **Ред бр** | **Име и презиме** | **место** | **јазик** | **одделение** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Сузи Ќоропановска | ЦУ Љубојно | македонски | IV, V |
| 2. | Егзона Адеми Лумани | ПУ Крани | албански | I |
| 3. | Наумовска Мери | ЦУ Љубојно | македонски | II, III |
| 4. | Пановска Јулијана | ПУ Сливница | македонски | I,II, III ,V |
| 5. | Кажановска Ивона | ПУ Крани | македонски | II |
| 6. | Шерифи Нађие | ПУ Наколец | албански | II, IV, V |
| 7. | Бесим Бесими | ПУ Крани | албански | II, IV |
| 8. | Седалиу Генц | ПУКрани | албански | III, V |

**-Предметна настава**:

| **Ред бр.** | **Име и Презиме** | **Наставен предмет** | **Одделение** |
|---|---|---|---|
| 1. | Билјана Фузевска<br>Ирина Јанковска (12.02.2026) | Македонски јазик<br>Македонски јазик за другите заедници во албански паралелки | VI- IX<br>IV,V во ПУ Крани и Наколец |
| 2. | Дивна Темелковска | Англиски јазик<br>Општествено- хуманитарна работа | III, IV,V, VI, VII, VIII, IX<br>VII |
| 3. | Наташа Стојковска | Англиски јазик | I,II,III,IV,V во ПУи централно училиште |
| 4. | Абдулаи Јетмир | Англиски јазик во албански паралелки | I,II,III,IV,V во ПУ Крани и Наколец |
| 5. | Павел Митревски | Француски јазик | VI – IX |
| 6. | Сузана Луловска | Математика и Физика | VI- IX |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Тановски Тодорче | Географија , Природни науки и Историја и општество (модул Географија),Унапредување на здравјето | VI -IX |
| 8. | Никола Чаловски | Историја и Историја и општество (модул Историја) Жените низ историјата и Нашата татковина (Слободни изборни предмети) | VI– IX<br><br>VII |
| 9. | Симоновска Аница | Хемија, Биологија, | VI – IX |
| 10. | Мицалевска С. Павлина | Иновации, Техничко образование и информатика и Природни науки | V- IX ЦУи ПУ |
| 11. | Весна Саљамовска Еленчевска | Музичко образование, хор, оркестар | VI –IX |
| 12. | Икономовска Ирена | Слободен изборен предмет 1 и Слободен изборен предмет 2, Граѓанско образование , Техничко образование и информатика | VI VII,VIII ,IX |
| 13. | Горан Јончевски<br>Од 06.04.2026<br>Аница Симоновска<br>Весна Саљамовска<br>Сузана Луловска<br>Наташа Стојковска | Физичко и здравствено образование | VI – IX<br><br>IX<br>VI<br>VIII<br>VII |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | Горан Јончевски<br><br>Од 06.04.2026<br><br><br><br>Мицалевска С. Павлина<br><br>Икономовска Ирена<br><br>Генц Седалиу | Техничко образование и Информатика | VI , VII<br><br>V подрачно Крани<br><br><br><br>VI<br><br>VII<br><br>V подрачно Крани |
| 15. | Наташа Стојковска | Ликовно образование | VI- IX |
| 16. | Ивица Андоновски | Физичко и здравствено образование | I-V подрачни и централно училиште |

**- распоред на часови**

Училиштето изготви распоред на часови за централното и подрачните училишта со цел навремено и квалитетно реализирање на наставата.

8.3 Работа во смена

Воспитно образовна работа за учениците се организираше во текот на целата работна недела и наставата се одвиваше во една смена и се почитуваше работното време за престој во училиштето до 13.30 според новата концепција. Часовите почнуваа во 8 .00 часот и завршуваа во 13.20 часот.

8.4 Јазик/ јазици на кои се изведува наставата

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** |
|---|---|---|
| Број на паралелки | 8 | 4 |
| Број на ученици | 32 | 17 |

| | | |
|---|---|---|
| Број на наставници | 17 | 5 |

8.5 Проширена програма

Во училиштето има изготвена проширена програма и се реализира во зависност од потребите. Проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни активности и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација. Основното училиште за учениците во прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со родителот, односно старателот.

8.6 Комбинирани паралелки

Во училиштето работаат комбинирани паралелки во одделенска настава

**-комбинирани паралелки одделенска настава**

| **Ред бр** | **Име и презиме** | **место** | **јазик** | **одделение** | **Број на ученици** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наумовска Мери | ЦУ Љубојно | македонски | II, III | 4 |
| 2. | Пановска Јулијана | ПУ Сливница | македонски | I, II,III,V | 6 |
| 3. | Шерифи Нацие | ПУ Наколец | албански | III ,IV, V | 3 |
| 4. | Седалиу Генц | ПУ Крани | албански | II, IV | 8 |
| 5. | Бесим Бесими | ПУКрани | албански | III, V | 5 |
| 6. | Сузи Ќоропановска | ЦУ Љубојно | македонски | IV, V | 5 |

8.7 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во училиштето прв странски јазик е Англиски јазик , а втор странски јазик е Француски јазик. Англиски јазик го изучуваат учениците од прво до деветто одделение во вкупно 12 паралелки односно вкупно 49 ученици. Француски јазик се изучуваше од шесто до деветто одделение во четири паралелки или вкупно 16 ученици. Учениците од шесто одделение го избраа француски јазик како изборен предмет по новата концепција, на почетокот од годината и се изучва од шесто до деветто одделение.

8.8 Реализација на Физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение.

За реализацијата на Физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение се реализираше тандем настава со одделенскиот наставник Мери Наумовска, Егзона Адеми Лумани, Сузи Ќоропановска, Нацие Шерифи, Бесим Бесими, Генц Седалиу,Ивона Кажановска и Јулијана Пановска со предметниот наставникот по Физичко и здравствено образование Ивица Андоновски .

**8.9 Изборна настава**

За запознавање со Програмите на изборните предмети на крајот на учебната година беа одржани родителски состаноци на кои родителите и учениците беа запознати со предложените изборни предмети од МОН и беше спроведено анкетирање на учениците во согласност со родителите. Изборната настава според Наставниот план беше застапена во учебната 2025/2026 во одделенска настава во IV и V според новата концепција се реализираа Слободни изборни предмети во првото полугодие во IVодделение се реализираше предметот Цртање, сликање и вајарство а во второ полугодие се реализира предметот Градинарство и хортикутура. Во V одделение првото полугодие се реализира Образование за животни вештини, а во второ полугодие Изработки од хартија - Оригами . Во VI одделение се реализираа следните слободни изборни предмети: 1. Етика во религиите и 2. Класична култура. Во седмо одделение се реализира настава по следните слободни изборни предмети: 1. Жените низ историјата и 2. Мојата Татковина. Во осмо одделение се реализираа следните слободни изборни предмети: Сликање и Прва помош и во деветто одделение - Унапредување на здравјето. Сите изборни предмети беа застапени со 2 часа неделен фонд.

Според новата концепција беа анкетирани родителите за избор на слободни изборни предмети од сите четири категории за следната учебна 2026-2027 година со електронско избирање на слободните изборни предмети од страна на родителите.

**8.10 Дополнителна настава**

Дополнителна настава се организираше за учениците кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети , за да ги постигнат очекуваните резултати. За успешно организирање на дополнителната настава во училиштето се вршеше постојано следење и вреднување на постигањата и напредувањето на секој ученик. Основното училиште изготвуваше распоред и го објавуваше на огласна табла и на својата интернет страница. За потреба на посета на ученикот на дополнителна настава одделенскиот, односно, предметниот наставник водеше евиденција и го известуваше родителот во рок од 3 дена од констатирањето на потребата.Часовите беа заведени во е дневникот и уредно беа пополнети обрасците за дополнителна настава.

### 8.11 Додатна настава

Додатна настава се изведуваше со ученици кои ја совладуваа програмата редовно и чувствуваа потреба за проширување на своите знаења. Додатната настава им овозможи на ученикот да ги изразат своите индивидуални интереси. Преку оваа настава се подготвуваа ученици за општински, регионални, републички и меѓународни натпревари. Основното училиште изготви распоред и го објави на огласна табла и на својата интернет страница. Часовите се заведени во е дневникот. Уредно беа пополнети обрасците за додатна настава .

### 8.12 Работа со надарени и талентирани ученици

Нашето училиште континуирано ги следи постигањата на учениците и има изградено механизам за идентификација и следење на учениците кои посебно се истакнуаат во учењето и помага за побрзо нивно напредување. Стручната служба и наставниците со употреба на разновидни начини и мерки за вреднување, со цел избирање на надарени и талентирани деца на различна возраст и со различни способности. Концепцијата за откривање и работа со талентирани и надарени ученици го донесува БРО на предлог на МОН. (член 34 од ЗОО)

### 8.13 Работа со ученици со посебни образовни потреби

Во училиштето од минатогодишните евидентирање и детекција на стручниот соработник не се евидентирани ученици со посебни образовни потреби. Годишните програми и планирања за работа со ученици со посебни образовни потреби се дадени во годишната програма на дефектологот. Наставниците и стручните соработници постојано се едуцираат за работа со деца со посебни образовни потреби и оваа учебна година беше организирана јавна дебата од Здружението за асистивна технологија„Отворете ги прозорците“на тема Асистивна технологија- Алатка за социјална инклузија- од проектот КОРДИАЛ.

## 9. Воннаставни активности

Суштината на воннаставните активности се состои во проширување и продлабочување на знаењата, умеењата и навиките на учениците. Тука доаѓаат до израз интересите, желбите и афинитетите на учениците за одредени активности. Воннаставните активности кои се реализира во основното училиште се определуваат со годишната програма за работа на училиштето. Учениците во воннаставните активности се вклучуваа доброволно. За учеството во воннаставните активности се води евиденција во дневникот на паралелката. Уредно беа пополнети обрасците за воннаставни активности и додатокот на свидетелството кои беа заверени и архивирани. При организирањето на воннаставните активности се води сметка за заштита од дискриминација по кој било основ, како и за примената на афирмативните мерки за вклучување на сите ученици.

Основна цел е да се овозможи стекнување на знаењата, вештини и вредности/ ставови зацртани со Националните стандарди за основното образование.

Во текот на учебната година се реализираа предавања и работилници во соработка со Црвен крст. Беа реализирани следните активности: Обуки и работилници на тема „Основи на Прва помош“ со Волонтер од ООЦК Ресен.

Обука по прва помош за Тимот по прва помош – припрема за општински натпревар по Прва помош.

Хуманитарна акција организирана во соработка на Црвен крст по повод Денот на гладта- Помислете на нас.

Работилници „Ментално здравје- важноста на менталното здравје во заедницата“ секој месец по една работилница од страна на сите одделенски и предметни наставници на одделенскиот час и од психологот по две работилни месечно во соработка со други институции, работилница на тема „ Меѓуврсничко насилство- Булинг “ како и Работилница: „Одбележување на светскиот ден на менталното здравје“, Одбележување на светскиот ден на дијабетисот (во соработка со Црвен крст), Работилница „Почитување на другите- „Дискриминација/ недискриминација“ Одбележување на „Светскиот ден на аутизмот“ во рамките на проектот ментално здравје и психолошка поддршка.Учествуваа на работилница „Превенција од болести на зависности„- едукација по повод месецот на борба против зависности. Работилница „Јас и здравјето“, Работилница „Моите емоции“, Работилница „Ретко е да си редок“ Одбележан беше и Меѓународниот ден на децата преку предавање ,работилнци и посета на дневниот центар за деца ссо посебни потреби во рамките на општествено- хуманитарна работа.

Учениците беа запознати со ПРОТОКОЛ ЗА ЗАШТИТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПОСТАВУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕ.

- Одбележана беше Детската недела под мотото „Правата на детето – безбеден чекор кон среќно детство“. По тој повод беа изведени повеќе активности од учениците од одделенска настава.

- Одбележан е денот на менталното здравје во соработка на Црвен крст- Ресен при што на учениците и вработените им беше одржана едукативна обука од страна на психологот.

Предавање од претставници на МВР Ресен на тема „ Превенција од пиротехника , петарди и огномети“.

- Од страна на учениците и вработените се организираше и се одржа и Новогодишна лотарија и забава во училиштето.

Посета на детски музички фестивал СИДО и куклена претстава во централното училиште. Учениците учествуваа на Новогодишен хепенинг,Преспански јаболкобер,Велигденски хепенинг , Априлијада и Генералка викенд еколошка акција и предавање Еко час . Учениците учествуваа на фудбалски турнир организиран од Федерацијата на училишен спорт на Македонија- Спортки игри за млади и пријателски фудбалски натпревар по повод патрониот

празник помеѓу екипите од ООУ„Димитар Влахов“с.Љубојно и ООУ„Славејко Арсов“с.Подмочани.

Во соработка со МЕД беше организирана промоција на книга за рисот Ристо и работилница за крупни цицачи- Рис.

Работилница на тема 11 Декември- „Светски ден на планините“.

Работилница на тема – „Управување со отпад“.

МЕД ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗЕЛЕНА И СИНА ПРЕСПА-Зајакнување на заштитата преку истражување, едукација и комуникација.

Работилница на тема „13 април-Меѓународен ден на растенијата “

Анкета со наставиците и учениците од МЕД НА ЕКОЛОШКИ ТЕМИ.

Истотака учениците беа во посета на Националниот парк Пелистер и Националниот парк Галичица.

Предавање од ЦУК на тема „Значењето на бројот 112“

Имаше предавање и симулација за елементарни непогоди и начин на постапување. Беше изведена и практична вежба – симулација.

### 9.1 Училишни спортски клубови

Во училиштето е основан училишен спортски клуб од страна на Директорот на училиштето. Програмата за спортските активности се реализираат во согласност со условите за спортување. Наставникот по ФЗО е задолжен за реализација на овие активности.

### 9.2 Секции/ клубови

**Оваа учебна година се реализираа** воннаставни активности секции/ клубови.

Секциите се подолготрајни воннаставни активности коишто се реализираа еднаш неделно , во текот на едно цело полугодие или на цела учебна година.

Во рамките на овој вид воннаставни активности се прави разлика меѓу: |А| секции за проширување/продлабочување на содржините од наставните предмети/ области |Б| секции за поддршка на други воннаставни интереси на учениците |В| секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците и |Г| спортско-рекреативни секции.

Во училиштето се реализираа следните секции и слободни активности по претходно изработен план и програма : Секција по англиски јазик, Литературна и рецитаторска секција, Сообраќајна секција и Еколошка секција.

Во одделенска настава се реализираат слободни активности со учениците од прво до трето одделение според новата коцепција.

Уредно беа пополнети обрасците за воннаставни активности кои се и заведени во е дневникот на паралелката.

### 9.3 Акции

Во училиштето се планираа и реализираа акции, еколошки и хуманитарни, во соработка со Општината и Црвениот крст Ресен. Реализирана беше еколошка акција „Генералка викенд" организирана од Општина Ресен.

Оваа учебна година учениците од седмо одделение реализираа 20 саати општествено-хуманитарна работа. Целта на општествено-хуманитарната работа е да придонесе за развој на свеста, вештините и посветеноста на учениците за решавање на проблемите од општествено-хуманитарен карактер. Целта на програмата е практичниот ангажман, во рамки на кој учениците го применуваат своето знаење работејќи на практични проекти во реалниот свет на општествено-хуманитарната работа. Ова компонента се реализира во следните фази: Тематска обука, Планирање на проектите ,Имплементација на проектите, Рефлексија, Промоција на проектите, при што беа реализирани следните планирани активности: Денот на гладта-хуманитарна акција, -Хуманитарна акција – посета и помош на центар за деца со посебни потреби под мотото„Дарувај од срце".

## 10. Ученичко организирање

Сите ученици во училиштето ја сочинуваа училишната заедница. Учениците имаа право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираа во заедница на паралелка и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваа претседателите на заедниците на паралелките. Првото свикување на ученичкиот парламент го врши директорот на училиштето. Ученичкиот парламент: - активно учествуваше во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, - го промовира ученичкиот активизам, во реализација на наставата и воннаставните активности, - учествува во подготовката на годишната програма за работа, - дава предлог активности за годишните програми за екскурзии, - дава предлози за воннаставни активности на училиштето, - дава предлози за подобрување на ученичкиот

стандард, - учествува во евалуацијата на работата на училиштето, - преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и - организира и учествуваа во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа. Претседателот на ученичкиот парламент Атанасиј Пампулевски беше избран со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање. Ученичкиот правобранител се грижеше за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител е избран со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање. Избран беше ученикот Елена Ќитан.

## 11. Вон училишни активности

Во рамките на вон училишните активности се планираа да се реализираат екскурзии и излети.

### 11.1 Екскурзии, излети и настава во природа

Оваа учебна година се планираа и реализираа два **излети** ( есенски и пролетен) со кои беа опфатени сите ученици од прво до деветто одделение.

Планирани беа еднодневна **екскурзија** со трето, **дводневна екскурзија** со шесто и **тродневна ексурзија** со деветто одделение според Правилникот за организирање и планирање на екскурзии од МОН. Се реализира еднодневна екскурзија со учениците од трето одделение и еднодневна екскурзија со учениците од VI и IX одделение. Во прилог се дадени извештаите од реализираните екскурзии и излети.

### 11.2 Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вон училишните активности

Во вонучилишните активности учествуваат сите ученици од нашето училиште и уредно се евидентирани во педагошката документација и е дневникот.

## 12. Натпревари

Во училиштето се планираа и организираа натпревари кои имаа цел да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството ,остварување контакти со учениците од други средини. За учениците што

покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираа натпревари на општинско, регионално и државно ниво. Оваа учебна година учениците учествуваа на следните натпревари:

- Општински натпревар по Прва помош на кој учествуваа тимот по Прва помош под менторство на наставникот Ивица Андоновски и освоија трето место.

Регионален натпревар на млади техничари и природници од РСМ во организација на Народна техника на РСМ учениците од нашето училиште учествуваа во областа Сообраќајно моделарство ученикот Владимир Трајковски освои прво место. Во областа градежништво и архитектура ученичката Адријана Јумеровска освои прво место и се пласираа на 63-от Државен натпревар Регионален натпревар на млади техничари и природници од РСМ во организација на Народна техника на РСМ учениците од нашето училиште учествуваа во областа Сообраќајно моделарство ученикот Владимир Трајковски освои прво место. Во областа градежништво и архитектура ученичката Адријана Јумеровска освои второ место.

Државен натпревар „Европски квиз на парите 2026“ во соработка на македонската банкарска асоцијација на кој учествуваа Божидар Костиќ , Филип Станковски, Атанасиј Пампулевски и Алексеј Митревски.

Учениците учествува на награден конкурс посветен на Преспа,распишан од Домот на култура „Драги Тозија“ Ресен на тема „Преспа во стих и збор“. На конкурсот учествуваа – Адриана Јумеровска, Владимир Трајковски, Алексеј Митревски и Атанасиј Пампулевски.

По повод Патрониот празник на училиштето учениците учествуваа на ликовниот конкурс на тема „Нашето училиште“ на кој награди освоија: Симона Диневска прво место, Адријана Јумеровска второ место и Симон Диневски трето место.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција

Реонот кој го опфаќа нашето училиште има население кое го одликува етничка и религиска разнообразност. Оваа разновидност условува потреба од изградба и практикување на образовни политики чија цел е поттикнување на изградба на личности кои се чувствуваат припадници на својата заедница, односно изградба на личности кои и припаѓаат на заедицата и истовремено оформуваат систем на цели засновани на вредностите на сопствената културна заедница. Во нашето училиште има ученици кои

учат на македонски и албански наставен јазик. Затоа се определуваат активности во насока на меѓусебно запознавање, развивање на почит и однос кон различностите. Тимот одговорен за оваа компонента изготви Глобален план за МИМО активности и акциони планови за реализација на мултиетничките/ мултикултурните активности во редовната и во вонннаставните/ вон училишните активности. Исто така училиштето соработува со партнер училиште и со други училишта од општината или регионот.Во рамките на проектот МИМО учениците учествуваа на прослава на патрониот празник како и еднодневен есенски и пролетен излет и еднодневна екскурзија, заеднички часови по физичко и здравствено образовние во подрачното училиште Крани со учениците од прво до петто одделение во рамките на проектот МИМО. Работилница во ПУ Наколец на тема Одбележување на „Светскиот ден на аутизмот“ и учество на Преспански јаболкобер

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи кои повлекуваат реализирање на проекти кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на наставата, а истите се подржани од МОН, БРО и други институции, органи и невладини организации и слично.

Нашето училиште во оваа учебна година продолжи со реализација на проектите

- Проектот за еколошка интеграција во македонскиот образовен систем

- Проектот за превенција од насилство

- Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието

- Проект- Математика со размислување

- Проект- Јазична писменост

- Користење на информационен систем за управување во образованието (ЕМИС)

- Програмата Образование за животни вештини

-Проект Медиумска писменост

- Проект Ментално здравје

Проект -Иницијатива за зелена и сина Преспа -зајакнување на заштитата преку истражување ,едукација и комуникација.

## 15. Поддршка на учениците

15.1 Постигнување на учениците

Врз основа на Споредбена Анализа за успехот во ООУ " Димитар Влахов " с.Љубојно во континуитет од три години:

| Учебна година | Среден успех |
|---|---|
| 2023/2024 | 4.64 |
| 2024/2025 | 4.33 |
| 2025/2026 | 4.31 |

Средниот успех оваа година е **4.31.**

Училиштето има за цел:

- Да **не** се намалува средниот успех на ниво на училиште
- Подобрување на успехот на послабите ученици
- Поголема мотивација и на по успешните ученици

I Активности за постигнување на предвидените цели:

I.1. Континуитет во оценувањето , навремено преземање на мерки за подобрување

I.2. Континуирано одржување на дополнителна настава , почести контакти со родители/старатели и предлагање мерки за подобрување.

I.3 Организирање учество на натпревари (училишни, меѓу училишни,општински, регионални,државни )

II Активности од стручна служба:

II.1. Разговор помеѓу стручен соработник и ученици од цело одделение

II.2. Разговор помеѓу стручен соработник и ученик, или родител/старател, советување,

II.3 Давање стручна насока и помош на ученик од стручниот соработник

II.4. Организирање на стручни предавања

II.5. Консултативни разговори со наставниците

### 15.2 Професионална ориентација на учениците

Училиштето им помага на родителите, односно старателите и на учениците при изборот на средното училиште, согласно со особеностите, способностите и афинитетите на учениците. Заради следење на индивидуалните афинитети на учениците и давање

помош на учениците и нивните родители, односно старатели во избор на средното училиште, психологот во училиштето користи алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците и реализира програма за професионална ориентација за ученици од деветто одделение.

Во училиштето се одржаа предавања и презентации од различни средни училишта и различни струки за поддршка на учениците во нивниот избор на средно училиште и беше спроведена анкета и предавања за професионална ориентација на учениците од страна на Психологот на училиштето за VIII и IX одделение. Исто така учениците беа запознати со Конкурсот за запишување во средните училишта и со начинот на пријавување и запишување во средните училишта.

### 15.3 Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Во училиштето се планираа и реализираа Превентивни програми (насилство,болести на зависност,асоцијално однесување,соработка со установи за безбедност и социјална грижа) .

И оваа учебна година се продолжи со програмата за намалување на насилството во училиштето.Училиштето има своја училишна политика за превенција и справување со насилство во училиштето и води грижа за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците, вклучување на надлежните институции и експерти за определените области на дејствување.

Во текот на учебната година секој наставник од одделенска и предметна настава на одделенскиот час и психологот одржуваа Работилници „Ментално здравје- важноста на менталното здравје во заедницата“ работилница на тема „Булинг меѓуврсничко насилство “како и Работилница- Почитување на другите- „Дискриминација/ недискриминација“ во рамките на проектот ментално здравје и психолошка поддршка.Учествуваа на работилница „Превенција од болести на зависности„-едукација по повод месецот на борба против зависности.Запознати беа со ПРОТОКОЛ ЗА ЗАШТИТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПОСТАВУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕ. Одбележан беше и Меѓународниот ден на децата преку предавање и работилнци.

Учениците учествуваа на повеќе воннаставни активности во рамките на ментално здравје: „ Јас и здравјето“, „Превенција од насилство“, „Моите емоции“, „Разрешување конфликти“, „Почитување на другите“

Во училиштето има формиран тим и програма за социо- емоционален развој на децата кој се грижи за емоционалната добросостојба на учениците.

## 16. Оценување

**Оценувањето** на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето.

16.1 Видови оценување и календар на оценување

Оценување се одвиваше континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбите во четири класификациони периоди. Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваа формативно и сумативно и се запишуваа со описно и/или бројчано.

Во првиот период ( I - III одд. ) се оценуваа описно, во вториот период ( IV – VI ) постигањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваа описно и бројчано, по класификационите периоди – тромесечија е описно,а на полугодие и крајот на учебната година оценувањето е бројчано. Учениците од третиот период ( VII – IX ) се оценуваат бројчано со оценки од еден (1) до пет ( 5 ). Бројчаните оценки се: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни, освен оценката недоволен (1). Највисока оценка е одличен (5).
По предметите за писмено оценување наставниците прават план имајќи ги предвид законските ограничувања ( дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи ).
Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Критериумите за оценување на постигањата на учениците се темелат на стандардите за оценување и Блумовата таксономија. Оценувањето на ученикот се врши согласно со стандардите за оценување во наставните програми. Оценувањето на ученикот со бројчани оценки се врши и согласно со критериумите за бројчано оценување што ги изготвува Бирото.
Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката континуирано во текот на учебната година го известуваше ученикот за неговото напредување и постигања по секој одделен наставен предмет. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката го известува родителот, односно старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови и свидетелства.

16.2 Тим за следење анализа и поддршка на оценувањето

Тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето : Оливера Темелковска- психолог – Љубица Мицановска - социолог, Нације Шерифи - претседател на одделенски актив, Мери Наумовска-член на одделенски актив ,Павлина С. Мицалевска-претседател на актив на активностите, Аница Симоновска- претседател на природноматематички актив, Дивна Темелковска- претседател на актив на јазичари.

16.3 Стручни посети за следење и вреднување на работата на воспитно- образовниот кадар

Следење и вреднувањето на работата на наставниците се врши во училиштето од страна на директорот, како и од страна на Бирото за развој. Следење и вреднувањето се однесува на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Врз основа на сознанијата од следењето и вреднувањето наставникот добива извештај со повратна информација и насоки за понатамошна работа, што се чува во досието на наставникот. Извештаите од следењето и вреднувањето на наставниците се користат за унапредување на работата на училиштето и за кариерно напредување на наставниците.

Во училиштето постојано се следи работата на воспитно- образовниот кадар преку посети од страна на директорот и стручната служба најмалку два пати во едно полугодие по претходно изготвен план и програма и со користење на посебни инструменти за оценување.

Оваа учебна година училиштето беше посетено од страна на ДПИ и советници од БРО согласно законот за Основно образование и Новата концепција за основно образование при што наставниците од предметна настава следеа обука за Општествено- хуманитарна работа .

16.4 Самоевалуација на училиштето

Според Законот за основно образование член 129 на секои две години училиштето врши самоевалуација за сопствената работа и постигањата. Самоевалуацијата ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите односно старателите која по предлог на директорот ја формира училишниот одбор.

На крајот од наставната 2023/2024 во период август- октомври се изврши самоевалуација на училиштето. На крајот на наставната година беа формирани комисијата и тимовите за работа на новата самоевалуација во текот на август- октомври 2026/2027 учебна година.

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето се грижи за безбедноста на учениците во училиштето и за таа цел се изготвува ефикасен план за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди при што се организираа и реализираа предавања и обуки за учениците и вработените за ефикасна постапка во време на елементарна незгода со цел да се избегнува и намалува бројот на жртвите со навремено и организирано укажување на прва медицинска помош и евакуација на повредените во соработка со тим од Црвен крст Ресен.Оваа година беше организирано предавање од страна на ЦУК со цел учениците и вработените да се запознаат со значењето на бројот 112.
Нашето училиште е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место доколку дојде до несакана ситуација и за истите има обележано патокази за побрзо дејствување на учениците и вработените во институцијата.

Поставени се и знаци за излез на повеќе локации кои јасно ја покажуваат насоката за движење за најлесно и најбрзо да се напушти училишната зграда, како и поставено е сандаче за Прва помош во училишната зграда .

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1. *Хигиена во училиштето*

Со редовното одржување на хигиената во училиштето, училниците, ходниците и училишниот двор овозможува одржување на хигиената на високо ниво. Редовно се изврши дезинфекција , дезинсекција и дератизација на училишните простории најмалку два пати во годината. Покрај техничкиот персонал, за хигиената во училиштето се грижат и другите вработени во училиштето , како и учениците.

### 18.2. *Систематски прегледи*

Систематски прегледи и вакцинација се изврши според планот на ЈЗУ Здравстен дом- Ресен кај учениците од I до IX одделение. Систематските прегледи се вршеа во согласно со планот и работното време на ЈЗУ и нашето училиште. Учениците на систематски преглед одеа во придружба на своите родители/старатели. Истотака се организираат систематски прегледи и санитарни прегледи за вработените во училиштето според законот.
Во текот на учебната година редовно се вршеа Стоматолошки прегледи, залевање и преглед на забите со учениците од прво до шесто одделение.

### 18.3. *Вакцинирање*

Вакцинација и ревакцинација се врши според планот на ЈЗУ Здравстен дом- Ресен. Опфатени се учениците од I до IX според календарот за имунизација и вакцинација. Училиштето го информира родителот/старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски прегледи и вакцинации според законот.

### 18.4. *Едукацијаза здрава исхрана – оброк во училиштата*

Советот на родители во нашето училиште избра доставувач на храна за учениците. Преку предметот Образование за Животни вештини на одделенски час и интегрирањето на ЕКО- содржините во редовната настава, исто така учениците се едуцираат за здравата исхрана и воедно се подига јавната свест . Предметот ФЗО и наставниците по предметот и одделенските и предметните наставници, со цел да се подигне свеста кај учениците за физичка активност која ќе придонесе за подобро физичко здравје, правилно седење во клупа, правилно држење на телото и правилно движење.

## 19. Училишна клима

### *19.1. Дисциплина*

Една од основните задачи во секоја воспитно-образовна институција е секако дисциплината на сите вклучени фактори. Така и нашето училиште изнаоѓа многубројни начини за подобрување на училишната дисциплина на учениците, наставниците и останатите вработени. Во текот на учебната 2025/2026 година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени тежнеа кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. Изготвени беа Кодекси за однесување за ученици, наставници, други вработени во училиштето и родители/старатели со кои на почетокот на учебната година одделенските раководители ги запознаа учениците со правилата и должностите на однесувањето . Има изготвен Правилник за сите должности и обврски на сите вработени и истиот се поставува на видно место во училиштето заедно со Кодексите на однесување во училиштето. Наставниците беа задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите. Се изготви распоред на дежурни наставници за време на одморите. Следењето на дисциплината за време на одморите се врши во ходниците, училниците, санитарните јазли и во училишниот двор . Во училиштето има и Куќен ред во интерес на одржување на диципллината, запазување на безбедноста во училиштето, училишниот двор, како и стимулирање на навики за културно однесување се реализираа следните активности: изготвување на распоред за дежурни наставници, што придонесе за позитивна клима во училиштето и почитување на кодексите на однесување на учениците и вработените во училиштето.

### *19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Сите вработени во училиштето се задолжени да допринесуваат за уредувањето на истото, се со цел негова подобра функционалност и удобност. Наставниците и учениците допринесоа за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото. Во училиштето се организираа разновидни настани чија реализација напоредно бара соодветно уредување. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангажирање во воспитно-образовниот процес. Во текот на целата година одделенските и предметните наставници заедно со учениците ги уредуваа своите кабинети, се со цел да се создаде креативно уредена училница и пријатна работна атмосфера. Се средуваа паноата и катчињата со ученички изработки во ходникот, при што естетски се уредуваа за да влијае позитивно врз учениците и да се чувствуваат по пријатно во училиштето и секако да се развива креативноста на учениците.
Исто така редовно се уредуваше и одржуваше училишниот двор , со цел да биде естески и фукционално уреден и учениците да се чувствуваат пријатно и безбедно. Училиштето има тим кој ги планираше, организираше и следеше активностите за естеско уредување.

### *19.3. Етички кодекси*

Училиштето има изготвени етички кодекси на сите лица кои се вклучени во образованието – ученици, наставници, родители/старатели, други вработени заради подобрување на училишната

клима и односите во училиштето. Истите се поставувени на видно место во училиштето и без исклучоци се почитуваа. Во почетокот на оваа учебна година Ученичкиот парламент изврши ревидирање на Кодексот за однесување за учениците со цел да предложат измени или дополнувања на постојниот Кодекс.

### *19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето*

Меѓучовечките односи на релација ученик-ученик, ученик-наставник, наставник-наставник, учениците со другите вработени во училиштето, наставниците со другите вработени во училиштето, исто и со родителите во сите релации во нашето училиште се на високо ниво. Формиран е тим кој ги следи односите во училиштето и доколку детектира проблем се превзема некоја од активностите предвидени од тимот со цел подобрување на квалитетот на комуникацијата и зајакнување на меѓусебната доверба и соработка.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### *20.1. Детектирање на потребите и приоритетите*

Потребите и приоритетите кои произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, се извор за детектирање на потребите и приоритетите за професионлен развој на образовниот кадар. Со утврдување на потребите за професионален развој на вработените и личниот план за професионален развој на наставниците и стручната служба се планираа и реализираа обуки осовременување на образовниот процес.

### *20.2. Активности за професионален развој*

Се планираа, организираа и реализираа обуки, семинари, работилници од кои имаа потреба наставниците за наставните програми во осмо одделение според новата коцепција, се правеше евалуација и од неа произлегоа следните приоритети за професионален развој. Ваквите активности придонесоа за професионален развој на наставникот , унапредување на своите знаења и вештини при креирање на современи планирања.

**Цели и задачи:** Мотивирање на наставниците за континуиран професионален развој-услов за успешна и ефикасна работа. Наставникот постојано да ги развива своите компетенции со цел да достигне и одржи висок квалитет на наставата во согласност со осовременување на наставата.

### *20.3.Личен професионален развој*

Се планираше поединечно следењето и напредувањето на наставниците, нивното вреднување преку однапред подготвени интерни критериуми, мотивирање на наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, следење на сите субјекти во училиштето за нивно поуспешно учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др. Личниот професионален развој на наставникот се следи преку професионалното досие на наставникот.

### *20.4 Хоризонтално учење*

Се планираа различини видови на организирање и пренесување на стекнатите знаењата или размена на професионално искуство, преку активите, со организирање на отворени нагледни часови, работилници со цел размена на нови методи и техники за работа , кои се планирани во програмите на стручни активи.Извршени беа дисеминации од обуката за Интеграција на зелени и дигитални вештини во наставната пракса и Генеративна вештачка интелегенција.

### *20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

Директорот и стручните соработници ги следеа препораките и можностите кои ги нудат МОН, БРО и другите институции кои организираат обуки, семинари , конференции, работилници и слично.
Реализирани беа обуки за Новата концепција и новите наставни планови и програми за VIII одделение по сите наставни предмети организирани од БРО.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### *21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето*

За да се зајакнат капацитетите на дејствување на Советот на родители претходно се изготви програма за работа, при што се детектираа состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, нивни идејни планови за организација на активности во училиштето, родителите/старателите учествуваа во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите.

### *21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставни активности*

Родителите/старателите даваат мислења и сугестии за дополнување и изменување на секаков вид планирања, постојано се информирани за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба и учениците. Даваа подршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во учењето и посебно ги поддржуваа соработките за напредување на учениците–таленти.

### *21.3. Едукација на родителите/старателите*

Во текот на учебната година се планираа и едукативни работилници за родители/старатели, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, брошура но, и Советодавно-консултативни работилници –индивидуални и заедничка средби. Психологот врши советувања според Програмата за советувања. Советодавна работа со родителите (индивидуална и групна), се одвиваше од страна на стручната служба, одделенските раководители а, по потреба и од

директорот на училиштето. Се изработи брошура за родители на почетокот од наставната година при што им беа презентирани делови од годишната програма за работа. Со цел родителите да бидат што повеќе информирани за работата на училиштето и да се мотивираат преку предлози, сугестии и критики што поактивно да се вклучат во работата на училиштето.

**22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште**

- ***Локална заедница*** (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)

Соработка на училиштето со локалната средина подразбира активно вклучување на училиштето во средината во која е лоцирано, нејзино информирање за резултатите, состојбите и проблемите. Активностите се реализираа преку разновидни собири, средби, културно-уметнички приредби, изложби и акции. Исто така училиштето влијае на подигнувањето на културно-образовното ниво на месното население. Соработката на училиштето со локалната средина опфаќа: соработка со семејството преку индивидуални контакти, родителски средби на ниво на училиште или паралелка, учество на родителите/старателите во сите подрачја на воспитно-образовната дејност; соработка со воспитно-образовни установи институции и организации од областа на културата, стопанството и други организации; организирање разновидни општествени, културни и образовни активности со локалното население; информирање на пошироката јавност за работата и резултатите што ги постигнува училиштето.

- ***Институции од областа на културата***

Училиштето преку својата работа остварува соработка со училишта од општината - соработка со основни и средни училишта, библиотека, кино - театар, домот на културата, историски локалитети и објекти, друштва на писатели и уметници, фабрики, метеоролошка станица, невладини организации, Црвен крст и други.

- ***Институции од областа на образованието***

Со Министерство за образование и наука преку дописи, акти, извештаи за Законски регулативи, решенија за наставни планови и програми, упатства за уписи, согласности за вработување, календар за работа за учебната година, одобрување на статутот на училиштето, проекти и сл. Со ДПИ за доследно спроведување на законската регулатива, самоевалуација на работата на училиштето, Интегрална евалуација на училиштето, уписи на првачиња, педагошка евиденција и документација. Со БРО за реализација на наставни програми, Организирање на семинари и обуки и посета на советници, изработка и спроведување на нормативите за наставен кадар, спроведување на изработените нормативи за обезбедување на услови за работа. Со ДИЦ за Самоевалуација на работата на училиштето, Интегрална евалуација на училиштето.

- ***Невладини организации*** – Со цел афирмирање на активностите и постигањата во училиштето и обезбедување помош и поддршка на учениците е планирана соработка со Детската амбасада Меѓаши, СОС центри, Еколошки друштва и Црвен крст во текот на учебната година.

- ***Спортски друштва***

Активности на планот на соработката со спортски друштва се планираа преку учество на разни натпревари со наши ученици на разни турнири со цел да е развива спортскиот и натпреварувачкиот дух.

- ***Здравствени организации***

Бидејќи грижата за здравјето на учениците е една од најзначајните задачи во воспитно-образовниот процес нашето училиште на овој план соработува со ЈЗУ Здравствен дом –Ресен при што учениците перманентно и континуирано го заштитуваат своето здравје.

- ***Медиуми*** (со цел на промоција на училиштето)

Соработката со медиумите е важен дел од соработката со јавноста. Како и секое современо училиште и нашето училиште има потреба од афирмација на неговата работа и постигнати резултати со цел да се има увид во начинот на работење, целите и резултатите што се постигнуваат. На овој план беа планирани соработка со печатени и електронски медиуми при што се објавуваат ученички творби и сл. во детски списанија, како и објавување на веб страната на училиштето и други електронски медиуми на локалната самоуправа.

## 23. Следење на имплементацијата на Годишната програма за работата на основното училиште

Имплементацијата на Годишната програма се следеше тековно во текот на целата учебна година преку различни активности и со различни инструменти од страна на Директорот, Стручната служба, БРО, МОН, ДИЦ и други релевантни структури.

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| Материјално - финансиско работење | Извештај<br>Декември-Февруари | Директорот | УО |
| Следење на акциските планови | Извештај<br>Тековно | Тимовите | Директорот, Стручна служба |
| Следење на планирањата на наставниците | Инструмент за следење на планирањата<br>Тековно | Стручна служба | Директор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење на воннаставните активности | Извештај<br>Јуни | Стручна служба | Директор |
| Следење на работата на училишниот парламент | Извештај<br>Јуни | Стручна служба | Директор |
| Следење на вонучилишни активности | Извештаи<br>Тековно | Стручна служба | Директор |
| Натпревари | Извештаи<br>Тековно | Активите | Директор, Стручна служба |
| Следење на проектите кои се работат во училиштето | Извештаи<br>Тековно | Наставниците, активите, тимовите | Директор, Стручна служба |
| Оценување | Извештаи<br>Тековно | Тим за следење, анализа и поддршка | Директор, Стручна служба |
| Грижа за здравјето | Извештаи, евиденција во дневникот на паралелката<br>Тековно | Тим за грижа за здравјето | Директор, Стручна служба |
| Следење на училишна клима | Извештаи<br>Тековно | Тимови, наставници, ученици | Директор, Стручна служба |
| Професионален и кариерен развој на воспитно образовниот кадар | Извештаи, сертификати, потврди, семинари, обуки и сл.<br>Тековно | Наставници, Стручна служба, Директор | Директор, Стручна служба |
| Соработка на училиштето со родители/старатели | Извештаи, состаноци, работилници<br>Тековно | Наставници, родители/старатели | Директор, Стручна служба |
| Комуникација со јавност и промоција на ООУ | Веб страна, медиуми и сл<br>Тековно | Наставници, Ученици, родители/старатели, директор, стручна служба | Директор, Стручна служба |

## 28. Евалуација на Годишната програма за работа на основното училиште

Преку евалуацијата на годишната програма која се врши во текот на целата учебна година преку собирање на докази со разни инструменти, прашалници, документи, дискусии, интервјуа, записници, протоколи, увид во работата на учениците, процес на набљудување, разни тековни извештаи, годишните извештаи и слично, сметаме дека беа успешно реализирани поставените цели и активности предвидени со Годишната програма за работа на училиштето.

## 29. Заклучок

Овој Годишен извештај ги содржи сите поглавја од Годишната програма за работата на основното училиште во учебната 2025-2026 година.

Во Годишниот извештај се изнесени условите , општите податоци за училиштето, податоци за условите за работа на училиштето, вработените и учениците во основното училиште, материјално финансиско работење на училиштето, извештаи од програмите и организацијата на работата во училиштето, воннаставни и вонучилишни активности, ученичко организирање, натпревари, проекти кои се реализираат во основното училиште, поддршка на учениците, оценување, грижа за здравјето на учениците и вработените, училишна клима, професионален и кариерен развој на воспитно образовниот кадар, соработка со родителите/старателите и комуникација со јавност и промоција на основното училиште, со цел постигнување на подобри резултати во целокупната работа на училиштето, што е и визија на нашето училиште.

## 30. Комисија за изработка на Годишниот извештај за работа на основното училиште

**Горан Јончевски-ВД Директор**
**Дивна Темелковска- Наставник по Англиски јазик**
**Оливера Темелковска- Психолог**

Датум 26.06.2026 година

Потпис на ВД Директор:
*Горан Јончевски*

Место
С.Љубојно, Ресен

Потпис на претседател на
Училишен одбор:

*Билјана Трајковска*

М.П

# Основно училиште “ *Димитар Влахов* “ с. Љубојно

Податоци за училиштето, паралелките,учениците, успехот и наставниот кадар на крајот од учебната 2025/2026 год.

**П Р Е Г Л Е Д**

Учениците во учебната 2025/2026 година по наставни јазици

Табела бр.1

| Одделение | Македонски | | | Турски | | Српски | | Албански | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | се | / | / | / | / | м | ж | се | м | ж | се |
| I | 0 | 1 | 1 | / | / | / | / | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 | 2 |
| II | 1 | 2 | 3 | / | / | / | / | 1 | 3 | 4 | 2 | 5 | 7 |
| III | 4 | 1 | 5 | | | | | 1 | 1 | 2 | 5 | 2 | 7 |
| IV | 1 | 0 | 1 | | | | | 2 | 1 | 3 | 3 | 1 | 4 |
| V | 2 | 4 | 6 | | | | | 4 | 3 | 7 | 6 | 7 | 13 |
| I-V | **8** | **8** | **16** | | | | | **8** | **9** | **17** | **16** | **17** | **33** |
| VI | 4 | 1 | 5 | | | | | | | | 4 | 1 | 5 |
| VII | 1 | 1 | 2 | | | | | | | | 1 | 1 | 2 |
| VIII | 6 | 1 | 7 | | | | | | | | 6 | 1 | 7 |
| IX | 2 | 0 | 2 | | | | | | | | 2 | 0 | 2 |
| VI –IX | **13** | **3** | **16** | | | | | | | | **13** | **3** | **16** |
| I-IX | **21** | **11** | **32** | | | | | **9** | **9** | **18** | **29** | **20** | **49** |

**П Р Е Г Л Е Д**

На вкупниот број на опфатени ученици во I-во одд.и наставници во учебната 2025/2026 г.

Табела бр.2

| Наставен јазик | Број на ученици | Број на паралелки | Број на наставници |
|---|---|---|---|
| Македонски | 1 | 1 | 1 |
| Албански | 1 | 1 | 1 |
| Турски | / | / | / |
| Српски | / | / | / |

## П Р Е Г Л Е Д

На наставен кадар во учебната 2025/2026 год.

Табела бр.3

| Наставен кадар | Одделенска настава | | | | | Предметна настава | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | проф | наст | учит | неоф | Се | проф | наст | учит | Неоф | Се | |
| Македонски ј | 2 | / | 3 | / | 5 | 11 | 1 | / | / | 12 | 17 |
| Албански ј | 1 | 3 | / | / | 4 | | | | 1 | 1 | 5 |
| Турски | | | | | | | | | | | |
| Српски | | | | | | | | | | | |
| ВКУПНО | 3 | 3 | 3 | / | 9 | 11 | 1 | / | 1 | 13 | 22 |

## П Р Е Г Л Е Д

На раководен кадар и педагошко психолошка служба во учебната 2025/2026 год

Табела бр.4

| Работно место | Завршено образование | | Работен стаж | Работно искуство како директор,педагог,психолог, социолог |
|---|---|---|---|---|
| | ВСС | ВС | | |
| Директор | 1<br>1 | /<br>/ | 15<br>5 | 3г.<br>0г. |
| Педагог | / | / | / | / |
| Психолог | 1 | / | 11 | 11г. |
| Социолог | / | / | / | / |

## П Р Е Г Л Е Д

На отпишани ученици во учебната 2025/2026 г.

Табела бр.5

| Одделение / Наст.јазик | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Албански | / | / | / | / | 1 | / | / | / | / |
| Вкупно | / | / | / | / | 1 | / | / | / | / |

## П Р Е Г Л Е Д

На изостаноци во учебна 2025/2026 год.

Преглед бр.6

| Наставен јазик | Одделение / Вид | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Се | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | Оправдани | / | / | 32 | / | / | 37 | 4 | 50 | 21 | 144 | **144** |
| | Неоправдани | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | |
| | Се | / | / | 32 | / | / | 37 | 4 | 50 | 21 | **144** | |
| Албански јазик | Оправдани | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | |
| | Неоправдани | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | |
| | Се | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | |

## П Р Е Г Л Е Д

На поведение на учениците во учебната 2025/2026 год.

Табела бр.7

| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 2 | 7 | 7 | 4 | 13 | 5 | 2 | 7 | 2 | 49 |
| Добро | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| незадоволително | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

39+16

## П Р Е Г Л Е Д

На опфат на ученици со продолжен престој во учебната 2025/2026 год.

Табела бр.8

| Наставен јазик | Целодневен престој | | | Дневен престој | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | групи | ученици | наставници | групи | ученици | наставници |
| Македонски | / | / | / | / | / | / |
| Албански | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно | / | / | / | / | / | / |

## П Р Е Г Л Е Д

На вкупниот број на одржани часови во ДОПОЛНИТЕЛНА настава во првото полугодие од учебната 2025/2026 година на МАКЕДОНСКИ наставен јазик
( II-V ) одд.

Табела бр.8

| | Одд | | Одд | |
|---|---|---|---|---|
| | II | III | IV | V |
| ДОПОЛНИТЕЛНА Македонски наставен јаз | 180 | 108 | 72 | 144 |

## П Р Е Г Л Е Д

На вкупниот број на одржани часови во ДОДАТНА настава во првото полугодие од учебната 2025/2026 година на МАКЕДОНСКИ наставен јазик
( II-V ) одд.

Табела бр.8

| | Одд | | одд | |
|---|---|---|---|---|
| | II | III | IV | V |
| ДОДАТНА Македонски наставен јаз | 36 | 36 | 0 | 0 |

## П Р Е Г Л Е Д

На вкупниот број одржани часови во ДОПОЛНИТЕЛНА настава во првото полугодие од учебната 2025/2026 година на АЛБАНСКИ наставен јазик
( II-V ) одд.

Табела бр.8

| | Одд | | Одд | |
|---|---|---|---|---|
| | II | III | IV | V |
| ДОПОЛНИТЕЛНА Албански наставен јазик | 71 | 38 | 70 | 70 |

## П Р Е Г Л Е Д

На вкупниот број на одржани часови во ДОДАТНА  настава во првото полугодие од учебната 2025/2026 година на АЛБАНСКИ наставен јазик
( II-V ) одд.

Табела бр.8

| | Одд | | одд | |
|---|---|---|---|---|
| | II | III | IV | V |
| ДОДАТНА Албански наставен јазик | 72 | 32 | 74 | 71 |

- **Додатна и Дополнителна настава се евидентира во е-дневникот како *Други активности* во согласност со новата концепција за основно образование.**

## П Р Е Г Л Е Д

